УЧЕБНИК

ИСТОРИЈА И ОПШТЕСТВО 6

ЗА ШЕСТО ОДДЕЛЕНИЕ ВО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

Проф. д-р Војислав Саракински
Проф. д-р Стефан Пановски
Проф. д-р Ванчо Ѓорѓиев
Ивица Гиевски
Д-р Коле Павлов
Д-р Пеце Трифуновски

ИСТОРИЈА И ОПШТЕСТВО 6, учебник за шесто одделение во основно образование
Авторски права © 2025 Арс Ламина

Издава
Арс Ламина – публикации, Скопје 2025

Уредник
Бранка Бугариска

Автори
Проф. д-р Војислав Саракински
Проф. д-р Стефан Пановски
Проф. д-р Ванчо Ѓорѓиев
Ивица Гиевски
Д-р Коле Павлов
Д-р Пеце Трифуновски

Стручна редакција
Д-р Ненад Марковиќ, редовен професор на политички студии, Правен факултет „Јустинијан први", Скопје
Д-р Билјана Гичевски, наставник по географија
Пане Перуновски, наставник по географија
Игорче Дунимаглоски, наставник по историја

Јазична редакција
Васка Чоневска

Дизајн
Pointer Creative Agency

Графичко и техничко уредување
Арс Ламина – публикации

Печати
Бранко Гапо - графичко производство, Скопје 2025

Тираж
14.500

Сите права се задржани. Ниту еден дел од оваа книга не смее да биде препечатуван или пренесуван во каква било форма или со какви било средства, електронски или механички, вклучувајќи и фотокопирање, документирање или да биде зачуван во систем за повторно пронаоѓање без писмена согласност од издавачот.

Овој учебник е одобрен за употреба во основно образование, со Одлука за одобрување и употреба на учебник по наставниот предмет Историја и општество за VI одделение во основно образование број 26-915/1 од 22.08.2025, Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија.

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски", Скопје

373.3.016:93/94:363.3(075.2)=163.3

ИСТОРИЈА и општество 6 : учебник за шесто одделение во основно образование / Војислав Саракински ... [и.др.].- Скопје : Арс Ламина – публикации, 2025. - 214 стр. ; 29 см

Други автори: Стефан Пановски, Ванчо Ѓорѓиев, Ивица Гиевски, Коле Павлов, Пеце Трифуновски

ISBN 978-608-259-339-5

1. Саракински, Војислав [автор] 2. Пановски, Стефан [автор] 3. Ѓорѓиев, Ванчо [автор] 4. Гиевски, Ивица [автор] 5. Павлов, Коле [автор] 6.
Трифуновски, Пеце [автор]

COBISS.MK-ID 66736133

ПРЕДГОВОР

Драги ученици,

Пред вас е учебник што ќе ве води низ три подрачја – историјата, географијата и граѓанското образование. Овие области се различни, но поврзани, и заедно ќе ви помогнат подобро да го разберете светот околу вас – како настанал, како изгледа, и каква улога имате вие како млади граѓани во него.

Преку историјата ќе патувате низ времето и ќе откриете како живееле луѓето во минатото, кои биле најголемите цивилизации и што можеме да научиме од нив. Ќе запознате антички народи, кралеви, обични луѓе и важни настани што го промениле светот. Со географијата ќе ги истражувате природните богатства, земјите, реките и планините, ќе разберете како луѓето живеат во различни краишта на планетата. А преку граѓанското образование ќе разговараме за вредности како што се правдата, правата, слободата и одговорноста – за тоа што значи да бидеш активен, одговорен и храбар млад граѓанин.

Учебникот е збогатен со прашања за размислување, активности за истражување, интересни факти и илустрации што ќе го направат учењето покреативно и поинтересно. Секој дел е внимателно осмислен за да ве поттикне не само да учите, туку и да поставувате прашања, да споделувате идеи и да ги поврзувате знаењата со секојдневниот живот.

Вашето патување низ минатото, просторот и општеството започнува сега. Ви посакуваме успех во учењето, многу љубопитност и многу нови откритија!


Авторите

КАКО СЕ КОРИСТИ ОВОЈ УЧЕБНИК

Учебникот покрива содржини од три подрачја:

историја
географија
и
граѓанско образование.

Секое подрачје е јасно издвоено со посебна боја.





Вовед во темата

Овој дел кратко те запознава со темата што ќе ја изучуваш. Ќе дознаеш за она што ќе читаш, зошто е важно тоа, и ќе те подготви за полесно совладување на содржините што следуваат.

Содржини

Листа на содржини опфатени во темата.

На крајот од оваа тема ќе можеш...

Овде се наведени работите што ќе ги научиш кога ќе ја завршиш лекцијата.

Основна содржина

Ова е најважниот дел од учебникот. Тука се наоѓа главниот текст од кој ги учиш содржините од историја, географија и граѓанско образование.



Речник

Во речникот се објаснети поимите што може да ти бидат нови или потешки за разбирање.

Знаеш ли дека?...

Овој дел содржи интересни факти и дополнителни информации поврзани со темата.

Лицата на историјата

Приказни на важни историски личности што се поврзани темата.

Од делата на старите писатели

Извадоци од стари историски извори и текстови. Тие ти покажуваат како тогашните луѓе гледале на настаните.



Дознај повеќе

Дополнителни објаснувања или податоци кои ќе ти помогнат да го прошириш своето знаење за темата.



Истражи

Предлози за активности, проекти или прашања кои бараат подлабоко размислување или дискусија.

Размисли

Прашања кои поттикнуваат да размислуваш подлабоко за тоа што си го научил. Тука е важно твоето мислење, твоето разбирање и твојата способност да поврзеш различни идеи.

Запомни

Кратко резиме на најважните информации од лекцијата. Добро е да го прочиташ пред повторување.

Провери колку научи

Прашања на крајот од лекцијата кои ти помагаат да провериш колку ги имаш совладано содржините. Подготвуваат за тестирање и проверка на знаење.





Проширен речник

Ова е проширен речник со објаснувања за зборови и поими што можеби не ти се познати. Се наоѓа на крајот од учебникот и можеш да се вратиш на него кога и да ти затреба.

СОДРЖИНА

Тема I: Вовед во историјата 8
I.1. Историјата и нејзиното значење 10

Тема II: Праисторија 16
II.1. Првите човечки заедници 18
II.2. Верувањата и уметноста на праисториските луѓе 22

Тема III: Најстарите цивилизации 26
III.1. Првите држави 28
III.2. Животот во најстарите цивилизации 32
III.3. Културата на најстарите цивилизации 36

Тема IV: Балканот во стариот век 42
IV.1. Најстарите кралства во Европа 44
IV.2. Светот на грчките полиси 48
IV.3. Македонското Кралство 52
IV.4. Илирите и нивните кралства 57
IV.5. Тракијците и Одриското Кралство 61
IV.6 Времето на Александар 65
IV.7 Наследниците на Александар 71
IV.8 Балканските општества во стариот век 75
IV.9 Светот на античките богови 79
IV.10. Жаришта на науката и културата 82

Тема V: Стариот Рим 88
V.1. Стариот Рим 90
V.2. Римското Царство 94
V.3. Римското општество 98
V.4. Секојдневниот живот во Рим 102
V.5. Римската култура и уметност 106
V.6. Религијата во римско време 110
V.7. Појавата на христијанството 114

Тема VI: Ориентација во географскиот простор 120
VI.1. Земјата на глобус и географска карта 122
VI.2. Размер и видови размер 125
VI.3. Видови географски карти 128
VI.4. Географска/картографска мрежа, изохипси и картографски знаци 131
VI.5. Географска ширина и географска должина 134
VI.6. Ориентација во просторот 137
VI.7. Земјина ротација и Земјина револуција 140
VI.8. Месно време, часовни зони и датумска граница 143

Тема VII: Географија на медитеранските земји 148
VII.1. Географска положба и регионален преглед на Медитеранот 150
VII.2. Балкански Полуостров и Источноевропски субрегион на Медитеранот 153
VII.3. Аленински Полуостров и Француското медитеранско приморје 156
VII.4. Пиринејски Полуостров 159
VII.5. Медитеранска Африка и Азија 162
VII.6. Природно-географски карактеристики на медитеранските земји 165
VII.7. Клима, хидрографија, растителен и животински свет 168
VII.8. Население и населби на медитеранските земји 172
VII.9. Јазици, религии, храна и архитектура 175
VII.10. Стопанско-географски карактеристики 179
VII.11. Туристички места и културни знаменитости 182

Тема VIII: Демократија и закони 188
VIII.1. Демократија и демократско уредување 190
VIII.2. Видови демократија 193
VIII.3. Демократски избори 196
VIII.4. Поделба на власта 199
VIII.5. Владеење на правото 202
VIII.6. Принципи на добро владеење 205

Речник на нови и на помалку познати зборови 211

ВОВЕД ВО ИСТОРИЈАТА



Вовед

Историјата е сведоштво за човечката цивилизација и огледало на искуствата што ја обликувале нашата култура и општество. Таа ги проучува настаните, појавите и промените што се случувале низ вековите, од најраните човечки заедници до денес. Со истражување на историските извори, како што се документи, артефакти и народни преданија, историчарите ја откриваат вистината за минатото и создаваат слика за животот на нашите предци. Историјата нè учи да ги разбереме нашите корени и да извлечеме поуки од искуствата на минатите генерации, градејќи поцврста врска меѓу минатото и сегашноста.



СОДРЖИНИ

- I.1. Историјата и нејзиното значење
- Провери колку научи

На крајот од оваа тема ќе можеш:

- ✓ да ја објаснуваш важноста од учење на историјата како наставен предмет;
- ✓ да ги класифицираш и споредуваш историските извори според нивната веродостојност и да ја проценуваш нивната важност за историјата како наука;
- ✓ да ја објаснуваш поделбата на историјата и да ги споредуваш главните одлики на историските периоди;
- ✓ да ги споредуваш начините на сметањето на времето во минатото и денес и да пресметуваш временски периоди;

...и ќе развиеш почитување за историјата како наука и наставен предмет и за нејзината улога во современото општество.



I.1. Историјата и нејзиното значење

ПРЕДМЕТ И ЗАДАЧА НА ИСТОРИЈАТА

Во секојдневниот живот често го слушаме зборот **историја**. Овој збор го означува сето она што се случило во минатото: минатите настани, појави и промени во животот и во дејноста на луѓето.

Историја се нарекува и науката што го проучува минатото, од настанокот на човекот до денес. Историската наука ги проучува минатите настани и појави, ги споредува, ги објаснува и ги открива нивните меѓусебни врски. Историската наука уште се нарекува и **историографија**. Пред повеќе од 2500 години, грчкиот историограф Херодот го напишал првото историско дело, во кое ги опишал војните меѓу Грците и Персијците. Затоа, уште во старо време бил наречен „татко на историјата".

Научниците кои го проучуваат минатото се викаат историчари. Тие ги проучуваат трагите на луѓето од минатото и преку нив ги откриваат тајните на времето во кое живееле. Историчарите ги објавуваат своите истражувања во книги, списанија, енциклопедии, атласи, на телевизија и на интернет.

Историјата која го истражува и го проучува минатото на целото човештво се вика **општа историја**, а онаа што го проучува минатото на само еден народ или на една држава се вика **национална историја**.

ПОДЕЛБА НА ИСТОРИЈАТА

Минатото на човештвото го делиме на пет големи историски периоди: праисторија, стар век, среден век, нов век и најнов век.

Праисторијата го опфаќа времето од појавата на човекот до пронаоѓањето на писмото и појавата на првите држави. По неа следува **старот век** или **антиката**. Овој период го опфаќа времето од создавањето на првите држави до падот на Западното Римско Царство. Со другите историски периоди ќе се запознаете во следните одделенија.

Минатото го делиме и според материјалот од кој луѓето ги правеле своите алатки и оружјето. Во најстаро време, тие се изработувале од камен, потоа се правеле од бакар, па од бронза, и најпосле од железо. Ваквата поделба ја користат археолозите. Тие ја делат најраната историја на човекот на камено, бакарно, бронзено и железно време.



Музата Клио
Во старогрчката митологија, Клио била муза-заштитничка на историјата. Таа била ќерка на божицата на сеќавањето Мнемосина.

Речник

мит – приказна во која се зборува за богови и за херои.

легенда – приказна за некои далечни случувања или личности, чие постоење не е докажано со сигурни историски извори.

археологија – наука што го проучува минатото на човекот преку материјалните остатоци од старите култури и цивилизации.

локалитет – место на кое се најдени материјални остатоци од минатото и на кое се вршат археолошки ископувања.

ИСТОРИСКИ ИЗВОРИ

Приказните што ги раскажуваат историчарите се темелат врз зачувани траги од минатото. Од луѓето што живееле пред нас останале живеалишта, предмети, документи, писма, фотографии, весници и книги. До нас доаѓаат народни песни, легенди и семејни спомени, кои ни го откриваат нивниот живот во минатото. Сите овие траги од човечката дејност низ вековите се нарекуваат **историски извори**.

Историските извори се делат на **материјални** и **пишани**, а се користат и **усни кажувања**.

Во **материјалните извори** се вбројуваат стари градби, споменици, уметнички дела, покуќнина, оружје, алат, облека, пари, накит, садови и многу други нешта. Материјалните извори се многу важни за проучувањето на најдалечното минато. Со нивното проучување се занимава археологијата.



Материјални извори изложени во музејска поставка

Големите историски периоди прикажани на лента на времето





Археолози ископуваат археолошки локалитет



Сумерска плочка со клинопис

Откако го откриле писмото, луѓето почнале да остават записи за важни настани, мировни договори и закони на камен или на глинени плочки. Подоцна се јавиле и првите книги, а по нив и разни извештаи, летописи, писма и весници. Сите вакви пишани сведоштва се нарекуваат **пишани извори**.

Под усни кажувања се подразбираат легендите, митовите, приказните и песните. Во нив има доста неточности, измислени настани и личности, па историчарите ги користат многу претпазливо.



Египетско хиероглифско писмо

Лицата на историјата



Херодот

Херодот бил грчки историограф кој живеел во V век пр.н.е. Тој бил еден од првите писатели кој запишувал вистински настани од минатото. Патувал на многу места и прашувал многу луѓе за нивните легенди, животи и војни. Во неговата „Историја", тој ни раскажува за големата војна меѓу Грците и Персија, но ни ги опишува и местата што ги посетил, различните култури што ги сретнал и легендите што му ги раскажувале. Некои од овие приказни можеби и не се целосно вистинити, па сепак, денес сè уште го читаме неговото дело за да го разбереме античкиот свет.

СМЕТАЊЕ НА ВРЕМЕТО

Времето што изминало се смета во денови, месеци и години. Време од десет години се вика **деценија**, од сто години – **век**, а време од илјада години – **милениум**.

Луѓето во минатото немале средства за лесно мерење на времето. Тие се ориентирале според светот што го гледале околу себе. Најпрвин ги разликувале само денот и ноќта, а потоа и различните годишни времиња. Така знаеле кога треба да сеат, а кога да жнеат или да ги собираат плодовите.

Народите што ги создале првите цивилизации ги изработиле и првите календари. Некои од нив се воделе по движењето на сонцето, а други – според појавата и движењето на месечината; првите календари ги нарекуваме **соларни**, а вторите – **лунарни**.

Секој народ имал некој значаен настан од кој ги броел годините. Евреите го сметале времето од создавањето на светот, Египќаните – според владеењето на фараоните, Грците – според Олимписките игри, а Римјаните – од основањето на градот Рим. Христијаните го сметаат времето од раѓањето на Исус Христос, а муслиманите – од преселбата на пророкот Мухамед од Мека во Медина.

Денес, во повеќето земји, годините се бројат од раѓањето на Исус Христос. За настаните што се



Клепсидра, грчки часовник на вода, оригинал и реконструкција

случиле пред неговото раѓање, велиме дека се случиле **пред нашата ера** (пр.н.е.) или во **старата ера** (ст.е.). За настаните што се случиле по неговото раѓање, велиме дека се случиле во **нашата** или во **новата ера** (н.е.). Годините пред нашата ера се бројат наназад, од поголемите кон помалите: 120 → 119 → 118 година пр.н.е. Годините од нашата, или новата ера ги броиме нанапред, од помалите кон поголемите, на пример: 2023 → 2024 → 2025 година.



Римски сончев часовник од храмот на Аполон во Помпеи



Сончев часовник во Скопје

Речник

лунарен (месечев) календар – календар во кој должината на месеците зависи од месечевите мени.

сончев календар – календар во кој должината на месеците зависи од положбата на Сонцето во однос на ѕвездите.

Истражи

Какви остатоци од минатото има во твоето место на живеење?

Има ли некој стар предмет во твојот дом или во околината? Како изгледа? За што се користел?

Дали твоите постари роднини (баба, дедо) знаат некое усно кажување за некој настан или личност од минатото?

Размисли и одговори

1. Зошто најстарите материјални извори се наоѓаат под земја?
2. Зошто се вели: „Историјата е учителка на животот"?
3. Што можеме да научиме за денешниот живот преку настаните од минатото?
4. Што би сакал луѓето во иднината да знаат за времето во кое ти живееш?

Запомни


- Историјата ги проучува случувањата и промените во животот на луѓето во минатото.
- Минатото се проучува со помош на историски извори: материјални, пишани и усни.
- Историјата на целото човештво се вика општа историја, а историјата на само еден народ или една држава се вика национална историја.
- Историјата се дели на пет големи периоди: праисторија, стар век, среден век, нов век и најнов век.
- Историското време го сметаме според раѓањето на Исус Христос. Настаните пред неговото раѓање ги нарекуваме пред нашата ера (пр.н.е.), а настаните по неговото раѓање – во нашата ера (н.е.).

ПРОВЕРИ КОЛКУ НАУЧИ

I.1. Историјата и нејзиното значење

1. Што значи зборот „историја" и од кој јазик потекнува?
2. Зошто луѓето започнале да ја проучуваат историјата?
3. Дали сите настани од минатото се дел од историјата? Објасни.
4. Зошто историјата се смета за „учителка на животот"?
5. За кого велиме дека е „татко на историјата" и зошто го добил тоа име?
6. Што се историски извори? Набројте и опишете какви видови постојат.
7. Каква е разликата помеѓу пишан и устен извор?
8. Што се случува кога некој намерно ги уништува историските извори?
9. Која е разликата помеѓу факт и мислење во историски извор?
10. Зошто се вели дека историјата ни помага да ја разбереме сегашноста?

ВРЕМЕНСКА ЛЕНТА



ПРАИСТОРИЈА И СТАР ВЕК

Историски периоди

- ПРАИСТОРИЈА • 3,3 мил–3.000 г.п.н.е.
- СТАР ВЕК (АНТИКА) • 33.000–476 г.н.е.

- СТАРО КАМЕНО ВРЕМЕ (палеолит) • 3,3 мил.–10.000 г.п.н.е.
- МЛАДО КАМЕНО ВРЕМЕ (неолит) • 10.000–3.000 г.п.н.е.
- БАКАРНО ВРЕМЕ (енеолит) • 3.000–2.000 г. п.н.е.
- БРОНЗЕНО ВРЕМЕ • 2.000–1.200 г. п.н.е.
- ЖЕЛЕЗНО ВРЕМЕ • 1.100–500 г. п.н.е.

Најстарите цивилизации

- СТАР ЕГИПЕТ • 3100–31 г. п.н.е.
- СТАР ИСТОК • 2600–330 г. п.н.е.
- КРИТСКО-МИКЕНСКА ЦИВИЛИЗАЦИЈА • 2100–1200 г. п.н.е.
- СТАРА ГРЦИЈА • 1200–338 г. п.н.е.
- СТАР РИМ • 753 г. п.н.е.–476 г.н.е.



Првите темели на демократијата (Солон)
594 г.п.н.е.



Рим станува република (Клејстен)
509 г. п.н.е.



Законите на 12 таблици
451 г.п.н.е.



Филип II станува крал
359 г. п.н.е.



Александар Македонски ја освојува Египет и го основа градот Александрија
331 г.п.н.е



Јулиј Кајсар станува доживотен диктатор
44 г.п.н.е.



Октавијан Август станува првиот римски цар
27 г. п.н.е.

СТАР РИМ

СТАРА ГРЦИЈА


СТАР ИСТОК

СТАР ЕГИПЕТ

0

НОВА ЕРА (н.е.)

СТАР ВЕК



1 год.
Раѓање на Исус Христос



30 год.
Распнување на Исус Христос

313 год.
Милански едикт



ПРАИСТОРИЈА



Вовед

Праисторијата е најдолгиот и најмистериозниот период од човековата историја, кој го опфаќа времето пред појавата на писмото и создавањето на првите држави. Во овој период луѓето живееле како ловци и собирачи, постепено го откривале огнот и создавале примитивни алатки. Развојот на земјоделството и сточарството овозможил основање на првите населби и заедници, каде што луѓето ги обликувале основите на културниот живот и религијата. Уметничките изрази, како пештерските слики и скулптурите, сведочат за стремежот кон изразување и разбирање на светот. Праисторијата е време на учење, откривање и создавање на темелите на човечката цивилизација.





СОДРЖИНИ

- II.1. Првите човечки заедници
- II.2. Верувањата и уметноста на праисториските луѓе
- Провери колку научи

На крајот од оваа тема ќе можеш:

- ✓ да го објаснуваш создавањето на првите човечки заедници и промената од номадски на постојан начин на живот;
- ✓ да го објаснуваш и споредуваш животот на луѓето во каменото и металното време;
- ✓ да ги објаснуваш општествените и стопански промени и секојдневниот живот на луѓето во праисторијата;
- ✓ да ги опишуваш културните, научни и технолошки достигнувања на праисториските луѓе;
- ✓ да ги објаснуваш и споредуваш верувањата на праисториските луѓе.



II.1. Првите човечки заедници

ПОТЕКЛО И НАСТАНОК НА ЧОВЕКОТ

Потеклото на човекот порано се објаснувало преку боговите. Сумерците верувале дека боговите ги создале луѓето од глина за да работат за нив. Грците мислеле дека титанот Прометеј направил еден човек од земја, а божицата Атена му вдишала живот. Христијанството учи дека Господ го создал човекот за да господари со земјата, а според исламот, Алах го создал човекот од земја и му вдишал душа.

Во XIX век, англискиот научник Чарлс Дарвин докажал дека човекот настанал преку еден долг процес наречен **еволуција**. Еволуцијата значи дека во текот на милиони години живите суштества постепено се менуваат и се подобруваат за да можат полесно да преживеат. Низ еволуцијата, полека се менува и нивниот облик, изгледот и особеностите.


Најстарите луѓе живееле пред повеќе милиони години и личеле на мајмуни. Со време, тие почнале да одат на две нозе, а потоа и да користат алатки за да си помогнат во секојдневниот живот. Првите луѓе не знаеле да зборуваат, туку се разбирале со мимики и извици. Разумот и говорот постепено се усложнувале. Говорот бил важен за меѓусебното разбирање и имал голема улога во натамошниот развој на човекот.



Низ еволуцијата, полека се менувале растот, изгледот и способностите на човекот



Луѓето почнале да го одржуваат огнот и да го печат месото што го јаделе



Главни правци на преселбите на првобитните луѓе

Првобитниот човек долго се плашел од огнот и бегал од него. Со време, сфатил дека огнот гре, свети и дека од него бегаат дивите животни. Затоа почнал да го чува и да го одржува. Подоцна научил и сам да пали оган со триење суви дрва или со искри од камен. Со огнот, луѓето можеле да преживуваат и на постудени места, да го печат месото и да ја варат храната.

ПОЈАВА НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И СТОЧАРСТВОТО

Првите луѓе живееле во групи наречени **орди**. Така се чувствувале побезбедни од нападите на животни и други луѓе. Се прехранувале со собирање храна во природата, а откако биле пронајдени лакот и стрелата, и од лов на животни.

Кон крајот на каменото време климата почнала да се менува. Ледниците кои претходно ја покривале земјата останале само на крајниот север. Онаму каде што се повлекле, се појавиле шуми и полјани со разни растенија. Реките создавале плодна почва, на која растеле 'рж, просо и дива пченица.

Луѓето сега можеле сами да произведуваат храна. Најпрвин само ја собирале пченицата, но наскоро научиле и да ја сеат. Почнале да намамуваат стада од диви кози, овци и говеда, полека ги припитомиле и почнале да ги чуваат. Така, од ловци и собирачи, луѓето станале земјоделци и сточари.



Рана земјоделска населба. Луѓето почнале сами да сеат житни култури близу до нивните домови.

ОТКРИВАЊЕТО НА МЕТАЛИТЕ

Додека трагал по камен, човекот ги запознал рудите и научил да добива метали. Така започнало металното време. Металните алатки ги заменile камените, зашто имале попрецизен облик и со нив се работело полесно.

Најпрвин бил пронајден бакарот, но тој бил многу мек, па алатите се виткале. Подоцна луѓето научиле да го мешаат бакарот со калај, за да добијат бронза. Алатите од бронза биле поцврсти и потрајни. Најпосле, човекот го пронашол железото, кое било поцврсто и потрајно од бронзата.

Откривањето на металите овозможило и други откритија, како плугот и ралото, тркалото и колата. Со нив човекот можел да произведува повеќе и да собира вишоци од храна и други производи. Набргу се појавиле и првите организирани човечки населби.

Речник

еволуција – постепено и бавно развивање и менување на живите организми од генерација во генерација.

ПРВИТЕ НАСЕЛБИ

Првобитните луѓе немале постојани живеалишта, туку правеле привремени засолништа. Но, откако се појавило земјоделството, луѓето се врзале за земјата и почнале да градат трајни живеалишта во облик на колиби и земјанки. Над водата граделе колиби на колци, наречени „наколни живеалишта".

Бидејќи се сменил начинот на живот, луѓето веќе не живееле во орди, туку во заедници од роднини, наречени **родови**. Неколку родови правеле **братство**, а неколку братства – **племе**. Сите членови на заедницата биле еднакви, а сè што произведувале било заедничко. Ваквото уредување се нарекува **родовско уредување**.



Трајно живеалиште од младото камено време

ЗАНАЕТЧИСТВОТО И ТРГОВСКАТА РАЗМЕНА

Живеењето во постојани населби било многу корисно за луѓето. Тие ги полнеле своите домови со покуќнина и го складирале родот за да го заштитат од животни.

Знаеш ли дека...

- ... поради својата местоположба и поволните природни услови, Македонија и Балканот биле населени уште во најстаро време? Првите траги од животот на луѓето на овие простори датираат од периодот на старото камено време.
  Тогаш луѓето се занимавале со примитивно земјоделство, сточарство, лов, риболов и грнчарство. Тие имале постојани живеалишта покрај реките, езерата, морето и во низините.
- ... праисториски населби се откриени на повеќе места во Македонија? Остатоци од населби од старо и од младо камено време има кај селото Таринци (Штипско), кај Породин (Битолско), кај Говрлево, Зелениково и Маџари (Скопско), кај Амзабегово (Светиниколско) и на други места. Таму се најдени глинени садови, орудија и оружје. Населби од метално време се откриени на повеќе места во Пелагонија, во Требениште (Охридско), во Бразда (Скопско), Вардарски Рид (Гевгелиско) и на други места.
- ... во Македонија се откриени и наколни живеалишта во Охридското и Преспанското Езеро? Луѓето ги граделе за да се заштитат од напади на дивите животни и од непријателите. Жителите од наколните живеалишта својата храна претежно ја обезбедувале од езерата, ловејќи риби и птици.



Реконструкција на куќа од младото камено време во неолитското село Тумба Маџари, Скопје



Реконструкција на наколно живеалиште во „Заливот на коските" близу Пештани, Охрид



Лицата на историјата

„**Еци**" бил праисториски човек, кој живеел пред повеќе од 5000 години на Ецталските Алпи, меѓу Италија и Австрија. Во 1991 година, двајца планинари го пронашле неговото тело замрзнато во ледник. Бидејќи било замрзнато со милениуми, телото било одлично зачувано. Еци имал тетоважи на телото, а со себе носел разни алатки, дури и лак и стрели. Веројатно бил ловец или овчар. На неговото тело се забележувале повреди, па мислиме дека учествувал во некаква борба пред да почине. Еци е една од најдобро зачуваните мумии од праисторијата. Научниците го проучиле неговото тело и откриле многу нешта за начинот на животот на праисториските луѓе.

Новите житни култури давале богат род и можеле да се чуваат подолго. Од трудот на земјоделците се хранеле и луѓето што не работеле на земјата, туку изработувале предмети за секојдневниот живот.

Така се јавиле првите занаети. Се создавале и усовршувале нови алати, како српот, мотиката и разбојот. Луѓето почнале да прават садови од глина и да ги печат во печка, со што била создадена првата **керамика**. Жените плетеле волна и ткаеле лен и коноп.

Со време, луѓето почнале да го разменуваат вишокот храна и предмети; така се родила **трговијата**. Пред да се појават парите, се тргувало со размена. Но, трупањето на вишокот производи предизвикало разлики меѓу луѓето; општеството се поделило на богати и сиромашни. Луѓето дошле на чекор до појавата на државата.



Трговија со размена: ковач менува секира за коза

Размисли и одговори

1. Зошто говорот бил една од најзначајните придобивки на прачовекот?
2. Како и зошто земјоделството и сточарството ги замениле ловот и собирањето како начин на исхрана на човекот?
3. Каква била улогата на металите во животот на човекот во праисторијата? Какви промени предизвикало нивното откривање?

Запомни

- Човекот настанал низ долг процес наречен еволуција. Со текот на времето, почнал да живее во заедници и да се занимава со земјоделство и сточарство.
- Како што растеле заедниците, луѓето го подобрувале начинот на живот, учеле да обработуваат метали и да живеат во родови, братства и племиња.
- Поради својата местоположба и поволните природни услови, Македонија и Балканот биле населени уште во најстаро време. Остатоци од тој период се пронајдени на неколку археолошки локалитети низ земјата.

II.2. Верувањата и уметноста на праисториските луѓе

ВЕРУВАЊАТА НА ПРАИСТОРИСКИТЕ ЛУЃЕ

Праисториските луѓе не можеле да си ги објаснат природните појави како громот, молњата, дождот, снегот, денот, ноќта и болеста. Тие се плашеле од нив, зашто верувале дека ги предизвикуваат некакви невидливи сили, кои ги замислувале како духови.

Работејќи на земјата, земјоделците сфатиле дека нејзината плодност зависи од природните појави, а најмногу од сонцето и од дождот. Затоа им придавале натприродни својства и ги сметале за божества. Сонцето и Земјата се сметале за извор на животот и се почитувале како највисоки божества, заштитници на плодноста и родот. Луѓето им се обраќале и ги молеле да им исполнат некоја желба или потреба, на пример, да заврне дожд, да огрее сонце или годината да биде родна. Освен Сонцето и Земјата, нашите предци најмногу ја почитувале Божицата-мајка, која ја сметале за прародителка на живиот свет. Во нејзина чест изработувале фигурини на жени од камен, коска или глина.



Праисториските луѓе го сметале сонцето за божество...



... а се плашеле од молњата и грмотевицата како од лош дух

ТОТЕМИ И ЗАДГРОБЕН ЖИВОТ

Праисториските луѓе верувале дека потекнуваат од некое животно и дека нивниот опстанок зависи од него. Таквото верување се нарекува **тотемизам**, според зборот **тотем**, кој значи предок на родот или племето. Починатите прародители и предци се сметале за моќни духови-чувари. Луѓето им упатувале молитви и им принесувале жртви за да ги смират силите на злото и да добијат заштита од добрите божества. Набргу се појавиле и првите свештеници, кои ги изведувале ваквите верски обреди. Тие се сметале за посредници меѓу луѓето и божествата, а им се припишувале и магиски способности.

Првите земјоделци ги погребувале починатите во плитки јами под подот на куќата, или, пак, близу до куќата, во границите на населбата. Живите мислеле дека така ќе ја зачуваат врската со починатите и ќе ја добијат нивната заштита. Во гробовите им ставале предмети што ги користеле во животот – алати, оружје, садови, накит – за да им послужат и по смртта. Кон крајот на каменото време, починатите почнале да се погребуваат на посебни места надвор од населбите; овие места археолозите ги нарекуваат **некрополи**.



Праисториски столб со тотем од локалитетот Гебекли тепе, Турција

ЛИКОВНИ ПРЕТСТАВИ ЗА СВЕТОТ

Нашите предци ги изразувале своите мисли и чувства преку различни облици на уметност. Најпознат вид праисториска уметност се пештерските слики, стари десетици илјади години. Во пештерата Ласко во Франција се насликани коњи, елени и бикови со неверојатни детали и живописни бои, а во пештерата Алтамира во Шпанија се гледаат слики на бизони, елени и диви свињи. Уметникот ги цртал контурите со парче јаглен земено од огништето, а потоа ги боел фигурите со жолта или црвена глина измешана со животинска маст. Сцените ја претставувале најважната дејност на тогашниот човек – обезбедувањето храна; луѓето верувале дека со цртањето на животните што ќе ги ловат, ќе си обезбедат успешен лов.

Праисториските луѓе изработувале и скулптури. Најпозната е една фигурина на крупна жена, најдена кај гратчето Вилендорф во Австрија; археолозите ја



На ѕидовите во пештерите, човекот го претставувал светот што го опкружувал. На илустрацијата, пештерска слика од Ласко, Франција



Работници ги истражуваат пештерските слики во пештерата Алтамира, Шпанија

Речник

дух – замислена, невидлива, натприродна сила.

обред – симболичен чин со верско или духовно значење, кој се изведува по утврден ред.

тотем – предок, зачетник на родот или на племето; столб со приказ на предокот или заштитникот.

некропола – старо гробно место со многу гробови, каде што одамна се погребувале луѓето.



„Адам од Говрлево", дел од фигурина на седнат маж, најдена на локалитетот Церје, с. Говрлево, Скопско



Прочуената фигурина наречена „Венера од Вилендорф"



„Човекот-лав" од Холенштајн, фигурина од слонова коска

нарекле „Венера од Вилендорф“. Има и други слични фигурини, исто така наречени „Венери“; некои се изработени од коска од мамут, а на една од нив уметникот претставил човечко лице. Мошне е позната и фигурата на „Човекот лав“, стара близу 40.000 години.



Венера од Брасемпуи

Лицата на историјата

„Венера од Брасемпуи“ е мала фигурина стара околу 25.000 години. Била откриена случајно, во една пештера во Франција, во 1894 година. Издлабена е од коска од мамут, висока е само околу 4 cm и веројатно била дел од поголема скулптура. На оваа Венера го гледаме првиот обид да се прикаже лице: се забележуваат фини детали како чело, очи и нос, како и шари што можеби претставуваат коса или прекривка за глава. Археолозите не се сигурни што точно претставувала, но можно е да била симбол на убавина или плодност.

Знаеш ли дека...



- ... во Породин и некои други наоѓалишта во Пелагонија се најдени прекрасни остатоци од керамика? Тоа се керамички модели на куќа, над чиј оџак е поставен цилиндричен облик со човечки лик.
- ... во времето на матријархатот, и божествата биле замислувани и претставувани во женски облик? Главното божество од тие времиња е познато како Голема божица-мајка. Во околината на Скопје (Маџари, Говрлево) се пронајдени мали фигури на божицата мајка.

Истражи

Замисли дека и ти си праисториски уметник. Кои бои најмногу ќе ги користиш на твоите слики? Какви сцени ќе претставиш? Со какви животни? Обиди се да насликаш една сцена во стилот на праисториските пештерски слики!

Размисли и одговори

1. Како настанале верувањата кај праисториските луѓе?
2. Зошто луѓето во праисторијата верувале во духови?
3. Што, најчесто, цртале луѓето на ѕидовите од пештерите? Зошто?

Запомни

- Праисториските луѓе не можеле да си ги објаснат природните појави, па ги замислувале како духови и невидливи сили. Тие верувале дека потекнуваат од животно – тоа верување се нарекува тотемизам.
- Најстарите пронајдени уметнички претстави на светот се пештерските цртежи во Ласко (Франција) и Алтамира (Шпанија), како и фигурините „Венера“ и „Човекот лав“.

ПРОВЕРИ КОЛКУ НАУЧИ


II.1. Првите човечки заедници

1. Што значи зборот „еволуција"?
2. Кој научник прв го изнел учењето дека човекот настанал по пат на еволуција?
3. Како се разликуваат религиските и научните објаснувања за потеклото на човекот?
4. Зошто говорот бил важен за развојот на човекот? Замисли како би комуницирал со пријател без зборови, како првобитниот човек.
5. Како човекот научил да пали оган? Објасни зошто огнот бил значаен за преживување.
6. Зошто на почетокот луѓето се плашеле од огнот?
7. Кои биле првите земјоделски култури што луѓето почнале да ги одгледуваат?
8. Како луѓето од ловци и собирачи станале земјоделци?
9. Објасни како припитомувањето на животни го променило секојдневието на праисторискиот човек.
10. Како појавата на металните алатки го олеснила животот?
11. Што се наколни живеалишта?
12. Зошто луѓето престанале да живеат во орди?
13. Како појавата на постојани населби влијаела врз организираниот живот?
14. Што значи трговска размена без пари?
15. Како правеле размена луѓето меѓу себе во старите времиња?
16. Кои се позначајните праисториски наоѓалишта во нашата земја?

II.2. Верувањата и уметноста на праисториските луѓе

1. Зошто праисториските луѓе се плашеле од природните појави?
2. Објасни зошто Сонцето и Земјата се сметале за божества.
3. Што претставува Божицата мајка и зошто била важна за луѓето?
4. Какви фигурини изработувале луѓето во чест на божествата?
5. Што е тотемизам?
6. Зошто луѓето верувале дека потекнуваат од животни?
7. Кои биле улогите на свештениците во заедницата?
8. Зошто им принесувале жртви на духовите или божествата?
9. Што покажува обичајот да се погребуваат починатите во или до куќата?
10. Како се нарекуваат посебните места за погребување надвор од населбата?
11. Објасни како настанувале пештерските слики. Зошто луѓето ги цртале животните што ги ловеле?
12. Кои животни се прикажани во пештерата Ласко?
13. Каде се наоѓа пештерата Алтамира и што е насликано во неа?
14. Зошто уметничките дела од тоа време имале магиско значење?
15. Какви откритија се откриени во Пелагонија и што претставуваат тие?

НАЈСТАРИТЕ ЦИВИЛИЗАЦИИ



Вовед

Најстарите цивилизации настанале покрај големите реки, каде што поволните услови за живот овозможиле брз развој на земјоделството и трговијата. Месопотамија, Египет, Индија и Кина се меѓу првите центри на човечката култура, каде што се појавиле писменоста, уредувањето на државите и религиозните системи. Овие древни општества создавале величествени архитектонски дела, како пирамидите и зигуратите, и развивале научни знаења во областа на математиката и астрономијата. Преку писмени извори и археолошки наоди, денес ги откриваме нивните начини на живот, верувања и достигнувања кои оставиле траен печат во светската историја.





СОДРЖИНИ

- III.1. Првите држави
- III.2. Животот во најстарите цивилизации
- III.3. Културата на најстарите цивилизации
- Провери колку научи

На крајот од оваа тема ќе можеш:

- ✓ да ги именуваш најстарите цивилизации и да објаснуваш кога и каде настанале;
- ✓ да го објаснуваш создавањето на градовите држави во Месопотамија и создавањето на првите кралства и империи;
- ✓ да го објаснуваш развојот на египетската цивилизација и нејзиното влијание на подоцнежните цивилизации;
- ✓ да го опишуваш општественото уредување и секојдневниот живот во најстарите цивилизации;
- ✓ да ги споредуваш и да ги објаснуваш верувањата и религиите на народите во Месопотамија и Египет;
- ✓ да ги опишуваш културните, научните и технолошките достигнувања во најстарите цивилизации;

...и ќе развиеш почитување за најстарите цивилизации како дел од светското културно наследство.



III.1. Првите држави

Животот на луѓето станувал сè побогат и посложен, па тие почувствувале потреба да се здружат во поголеми заедници. Првите држави се создале во Месопотамија и Египет, места со најповолни природни услови. Набргу се јавиле држави и во Мала Азија, како и на брегот на Средоземното Море. Целата територија на која се појавиле првите држави ја нарекуваме **Стар Исток**.

ДРЖАВИТЕ ВО МЕСОПОТАМИЈА

На југот на Месопотамија живееле Сумерците. Во IV милениум пр.н.е., тие почнале да создаваат вистински градски населби – Ур, Урук, Лагаш, Нипур и многу други. Секој од овие градови имал свој бог-заштитник и главен храм, во кој го почитувале. Во време на мир, за храмот се грижел градскиот управник, а во војна се избирал војсководец. Градовите постојано војувале меѓу себе за плодна земја и за контрола врз каналите за наводнување.

Во III милениум пр.н.е. во Месопотамија се населиле Акадјаните. Околу 2350 година пр.н.е., акадскиот крал Саргон прв ја обединил Месопотамија во една голема држава. Акадското Кралство траело околу 150 години, а потоа згаснало поради нападите на некои воинствени племиња. Дотогаш, сумерскиот јазик веќе престанал да се зборува, а сумерската и акадската култура се слеале во една.

На почетокот на II милениум пр.н.е. во Месопотамија бил основан градот **Бабилон**. Бабилонскиот крал Хамураби многу ги раширил границите на своето кралство и го уредил со строги закони. Во времето



Изглед на градот Ур, уметничка реконструкција

Речник

држава – организирана општествена заедница на луѓе кои живеат на одредена територија, на која има органи на власта, закони и војска.

храм – посебна градба во која се почитуваат еден или повеќе богови со најразлични обреди.

кралство – држава во која владее еден владетел – крал или кралица.

цивилизација – развиена човечка заедница, со значителни достигања на полето на науката, културата и уметноста.

фараон – титула на кралевите на Египет.

град-држава – мала држава создадена околу еден градски центар.



Бронзена глава на старосточен крал. Историчарите сметаат дека го претставува Саргон, кралот на Акад



Делот од Стариот Исток, на кој најрано се појавиле земјоделството, градовите и првите држави, е познат и како „Плодна полумесечина"

на Хамураби цутеле занаетите и трговијата, а Бабилон станал центар на Месопотамија.

Подоцна местото на Бабилон го презеле воинствените Асирци. Тие тргувале со сребро, бакар, платно и занаетчиски производи. Сепак, најпознати се по новините во војувањето и големите воени успеси. Асирците први ја разделиле војската на родови – пешаци, стрелци, коњаници и борни коли. Со текот на времето, Асирија станала прва светска империја.

СТАРИОТ ЕГИПЕТ

Египетската цивилизација се родила во плодната долина на реката Нил, отсекаде оградена од пустина. Земјата била поделена на два дела. На југ, поблиску до изворот на реката, се наоѓал Горен Египет, а на север, каде што Нил се влева во Средоземното Море, бил Долен Египет.

Топлата клима и излевањето на Нил му подариле на Египет одлични услови за земјоделство. Секоја година реката се излевала и ја збогатувала почвата со плодна тиња. Земјоделците правеле густа мрежа од канали, насипи и брани за да ја задржат водата на нивите или за да ја одведат подалеку од нив. Водата се повлекувала во месец октомври и тогаш почнувало сеењето.



Божиците Ваует од Долен Египет и Нехбет од Горен Египет го крунисуваат фараонот Птолемај VIII со двојната круна на Египет

Првите градови како центри на власта, занаетите и трговијата се појавиле уште во IV милениум пр.н.е. Во нив се развиле многу различни професии – писари, заповедници, војници. Околу 3200 година пр.н.е., Горен Египет успеал да ги покори северните области и да ја обедини целата земја. Првиот крал на обединетото кралство се викал Менес. Престолнина на кралството станал градот Мемфис.

Египетската историја се дели на Старо, Средно и Ново Кралство. Во Старото Кралство кралевите имале огромна власт и граделе величествени пирамиди. Но, кон крајот на овој период, климата се сменила и настапиле суша и глад. Управниците на градовите престанале да го слушаат кралот, почнале да навлегуваат разни освојувачи и кралството пропаднало. Во Средното Кралство се обновила египетската култура и се развивале науките и книжевноста. Но, набргу и тоа се распаднало на неколку држави кои војувале меѓу себе. Египет повторно се обединил во времето на Новото Кралство, кога почнал да освојува и надвор од границите на Африка. Најпознати фараони од ова време биле Тутмозис III и Рамзес II. Во нивно време, во Египет доаѓале богатства од целиот познат свет.

КРАЛСТВА И ИМПЕРИИ

Првите држави во Месопотамија ги нарекуваме „градови-држави" или „градови-кралства", зашто се состоеле само од еден град и неговата околина. Кралот заповедал со војската во време на војна, но немал неограничена власт, туку морал да соработува со граѓаните. Тој се сметал за претставник на боговите, кои му ја дале власта за да владее со народот. Знаци на кралската моќ во Месопотамија биле круната со два рога и кралскиот жезол, а во Египет – двојната круна на Египет.

Во I милениум пр.н.е. се појавил нов облик на државно уредување – **империјата**. Империја е држава со голема територија, создадена со освојување на многу кралства и народи, со која владее еден крал-освојувач. Прва таква држава била Асирската



Асирските стрелци биле едни од најстрашните воини во Стариот Свет

Од старите архиви

„...Ако човек украде имот на богот или на палатата, треба да се убие; оној што го зел или го примил украденото, исто така треба да се убие. Ако човек украде вол, овца, магаре, свиња или чамец што му припаѓале на богот или на палатата, треба да го плати триесетпати поскапо; ако украденото му припаѓало на обичен граѓанин, тогаш треба да го надомести десетпати поскапо. Ако крадецот нема со што да плати, тогаш треба да се убие. Ако некој го повреди окото на друг човек, треба да му се повреди и неговото око..."

– од Законикот на Хамураби (околу 1750 година пр.н.е.)





Хатшепсут
(1479-1458 пр.н.е.)

Лицата на историјата

Понекогаш се случувало на фараонскиот престол во Египет да седне жена. По смртта на фараонот Тутмозис II, власта ја презела неговата жена **Хатшепсут**. Таа ги носела сите владетелски ознаки на власта, како круната и лажната брада, за да го зацврсти својот углед и да обезбеди послушност од поданиците. Не сакала да војува, туку градела храмови и ја уредувала државата. По нејзината смрт, еден од нејзините наследници заповедал да ѝ го избришат името од сите споменици. Но, историјата сепак го зачувала сеќавањето на нејзините дела.

империја. Силната асирска војска успеала да ја освои цела Месопотамија, па дури и делови од Египет. Малку подоцна, своја империја создал и Бабилон. Таа се протегала низ цела Месопотамија, Сирија и Палестина, а нејзин најголем крал бил Набукодоносор II. Набргу по неговата смрт, бабилонската држава била освоена од Персија, последната голема империја на Стариот Исток. Во IV век пр.н.е., и Персија била освоена од Александар III Македонски.



Бабилон во време на кралот Набукодоносор II. На сликата се гледа прочуената порта на божицата Иштар (уметничка реконструкција).

Размисли и одговори

1. Погледни ја картата на Стариот Исток. Што мислиш, дали народите на Стариот Исток имале меѓусебни врски? Дали влијаеле едни на други?
2. Веќе учевме за првите човечки заедници. Спореди ги знаењата за нив, со оние за староисточните држави. Размисли колку се разликува нашето знаење за овие два периоди. Зошто?
3. Размисли за сличностите и разликите меѓу градовите-држави, кралствата и империите. Кои се поголеми? Кои од нив се управуваат полесно?

Запомни

- Првите градови-држави се појавиле во Месопотамија и Египет. На чело стоел владетел или крал, а во Египет фараон.
- Сумерците во IV милениум пр.н.е. ги создале првите вистински градски населби: Ур, Урук, Лагаш, Нипур итн. Саргон, кралот на Акад, ја обединил Месопотамија во голема држава.
- Египетската држава се развила по течението на реката Нил, чија плодна почва создала услови за развој на египетската цивилизација.

III.2. Животот во најстарите цивилизации

ОПШТЕСТВОТО ВО МЕСОПОТАМИЈА И ЕГИПЕТ

Најголеми права во Месопотамија имале кралот и неговите благородници, кои располагале со големи земјопоседи и други богатства. Особено се почитувале писарите, кои служеле во палатата, во храмовите и во војската. Најбројна била групата слободни граѓани, во која влегувале луѓето со мали имоти и стада, занаетчиите и ситните трговци. Робовите немале ниту имот, ниту човечки права.

На врвот на општеството во Египет стоел фараонот. Тој бил господар на целата земја и имал огромни имоти. Во секоја област имало управник кој се грижел за земјоделството, даноците и војската. Веднаш под управникот биле луѓето со посебни знаења и вештини – писарите, занаетчиите, трговците и војниците. И тука најугледни биле писарите, кои ја мереле земјата, запишувале податоци и пресметувале даноци. Земјоделците биле слободни луѓе, со личен имот, семејства и права. Благородниците поседувале стотици робови кои работеле на нивните стопанства.

СЕКОЈДНЕВНИОТ ЖИВОТ НА ЛУЃЕТО

Жителите на Месопотамија главно се занимавале со земјоделство и со сточарство. Во градовите живееле


Речник

религија – верувањето на човекот во бог или богови; систем од верувања и обреди за почитување на боговите.

мумија – тело на покојник, обработено со средства за зачувување на телото.



Месопотамски релјеф со сцена на гозба: се јадат риби, јагнешка и зеленчук, се пие пиво, а најдолу се претставени свирач на лира и пејачка



Во месопотамските села живееле земјоделци, сточари, рибари и занаетчии



Египетските благородници поседувале огромни стопанства на кои работеле стотици робови

занаетчии, трговци, разни чиновници, но и благородници и дворјани во служба на кралот. Земјоделците одгледувале јачмен и пченица, а во нивните овоштарници растеле ореви, урми, калинки, лимони и дудинки. Се одгледувале кози, овци, говеда, свињи и шатки. Воловите и магаринјата се користеле за влечење рало и носење товар. Работните обврски важеле за сите, дури и за жените и децата.

Месопотамците се хранеле со јачмен, пченица, разни видови месо и риба, дури и желки и ракови, кои ги наоѓале во каналите. Месо јаделе само за време на големите верски празници. Омилен пијалак им било пивото, кое го правеле од јачмен.



Египетско семејство работи на нива; долу е претставена нивната градина



Египќанец црпи вода од Нил со направа наречена „шадуф". Шадуфот во Египет се користи и во денешно време.

И Египќаните сееле јачмен за леб и пиво. Од зеленчук, одгледувале краставици, праз, лук, кромид и леблебија, а од овошје – урми, смокви и грозје. Одгледувале говеда за работа и како извор на месо. На имотите на богатите луѓе имало градини и овоштарници, но и занаетчиски работилници, ткајачници, фурни, месарници и пивари, во кои работеле многу работници. Слободните граѓани ја добивале платата во јачмен.

Знаеш ли дека...

- жените во Месопотамија имале лична слобода и важни права? Тие можеле да поседуваат имот, многу од нив оделе на училиште, а некои се занимавале и со трговија. Жените од благороднички семејства често станувале свештенички. Таква била Енхедуана, ќерката на кралот Саргон. Таа пишувала песни посветени на различни божества, па ја нарекуваме и прва поетеса во историјата на човештвото.
- во Месопотамија најмногу имало урми? Урмини палми растеле насекаде. Урмите служеле како храна, а од стеблото се правеле мебел, кајчиња и други производи. Плодот се јадел, или пак од него правеле мед и вино.
- прочуената Кеопсова пирамида во Гиза била изградена во XXVI век пр.н.е. во чест на еден малку познат фараон? Пирамидата е висока околу 140 метри, а во неа се вградени 2.300.000 камени блокови, тешки од 2 до 30 тони!



Кеопсова пирамида

Облеката се изработувала од ленено платно. И мажите и жените користеле шминка, а огледалата биле знак на особено богатство. Во слободно време, Египќаните се дружеле на скромни гозби и играле друштвени игри. Една од најомилените игри се нарекувала „сенет".

РАЗВОЈОТ НА НАУКАТА И ТЕХНИКАТА

На Стариот Исток се јавиле првите системи за наводнување, но и многу други изуми, како плугот за орање, дрвените тркала, колата влечена од магариња или волови. Откако биле припитомени коњите, се појавиле и брзите, лесни борни коли.

Првите научни знаења се родиле од потребата на луѓето да си го олеснат животот. За да ја измерат точно земјата, требало да знаат геометрија. Математиката ја користеле во градењето куќи или кога пресметувале површина. Особено важна била астрономијата. Сумерците го набљудувале небото и им ги дале првите имиња на планетите, а Бабилонците ги предвидувале помрачувањата на Сонцето и Месечината. Египќаните ја поделиле годината на 12 месеци и три годишни времиња – поплава, сеење и жетва. Астрономијата и календарот биле мошне важни за земјоделството, зашто луѓето требало да знаат кога да сеат и да садат, а кога да жнеат.

Лекарите од Египет и Месопотамија знаеле да шијат и да превиваат рани, да стават облоги, да запираат крвавење, дури и да прават хируршки операции. Познавале преку 200 природни лекарства од разни растенија. Сепак, кога требало да се лечат болести што не се гледаат со око – на пример, главоболката – тие прибегнувале кон магија.



Египќани премеруваат големина на нива со помош на јаже



Сумерски приказ на видливите созвездија, најден во Нинива

ВЕРУВАЊАТА, ОБИЧАИТЕ И РЕЛИГИЈАТА

Секој град во Месопотамија имал свој бог-заштитник. Заштитник на Бабилон бил богот Мардук, а на Урук – божицата Инана. Многу се почитувала и Иштар, божицата на убавината и на војната. И во Египет се почитувале повеќе богови. Најважни биле богот на Сонцето, Амон Ра, богот на подземјето, Озирис и божицата на убавината, Хатор.

Народите на Месопотамија граделе храмови во облик на високи скалести кули, на чиј врв имало светилиште. Овие скалести кули се нарекувале **зигурати**. Се верувало дека боговите таму слегуваат на земјата, па во светилиштето смееле да влегуваат само свештениците.

Во Месопотамија се верувало дека човечкиот живот е предодреден од судбината и не може да се



Бабилонскиот бог Мардук, приказ на релјеф



Дознај повеќе...

Старите Египќани верувале во задгробен живот и сакале да ги зачуваат телата на починатите. За да ги спречат телата да се распаднат, тие користеле една посебна вештина наречена **балсамирање**. Најпрвин, свештениците ги ваделе внатрешните органи од починатиот и ги ставале во посебни керамички садови. Потоа, го полнеле телото со еден вид посебна сол, за да се исуши. По 40 дена, го миеле телото и го полнеле со ткаенини и зачини, за тоа да го задржи својот облик. Потоа го виткале во многу слоеви ленено платно и го покривале со смола, за да ја задржи цврстината. Вака направената мумија ја ставале во украсен ковчег, наречен **саркофаг**, и ја погребувале во гробница со разни богатства, храна и предмети за задгробниот живот. Така Египќаните ги подготвувале нивните сакани за вечен живот во задгробниот свет.

промени. Египќаните, пак, верувале дека животот продолжува и по смртта, па затоа се труделе да ги зачуваат телата на умрените од распаѓање. Тие пронашле еден процес наречен **балсамирање**, со кој ги правеле познатите египетски мумии.

На Стариот Исток се јавила и првата религија во која постоел само еден бог. Тоа била религијата на старите Хебреи, кои верувале во богот Јахве. Според хебрејските преданија, богот Јахве го создал светот за седум дена. Нивните верски записи се собрани во Стариот завет, кој денес станал дел од христијанската Библија.



Египетскиот бог Амон, цртеж според египетска фреска

Размисли и одговори

1. По што можеле да се разликуваат домовите на богатите луѓе, од оние на сиромашните?
2. Спореди го секојдневието во Месопотамија и Египет. Дали животот на луѓето бил сличен?
3. Набројте кои изуми на Месопотамците и Египќаните ги користиме и денес (на пример, ленената облека). Има ли уште?

Запомни

- Општеството во Месопотамија и Египет било поделено на слоеви. Најмногу права имале кралот и благородниците. Под нив биле слободните граѓани – земјоделци, занаетчии и трговци. Најдолу биле робовите, без имот и права.
- Во најстарите цивилизации се појавиле зачетоците на науките, како геометрија, математика, астрономија и медицина.
- Старите народи верувале во задгробен живот, па Египќаните пронашле начин да ги зачуваат телата на починатите од распаѓање. Со процесот на балсамирање ги создавале познатите египетски мумии. Во гробниците ставале разни богатства и предмети, верувајќи дека ќе им бидат потребни во задгробниот живот.

III.3. Културата на најстарите цивилизации

ПИСМЕНОСТА ВО МЕСОПОТАМИЈА И ЕГИПЕТ

Сумерците го создале писмото во IV милениум пр.н.е. Тоа најпрвин им требало на трговците за да ја бележат стоката со која тргувале. На почетокот се пишувало во облик на слики, но писмото постепено се развивало, па почнале да се користат и знаци што означувале слогови и гласови. Така, со писмото почнале да се изразуваат и посложени мисли.

Во Египет било создадено **хиероглифското писмо**. Во прво време и тоа било сликовно. Но, со вакво писмо не можело да се изрази сè, па поимите почнале да се пишуваат со комбинација од неколку слики: на пример, знаците за куќа, нога и уста, нацртани заедно, значеле „заминувам". Требало да се знаат преку 700 знаци, па луѓето што знаеле да пишуваат биле многу ценети.

Во Сумер се пишувало со трска на влажни глинени плочки, кои потоа се сушеле. Знаците личеле на клинови, па затоа ова писмо го нарекуваме **клинесто писмо**. Во Египет се пишувало на различни материјали, најчесто на камен и на папирус.



Феникиска плочка со алфабетски знаци, X век пр.н.е.

Речник

клинопис – писмо со знаци во облик на клинови, користено во Месопотамија.

хиероглифи – египетско писмо со сликовни знаци.

алфабет – азбука, писмо во кое има еден знак за еден глас.

папирус – првиот материјал за пишување во историјата, изработен од срцевината на растението папирус.

варовник – вид камен кој многу се користел во градежништвото.

гипс – мек бел или сив минерал што се стврднува во допир со вода.

биста – скулптура што ги прикажува само главата, вратот и градите.



Египетски писари претставени на фреска од египетска гробница



Сцена од Асирски релјеф. Зад војсководецот стојат двајца писари – едниот е Асирец и држи табличка на која пишува со клинопис, а другиот е Феникиец и држи парче кожа, на која запишува со алфабетско писмо.



Бистата на Нефертити

Лицата на историјата

Бистата на **Нефертити** е позната скулптура на кралицата Нефертити, сопругата на фараонот Ехнатон. Била изработена пред повеќе од 3000 години во Египет и е прочуена по убавината и деталната изработка. Направена е од варовник, а покриена е со обоена облога од гипс. Кралицата Нефертити е прикажана со долг врат, високи јаболчици и висока сина круна; со тоа уметникот сакал да ја нагласи префинетоста и моќта на кралицата. Бистата ја откриле германски археолози во 1912 година во местото Амарна, а денес се наоѓа во Новиот Музеј во Берлин. Таа е една од најпознатите уметнички изработки на старите египетски мајстори.

Во вториот милениум пр.н.е. Феникијците го измислиле првото гласовно писмо. Во него секој знак претставувал еден глас. Ваквото писмо го нарекуваме **алфабет** или **азбука**. Алфабетот бил полесен и побрз за пишување од другите писма. По неговиот пример настанале речиси сите денешни азбуки.



Училиште во Месопотамија

ОБРАЗОВАНИЕТО, УЧИЛИШТАТА И БИБЛИОТЕКИТЕ

Повеќето луѓе во најстарите цивилизации не знаеле да читаат и да пишуваат, па затоа професијата на писарот била многу ценета. Училиштата во Месопотамија најчесто се наоѓале во храмовите; таму децата учеле читање, пишување и математика. Учењето траело долго, но учениците потоа добивале работа во дворецот или во храмот.

И во египетските храмови имало училишта. Во нив оделе децата на благородниците, кои учеле читање, пишување, математика и геометрија. Учениците најпрвин вежбале на мали парчиња керамика, а потоа и на папирус. Користеле остри дрвени стапчиња натопени во мастило.



Плочки најдени при ископувањето на големата библиотека во Нинива. Денес се чуваат во Британскиот музеј.



Египетско училиште

Дознај повеќе

Папирусот е високо растение слично на трска, кое расте крај брегот на реката Нил во Египет. Папирусот бил едно од најважните растенија во древен Египет. Египќаните го користеле за да го создадат првиот вид хартија, со тоа што го сечеле стеблото на ленти, а потоа нив ги притискале и ги сушеле за да направат листови за пишување. Овие листови се користеле за писма, државни документи, религиозни текстови и цртежи. Папирусот се користел и за изработка на чамци, душеци, корпи, јажиња, дури и сандали. Бидејќи бил лесен и можел да се завитка во свитоци, тој станал клучен дел од египетската култура на пишување и бил многу важен за ширењето и унапредувањето на знаењата.

Благодарејќи на писмото, во Египет и Месопотамија се јавила првата уметничка литература. Се пишувале пофалби на боговите и кралевите, љубовна поезија, приказни и поуки. Секој дворец и храм имал богата библиотека. Во VII век пр.н.е., асирскиот крал Ашурбанипал во градот Нинива ја изградил најголемата библиотека во тогашниот свет. Во неа се најдени преку 25.000 глинени таблички со договори, закони, медицински текстови, митови и поезија.



Накитот на кралицата Пуабѝ, најден во кралските гробници во Ур

УМЕТНОСТА НА МЕСОПОТАМИЈА И ЕГИПЕТ

И уметноста на Стариот Исток била врзана за дворците и храмовите. Се изработувале рељефни претстави и камени плочи кои го славеле кралот и неговите подвизи. Во храмовите стоеле огромни статуи на богови и кралеви, кои се прикажувале со долга

Знаеш ли дека...



- хиероглифското писмо најпрвин имало околу 800 знаци, а подоцна дури 5000? Клинестото писмо, пак, се упростувало: најпрвин имало 1000 знаци, а на крајот само педесетина.
- народите на Стариот Исток пишувале од горе надолу и од десно кон лево? Денешниот начин на пишување, од лево кон десно, го вовеле Грците.
- при раскопувањето на најстариот сумерски град Урук била откриена училница со клупи направени од земјени тули? На клупите имало ученички таблички за пишување, направени од влажна глина. На нив била напишана една реченица од учителот, а учениците ја препишувале многу пати и така вежбале.



Мозаик од Ур на кој е прикажана гозба на кралот и неговите благородници. Долу се слугите кои носат овошје, зеленчук и животни за гозбата.

Речник

фреска – слика што се црта на свеж, влажен малтер на ѕид или на таван.

брада како знак за нивната моќ и високата положба во општеството.

Во египетските гробници имало фрески со сцени од животот на фараонот или од египетската митологија. На овие фрески, живописниот живот во Египет бил прикажан како во стрип. Египетските занаетчии изработувале предмети од дрво, метал и коска, а за благородниците правеле украси од злато и скапоцени камења.

Скулптурите се изработувале од разни материјали, најчесто од варовник. Тие порано биле обоени со живописни бои, но со текот на вековите, бојата избледела. Една од најубавите скулптури на Стариот Исток е бистата на кралицата Нефертити.



Египетска фреска од гробот на писарот Небамун. На фреската е прикажан растителниот и животинскиот свет долж брегот на реката Нил.

Размисли и одговори

1. Каква улога имало образованието на Стариот Исток? Кому му биле потребни образовани луѓе?
2. Спореди ја уметноста на Стариот Исток со денешната. Што мислиш, дали некогашните уметнички дела биле создадени да бидат убави сами по себе, или за да ѝ служат на одредена цел?

Запомни

- Првото писмо кое се појавило кај старите цивилизации било сликовно. Во вториот милениум пр.н.е. Феникијците го создале првото гласовно писмо.
- Со развојот на писмото се проширила и писменоста. Постепено се развивало образованието и се формирале училишта, најчесто во храмови.
- Во градот Нинива, кралот Ашурбанипал изградил голема библиотека со над 25.000 глинени таблички.

ПРОВЕРИ КОЛКУ НАУЧИ

III.1. Првите држави

1. Зошто луѓето почувствувале потреба да се здружат во поголеми заедници?
2. Каде се појавиле првите држави и што означува терминот „Стар Исток"?
3. Како природните услови влијаеле за да се создадат држави?
4. Кои се некои од најпознатите градови на Сумерците и каква улога играл храмот во нив?
5. Кој бил Саргон и зошто е важен за историјата на Месопотамија?
6. Кој бил Хамураби и по што е познат?
7. Какви новини во војувањето вовеле Асирците?
8. Какви биле природните услови за живот и земјоделство покрај Нил?
9. Кој бил првиот крал на обединетиот Египет и која била неговата престолнина?
10. Зошто се изградиле пирамидите? Објасни.
11. Кои биле Тутмозис III и Рамзес II?
12. Што е град-држава и како била организирана власта во нив?
13. Кои биле симболите на кралската власт во Месопотамија, а кои во Египет?
14. Што е империја и зошто Асирија се смета за прва таква држава?
15. Кој ја освоил Персија и кога?
16. Кои се сличностите и разликите меѓу државите во Месопотамија и Египет?
17. Како мислиш дека би изгледал животот во еден град-држава?

III.2. Животот во најстарите цивилизации

1. Каква била улогата на писарите во Месопотамија и Египет?
2. Кој бил на врвот на општеството во Египет?
3. Објасни зошто писарите биле толку ценети во општеството.
4. Со што се занимавале повеќето луѓе во Месопотамија?
5. Кои биле главните земјоделски култури во Египет?
6. Како изгледал животот на слободните граѓани во Египет?
7. Зошто облеката, огледалата и шминката имале посебно значење?
8. Опиши како изгледало секојдневието на едно египетско семејство.
9. Кои важни изуми и технички решенија се јавиле на Стариот Исток?
10. Зошто биле важни астрономијата и календарот за земјоделството?
11. Кои биле придонесите на Сумерците во астрономијата?
12. Наведи три знаења што ги користеле лекарите во Египет и Месопотамија.
13. Што се зигурати и зошто биле важни?
14. Во што се разликувало верувањето за животот по смртта меѓу Египќаните и Месопотамците?
15. Објасни што е балсамирање и која била неговата цел.
16. Кои биле најважните богови во Египет?
17. Што е Стар завет и зошто е важен?
18. Замисли дека си дете во стар Египет. Како би изгледал еден твој ден?

III.3. Културата на најстарите цивилизации

1. Кои биле причините за појавата на писмото на Стариот Исток?
2. Зошто писмото се нарекува „клинесто"?
3. Како се пишувало во Месопотамија, а како во Египет?
4. Што претставувале хиероглифските знаци во египетското писмо?
5. Објасни зошто луѓето што умееле да пишуваат биле многу ценети.
6. Кој народ го создал првиот алфабет?
7. Кои се предностите на алфабетот во однос на другите писма?
8. Кој можел да посетува училиште во Месопотамија, а кој во Египет? Дали училиштата биле отворени за сите?
9. Што учеле учениците во храмовите?
10. Зошто образованието било важно за древните општества?
11. Кој крал ја основал најголемата библиотека и каде?
12. Објасни што можеме да дознаеме од глинените таблички во библиотеката на Ашурбанипал.
13. Како биле претставувани боговите и кралевите со скулптурите?
14. Опиши една разлика меѓу уметноста во Месопотамија и уметноста во Египет.
15. Кои материјали ги користеле уметниците во Египет?
16. Објасни зошто боите на скулптурите избледеле со текот на времето.
17. Што ја прави бистата на кралицата Нефертити посебна?
18. Замисли дека си писар во Месопотамија. Како би изгледал еден твој работен ден?

БАЛКАНОТ ВО СТАРИОТ ВЕК



Вовед

Балканот во стариот век е просторот каде што се развиле значајни цивилизации и култури, кои ја обликувале историјата на Европа. Минојската и Микенската култура на јужните брегови на Балканот оставиле трајни археолошки и културни траги. Грчките полиси, како Атина и Спарта, развиле напредни форми на уредување, уметност, филозофија и наука, кои извршиле огромно влијание врз целиот антички свет. Македонското Кралство со своите прочуени владетели, како Филип II и Александар Македонски, го проширило своето влијание низ целиот познат свет. Покрај нив, Илирија и Тракија исто така играле важна улога во историјата на Балканот. Истражувањето на овие древни општества ни помага да го разбереме сложениот мозаик на народи и култури што го формирале овој регион низ вековите.





СОДРЖИНИ

- IV.1. Најстарите кралства во Европа
- IV.2. Светот на грчките полиси
- IV.3. Македонското Кралство
- IV.4. Илирите и нивните кралства
- IV.5. Тракијците и Одриското Кралство
- IV.6 Времето на Александар
- IV.7 Наследниците на Александар
- IV.8 Балканските општества во стариот век
- IV.9 Светот на античките богови
- IV.10. Жаришта на науката и културата
- Провери колку научи

На крајот од оваа тема ќе можеш:

- ✓ да го објасниш создавањето на градовите-држави во Стара Грција и да ги препознаваш разликите во нивните општествени уредувања;
- ✓ да ги објаснуваш војните на грчките полиси и нивното влијание и значење за Старите Грци;
- ✓ да ги наведуваш територииte каде живеле Илирите, античките Македонци и Тракијците и да ги опишуваш карактеристиките на животот и владеењето во илирските, македонските и тракиските кралства;
- ✓ да ги наведуваш територииte што ги освоил Александар III Македонски и да ги објаснуваш културните влијанија во рамките на неговата империја;
- ✓ да ги споредуваш општественото уредување, стопанскиот и секојдневниот живот на античките балкански народи;
- ✓ да ги опишуваш културните, научни и технолошки достигнувања на античките балкански народи и да го препознаваш нивното влијание во современото општество;
- ✓ да ги објаснуваш и споредуваш верувањата и религиите на античките балкански народи;

...и ќе развиеш почитување за културното наследство на античките балкански народи.




IV.1. Најстарите кралства во Европа

Кон крајот на третиот милениум пр.н.е. се појавила првата цивилизација во Европа. Според местата каде што се најдени најважните археолошки наоди, оваа цивилизација ја нарекуваме **Критско-микенска**.

МИНОЈЦИТЕ И КРИТСКАТА КУЛТУРА

Островот Крит се наоѓа на југот на Егејското Море. Таму имало поволни услови за живот: климата била блага, планините – богати со шуми, а широките рамнини биле погодни за земјоделство и сточарство.

На Крит имало многу градови, кои претставувале независни кралства. Со време, кралот на градот Кнос ја наметнал својата власт над целиот Крит и над соседните острови. Според старите писатели, тој се викал Минос, па затоа оваа цивилизација ја нарекуваме **Минојска** или **Критска** цивилизација.



Реконструкција на палатата во Кнос

Речник

епопеја – долга поетска приказна за големи јунаци, важни настани или митски случки; обично е напишана во стихови и раскажува за храбри дела, војни или патувања.



Минојска фреска од Кнос. Претставена е една од омилените игри на Крићаните – прескокнување биковi, еден вид корида на древниот свет.

Лицата на историјата



Хомер

Хомер бил старогрчки поет, за кого се верува дека ги составил двете најголеми грчки епопеи – „Илијадата" и „Одисејата". Се верува дека живеел пред повеќе од 2.500 години, но никој не знае точно кога. Некои велат дека бил слеп и дека своите приказни ги раскажувал на глас, а луѓето ги помнеле. Во приказните на Хомер се зборува за херои, за богови и за судбината. Во „Илијадата" е раскажан дел од Тројанската војна, а во „Одисејата" – долгото враќање дома на јунакот Одисеј. Иако не знаеме многу за него, Хомер се смета за еден од најважните поети во историјата. Неговите дела сè уште се читаат и се проучуваат.

Криканите пловеле низ целото источно Средоземје. Тие извезувале маслинки, масло, смокви и дрвна граѓа, а увезувале бронза и слонова коска. Така стекнале големо богатство. Културното влијание на Крит се ширело дури до грчкото копно.

На Крит се откриени остатоци од величествени палати со широки сали и прекрасни фрески. Најголемата палата, со преку 300 простории, се наоѓала во градот Кнос. Палатата не била само дом на кралот, туку и центар на трговијата и државните служби. Во средината имало двор, а околу него разни простории – соби за живеење, работилници, складишта и светилиште.

На Крит немало посебни храмови, туку верските обреди се извршувале во палатата. Светилишта имало и во пештерите, како и на врвовите на некои планини.

Кон средината на вториот милениум пр.н.е., Критската култура згаснала и била заменета со **Микенската култура**.



Прочуената „Лавовска порта" – влезот во микенската тврдина

МИКЕНСКАТА КУЛТУРА

Културата на микенските Грци го добила името по градот Микена, еден од нејзините најмоќни центри. Микенците презеле некои достигнувања од Крит, како стилот на



Земјите што ги опфаќала критско-микенската цивилизација и нејзините најважни центри

Знаеш ли дека...

... микенското писмо долго време не било дешифрирано? Него најпосле успеал го да го дешифрира англичанецот Мајкл Вентрис во 1952 година, со помош на неколку соработници. Се покажало дека јазикот на микенските плочки е една многу рана верзија на грчкиот јазик. Вентрис успеал да сфати како се читаат зборовите и што значат. Најчесто, овие записи биле сметки и списоци со храна, оружје и подароци за боговите. Еден од првите научници што го поддржал Мајкл Вентрис и помагал при понатамошното дешифрирање бил Михаил Петрушевски, професор на Филозофскиот факултет во Скопје.



Плочка со Линеарно Б писмо

градба, системот на управување и писмото. Постепено, тие станале голема сила, ги презеле територииte на Крићаните и ја раширile својата култура низ Егејското Море.

Микенците биле вешти војници и трговци кои тргувале со керамика, маслиново масло и метали низ целото Средоземје. Нивните градови-кралства имале масивни камени бедеми. Најпознат споменик на микенското градежништво е Лавовската порта во Микена. Од микенската уметност се зачувани прекрасни златни маски, скапоцен накит и сидни фрески со сцени од секојдневниот живот.



Златна маска од некрополата во Микена

Дознај повеќе

Тезеј и Минотаурот



Во грчката митологија се раскажува дека моќниот Минос, кралот на Крит, сакал да скрие едно страшно чудовиште – Минотаурот, кое имало тело на човек и глава на бик. Затоа, им заповедал на познатиот пронаоѓач Дедал и на неговиот син Икар да изградат огромен лавиринт, толку сложен, што никој што влегол внатре, веќе не можел да излезе.

Секои девет години, луѓето од Атина морале да испраќаат седум момчиња и седум девојки во лавиринтот, каде што Минотаурот ги јадел. Но, еден ден, храбриот Тезеј, синот на атинскиот крал, решил да го убие чудовиштето.

Кога стигнал на Крит, му помогнала Аријадна, ќерката на кралот. Таа му дала клопче со конопец за да го означува патот. Тезеј го убил Минотаурот и со помош на конопот успеал да излезе од лавиринтот. Така ги ослободил Атињаните од страшниот данок.

ТРОЈАНСКАТА ВОЈНА

Според преданијата, околу XII век пр.н.е. микенските Грци го нападнале богатиот град Троја. Овој настан, наречен „Тројанска војна", го опеал поетот Хомер во епопеите „Илијада" и „Одисеја". Во нив Микенците се нарекуваат Ахајци, а името „Илијада" потекнува од старото име за градот Троја – Илион.

Приказната во „Илијадата" вели дека војната почнала поради убавата Елена. Таа се вљубила во тројанскиот принц Парис и избегала од својот маж, ахајскиот крал Менелај. По десетгодишна војна, во која најголем јунак бил Ахилеј, Ахајците успеале да ја освојат богатата Троја. Но, историчарите мислат дека војната започнала поради други причини. Троја била многу богата, зашто контролирала важни трговски патишта. Таа имала лесен пристап до скапоцени суровини – железо, бакар, олово, сребро и злато. Веројатно тоа била вистинската причина за војната.

Кусо време по овие настани, микенската цивилизација згаснала. Богатите градови-кралства исчезнале, писменоста била заборавена, а трговијата запрела. Луѓето им се вратиле на земјоделството и на сточарството. Грција почнала повторно да напредува дури во VIII век пр.н.е.



Оклоп и шлем на микенски војник. Шлемот е изработен од дебела кожа, врз која се зашиени заби од дива свиња.



Според легендата, Ахајците ја освоиле Троја откако скриле војници во еден голем дрвен коњ, кој им го оставиле на Тројанците како подарок

Истражи

Дознај што значат изразите „Ахилова петица" и „јаболко на раздорот" и истражи како настанале. Тие се поврзани со преданијата за Тројанската војна, но се користат и денес.

Размисли и одговори

1. Зошто Хомер не го нарекуваме историограф?
2. Спореди ги објаснувањата за причините на Тројанската војна. Според тебе, која е поверојатната причина?

Запомни

- Најстарата цивилизација во Европа се појавила на островот Крит.
- Микенската култура го презела писмото, управувањето и стилот на градба од Критската култура и постепено го раширила своето влијание низ Егејското Море.
- Во епопеите „Илијада" и „Одисеја", поетот Хомер ја опеал легендарната Тројанска војна.

IV.2. Светот на грчките полиси

Слично на малите градови-кралства во Месопотамија, и градовите во стара Грција претставувале мали држави, наречени „полиси". Полисите ја чувале својата слобода и независност и никогаш не се обединиле во една држава. Најпознати грчки полиси во антиката биле Спарта и Атина.

СПАРТА

Силната војничка држава Спарта се наоѓала на полуостровот Пелопонес. Таа имала едноставно уредување. На чело на државата стоеле два басилеи, кои заповедале со војската. Со државата управувал и Советот на старци, наречен **герусија**. Овој совет објавувал војна, склучувал мир и бил врховен суд во државата. Во Спарта имало и Народно собрание. Во него учествувале сите Спартанци со наполнети триесет години.

Населението на Спарта се делело на три слоја: **спартијати**, **периојки** и **хејлоти**. **Спартијатите** се обучувале за војување и ја имале целата власт во државата. **Периојките** се занимавале со земјоделство, занаетчиство и трговија, плаќале даноци, но немале никакви права и не учествувале во власта. Најбројни биле **хејлотите** – еден вид државни робови. Тие живееле на селските имоти на спартијатите и се занимавале со земјоделство, а приходите од земјата им ги давале на своите господари.

Жените во Спарта биле почитувани од сите. Тие со гордост ги испраќале своите синови во војна. Кога Спартанецот тргнувал во војна, неговата мајка му го подавала штитот со зборовите: „Врати се со него, или на него". Поради цврстото и строго воспитание, Спартанците станале одлични војници, ценети и почитувани во цела Грција и пошироко.



Спартански војник по битка

Лицата на историјата



Леонида

Леонида, басилејот на Спарта, бил еден од најхрабрите војсководци во античката историја. Во битката кај Термопилите, во 480 година пр.н.е., со само 300 спартанци и неколку илјади сојузници се спротивставил на огромната персиска војска на кралот Ксеркс. Иако знаел дека нема да победат, Леонида решил да се бори до последниот здив за да им даде време на другите Грци да се подготват за одбрана. Неговата храброст и жртва ги инспирирале луѓето да продолжат со борбата.

Низ вековите, Леонида станал симбол на храброст, жртва и љубов кон татковината. Тој покажал дека вистинскиот херој не се предава, дури и кога има мошне мали шанси за победа.

АТИНА

Атина се наоѓала на полуостровот Атика, близу до морскиот брег. Во државата влегувале и околните селски населби, па затоа жителите на Атика се нарекувале Атињани.

Населението во Атина се делело на **аристократи** (благородници) и **демос** (граѓани). Аристократите биле угледни граѓани со големи имоти. Во прво време тие ја имале целата власт во државата. Во демосот влегувале селаните, занаетчиите и трговците. Тие биле најбројни, но не учествувале во власта. Робовите не се сметале за население и немале никакви права.

Со атинската држава управувале тројца службеници наречени архонти, кои се избирале секоја година. Имало и Совет на старешини, наречен **ареопаг**, во кој влегувале богатите благородници. Полнолетните мажи учествувале во Народното собрание.


Атинскиот демос постојано барал поголеми права, па аристократите прифатиле да се направат **реформи** – промени во уредувањето на државата. Атина имала двајца големи реформатори: Солон и Клејстен. Со нивните реформи, сите слободни граѓани на Атина добиле право да учествуваат во власта. Во Атина било воведено **демократско уредување** – владеење на граѓаните.

Атинската држава најмногу напреднала во V век пр.н.е., под водство на државникот Перикле. Во негово време, Атина станала економски и културен центар на цела Хелада.

ГРЧКО-ПЕРСИСКИТЕ ВОЈНИ

Најголем воен успех на грчките полиси е победата во Грчко-персиските војни, со која ја одбраниле слободата од големото Персиско Кралство.

Во VI век пр.н.е., Персијците ги покориле грчките градови во Мала Азија. Некои од овие градови кренале востание,



Атинската акропола со храмот на божицата Атена

Речник

басилеј – старогрчки збор кој значи крал или владетел.

реформи – промени или подобрувања што се спроведуваат во некоја држава за таа да стане поправедна и подобро организирана.

демократија – државно уредување во кое сите граѓани учествуваат во носењето одлуки.

Хелада – старото име за територијата на стара Грција, односно за светот на старогрчките градови-држави и нивната култура.

акропола – утврден дел од градовите, најчесто изграден на возвишение или рид. Тие биле одбранбени тврдини, но и административни и верски центри на градовите. Еден пример за ваква акропола е скопското Кале.



Атинскиот државник Перикле држи говор пред граѓаните

во кое добиле помош од слободните грчки полиси, пред сè од Атина. Персискиот крал го задушил востанието и решил да ги казни сите што помагале.

Во 490 пр.н.е., Персијците го минале Егејското Море и се построиле кај местото Маратон близу Атина. Атињаните биле помалубројни, но храбро се бореле за својата слобода и успеале да победат. Персиската војска го напуштила бојното поле и се вратила во Азија. Битката кај Маратон е една од најславните битки во воената историја.

Десет години подоцна, Персијците повторно ја нападнале Грција со огромна војска. Една мала чета Спартанци, предводена од басилејот Леонида, се обидела да ги спречи да минат низ теснецот Термопили. Спартанците храбро се бореле, но загинале до последниот човек. Сепак, во една битка кај островот Саламина, атинската флота успеала да ја победи персиската. По уште една грчка победа кај градот Платаја, персиските чети си заминале од Балканскиот Полуостов и никогаш повеќе не се вратиле.

Речник

(воена) експедиција – воен потфат во кој се испраќа војска на странска територија, со цел да се истражи, да се освои или да се даде поддршка на некои сојузници.



Битка меѓу Грци и Персијци

ПЕЛОПОНЕСКАТА ВОЈНА

Грчките полиси понекогаш се здружувале и создавале силни сојузи. Најпознати биле **Пелопонескиот сојуз**, предводен од Спарта, и **Атинскиот поморски сојуз**, на чело со Атина.

Двата сојуза биле лути соперници, особено во трговијата. Затоа во 431 пр.н.е. започнале војна, која ја нарекуваме „Пелопонеска војна". Таа траела цели триесет години, а во неа учествувала речиси цела Грција. Спартанската војска многупати влегла во Атика, но не можела да ги пробие цврстите бедеми на Атина. Атињаните возвраќале со напади по море и го пустошеле Пелопонез. Тие презеле и голема поморска експедиција против островот Сицилија, но таа завршила со неуспех.

Кон крајот на војната, Спарта успеала да ги порази Атињаните, им ја запленила флотата, го опсадила градот и дошла до конечната победа. Војната завршила во 404 пр.н.е., но во неа немало вистински победници. Таа на учесниците им донела многу страдања, а на грчкиот свет – пустош и сиромаштво.

Знаеш ли дека...

... според една античка приказна, откако Грците победиле во Битката кај Маратон против Персијците, гласникот Федипид трчал 42 km без да застане за да ја донесе веста за победата во Атина? Кога стигнал во градот, извикал „Победивме!" и потоа паднал мртов од замор. Неговиот подвиг бил толку неверојатен што ја инспирирал денешната маратонска трка на Олимписките игри.





Најважните грчки полиси и сојузи во Пелопонеската војна. Со жолто е означена територијата на Атинскиот поморски сојуз, а со црвено – територијата на Пелопонескиот сојуз и Теба, која исто така се борела против Атина

Истражи

Истражи каде и кога се создало Персиското Кралство. Кој бил кралот што ја направил Персија моќна империја? Кои територии ги освоиле Персијците, пред да се судрат со Грците?

Размисли и одговори

1. Зошто спартанската војска важела за најсилна во цела Грција?
2. Спореди ги уредувањата на Атина и Спарта. Обиди се да ги истакнеш главните карактеристики на различните државни уредувања.

Запомни

- Најпознати грчки градови-држави (полиси) биле Атина и Спарта. Спарта била силна воинничка држава управувана од спартијатите, додека Атина, по спроведените реформи, развила демократско уредување. Тие две држави често војувале меѓу себе.
- Во 490 пр.н.е., грчките полиси биле принудени да се обединат и заеднички да се борат против Персијците. Откако ги победиле, грчките градови-држави започнале меѓусебна војна позната во историјата како Пелопонеска војна. Војната завршила во 404 пр.н.е., но во неа немало вистински победници.

IV.3. Македонското Кралство

ТЕРИТОРИЈА И НАСЕЛЕНИЕ

Античка Македонија била земја на планини, реки и плодни рамнини, со одлични услови за земјоделство и сточарство. Најголеми реки биле Аксиј (ден. Вардар), Стримон (ден. Струма) и Еригон (ден. Црна Река), кои ги наводнувале плодните ниви и го олеснувале транспортот на стоки. Преку крајбрежните области, Македонците тргувале со грчките градови, но и со подалечни земји.

Македонија се делела на повеќе области со различни особености. Планинските области во внатрешноста ги нарекуваме **Горна Македонија**, а приморскиот, низински дел – **Долна Македонија**. Западните области биле планински, а кон исток се отворале широки рамнини на кои успевале пченица, јачмен и грозје. Летата биле топли и суви, а зимите – студени и врнежливи.

Македонците биле поделени во повеќе племиња, секое со свој водач и владетелска куќа. Најголеми племиња биле Пајонците, Пелагонците, Линкестите и Орестите. Тие понекогаш се бореле едни против

Речник

династија – низа владетели од исто семејство кои владеат еден по друг; во рамките на една династија, власта се пренесува по наследство, обично од татко на син, или на друг близок роднина.

драхма – грчка мерка за тежина, околу 4,5 грама; така се нарекувала и сребрената монета со иста тежина.

октодрахма – голема сребрена монета која вредела осум атински драхми.

престолнина – главен град на монархија, престолен град.



Најважните области и градови во античка Македонија

Лицата на историјата



Демостен

Демостен бил најславниот атински говорник. Како дете, имал пречки во говорот, но вежбал долго и упорно – дури и зборувал со камчиња во устата за да го подобри изговорот. Тој остро му се спротивставувал на Филип II и верувал дека Атина треба да остане независна. Затоа пред Атињаните одржал повеќе говори, познати како „Филипики", во кои ги предупредувал за сè поголемата закана од македонскиот крал. Подоцна, во времето на Александар, Демостен продолжил да се спротивставува, но најпосле морал да избега од градот. И покрај неуспехот во борбата против Македонското кралство, Демостен останал запаметен како пример за вешт и остар говорник.

други, но и соработувале за да се одбранат од заеднички непријатели. Со текот на времето, сите овие племиња влегле во составот на Македонското Кралство.

КРАЛСТВОТО ДО ВРЕМЕТО НА ФИЛИП II

Обединувањето на македонските племиња започнало во осмиот век пр.н.е. Основач на Кралството бил кралот Пердика I. Негова престолнина бил градот Ајга, на падините на Пиериските Планини. Кралското семејство потекнувало од градот Аргос во областа Орестида, па затоа првата македонска династија се нарекува и **династија на Аргеадите**.

Кралот ја делел власта со Народното собрание. Тоа го прогласувало кралот и решавало за сите државни прашања. Во Собранието влегувале сите Македонци способни да носат оружје. Важна улога имале **хетајрите** – верни придружници на кралот, кои го следеле својот владетел насекаде: во мир, во војна, на лов. Во војската служеле како коњаници.

Наследниците на Пердика I се труделе да ја зацврстат и да ја прошират државата. Најважни подоцнежни кралеви биле Александар I, Пердика II и Архелај.

Александар I владеел во времето на Грчко-персиските војни. Историографот Херодот, кој го спомнува Александар во неколку поглавја, вели дека тој им помагал на Грците во војната против Персија; затоа подоцна бил наречен **Филхелен**, „пријател на Грците". Во времето на Александар I, Македонското Кралство се проширило дури до реката Стримон.

Негов наследник бил кралот Пердика II, кој владеел за време на Пелопонеската војна меѓу Атина и Спарта. Тој учествувал во војната, најчесто на страната на Атина, но неколкупати се борел и заедно со Спартанците. Со неговата вешта политика, Пердика успеал да го зачува Кралството од воените опасности.



Октодрахма на Александар I. Тој е првиот македонски крал кој имал богати сребрени рудници, па затоа и прв ковал монети. Според некои научници, човекот претставен на овие монети е самиот крал.



Фреска со приказ на македонски војник. Во раката држи долго копје, а на главата ја носи познатата македонска капа, наречена „кавсија".

Во времето на кралот Архелај македонската држава доживеала процут. Архелај му се посветил на внатрешното уредување – пробивал патишта, градел тврдини и ја организирал војската. Тој ја префрлил престолнината од Ајга во Пела, која се наоѓала поблиску до средината на Кралството.



Кралската палата во Ајга



Од палатата во втората престолнина Пела не е зачувано речиси ништо

На неговиот дворец во Пела престојувале и работеле познати грчки уметници, писатели и архитекти, меѓу кои бил и атинскиот драмски поет Еврипид. Од времето на Архелај се одржувале и игри во светиот град Диоң, на падините на планината Олимп. Овие игри биле слични на Олимписките.

Знаеш ли дека...

... на само три километри од битолскиот Широк сокак се наоѓа Хераклеја, град основан од Филип II Македонски? Хераклеја, стратешки важен град, била основана на територијата на племето Линкести. Така Филип сакал да ја засили контролата врз областите во Горна Македонија. Сепак, градот го доживеал најголемиот процут во римско време. Денес на локалитетот можат да се видат театар, римска бања, четири базилики, прекрасни мозаици и римски статуи.



ВЛАДЕЕЊЕТО НА ФИЛИП II

Кралот Филип II (359 – 336 година пр.н.е.), бил способен владетел, голем војсководец и мудар политичар. Во негово време, Македонија станала најсилна држава на Балканот.

Филип направил повеќе реформи за да ја зајакне македонската држава, но најважно било воведувањето на прочуената **македонска фаланга**. Фалангата била строј од 16 реда војници, вооружени со многу долги копја, наречени **сариси**. Благодарејќи на фалангата, Филип водел успешни војни против Илирите, Пајонците и Тракијците. Сите тие ја признале неговата власт. Потоа ги покорил и грчките колонии на брегот, како и богатата житница Тесалија.

Кралот Филип вешто ја користел неслогата меѓу грчките градови-држави, кои постојано војувале меѓу себе. Им помагал на едните против другите и така успеал да го прошири своето влијание сè до средна Грција. Ова претставувало сериозна закана за Атина и за другите полиси. Во Атина, населението се поделило на привржаници и на противници на Филип. Едни го сметале за обединител на Грците и сакале да ги поведе во војна против Персија, а други гледале во него најголем непријател. Противниците на Филип ги предводел Демостен, најславниот атински говорник. Тој успеал да убеди неколку полиси да се здружат во сојуз против Македонците.

Последната битка меѓу Филип II и здружената грчка војска се одиграла во 338 година пр.н.е. кај градот Хајронеја. Битката завршила со победа на македонската војска. Во неа особено се истакнал синот на кралот, младиот Александар. Грците морале да ја признаат превласта на Филип II.

Речник

тетрадрахма – сребрена монета која вредела четири атински драхми.

портрет – уметничко претставување на некоја личност, најчесто на лицето или горниот дел од телото.



Фигурина на Филип од слонова коска, можеби единствениот реалистичен портрет на македонскиот крал



Тетрадрахма на Филип II



Влезот во кралските гробници во Аjга, каде што се погребани Филип II и неговиот син Филип III Аридај.



Театарот во Аjга, каде што бил убиен Филип II. Од него не останало речиси ништо, зашто само првиот ред седишта биле од камен, а другите биле дрвени клупи.

По победата кај Хајронеја, Филип II се сретнал со претставници на грчките полиси, со кои се договорил да ги поведе во војна против Персија. Но, смртта го спречила кралот да го заврши овој поход. На самиот почеток на војната, Филип бил убиен на една свеченост во Пела.

Од делата на старите писатели

„Гледајќи дека македонскиот крал е само бебе, Илирите решија да ги нападнат Македонците. Притиснати на бојното поле, Македонците како последен обид го донесоа својот мал крал во неговата лулка и го поставија зад првите редови. Тоа им даде нова сила, како да веруваа дека претходно загубиле само затоа што нивниот владетел не бил со нив. Уште повеќе ги поттикна грижата за беспомошното дете: знаеја дека, ако загубат, нивниот крал ќе падне во рацете на непријателот. Со таа мисла, влегоа во битката со сета сила, ги победија Илирите и покажаа дека не им недостигала храброст, туку само нивниот крал."

– Историографот Јустин ја раскажува легендата за кралот Аероп I

Дознај повеќе



Македонската фаланга била моќна борбена формација развиена од Филип II, а подоцна усовршена од неговиот син Александар. Таа била составена од редови на добро обучени војници. Секој војник имал долго копје наречено „сариса", кое можело да биде долго и до 6 метри – многу подолго од копјата на непријателите. Првите неколку реда ги држеле копјата исправени нанапред и така создавале непробоен ѕид од остри шилци. Редовите зад нив ги држеле копјата свртени нагоре. Војниците носеле и мали штитови, но главна заштита сепак им било тоа што биле збиени еден до друг. Фалангата се движела нанапред како една целина и со помош на долгите копја го пробивала стројот на непријателот.

Размисли и одговори

1. Потсети се како беа уредени хеленските полиси, а како македонското кралство. Има ли сличности? Кои се разликите?
2. Што мислиш, зошто грчките полиси не се обединиле веднаш за да му се спротивстават на Филип?

Запомни

- Пред обединувањето, Македонците биле поделени во племиња како Пајонци, Пелагонци, Линкести и Орести. Пердика I го започнал нивното обединување во VIII век пр.н.е., а прва престолнина била Ајга.
- Под водство на Филип II, Македонија станала најсилна држава на Балканот. Тој создал силна војска – фаланга – и ја победил грчката војска кај Хајронеја во 338 година пр.н.е.

IV.4. Илирите и нивните кралства

ТЕРИТОРИЈА И НАСЕЛЕНИЕ

Илирите го населувале западниот дел од Балканскиот Полуостров. За нив има малку пишани извори, но зачувани се многу археолошки наоди.

Старите писатели ги опишуваат Илирите како високи, силни луѓе и добри војници. Тие живееле во патријархални заедници. Сепак, жените биле мошне ценети, а понекогаш дури и ги предводеле племињата.

Во седмиот век пр.н.е. на илирскиот брег се основале многу грчки колонии. Така Илирите од крајбрежјето биле изложени на грчката култура. За разлика од нив, Илирите во внатрешноста долго им останале верни на старите навики и обичаи. Кон крајот на V век пр.н.е. се појавиле првите градски населби. Тие биле економски, занаетчиски и трговски центри, опкружени со села и земјоделски имоти. Се наоѓале на значајни трговски патишта и биле заштитени со цврсти бедеми.



Најважните илирски племиња и градови

Дознај повеќе

Во 231 година пр.н.е., **илирската кралица Теута** успеала да го освои богатиот град Фојника. Иако наскоро се договорила со жителите и го ослободила градот, ова ги загрижило Римјаните. Во исто време, брзите илирски бродови ги напаѓале и ги ограбувале римските трговци, па изгледало дека Илирија станува закана за римската безбедност.

Римјаните испратиле пратеници за да побараат од кралицата да ги запре грабежите. Таа им одговорила дека, според домашните закони, не може да им забрани на своите луѓе да ги собираат богатствата на морето. Еден млад Римјанин се налутил и извикал дека ќе ја присилат да донесе поинакви закони, зашто Рим ги штити невините, а ги казнува злосторниците. Неговите остри зборови ја навредиле кралицата. Додека пратениците си заминувале, еден од нив бил убиен – можеби по нејзина заповед. Налутени од ова, Римјаните се подготвиле за војна против Теута и нејзиното кралство.



Теута, современа скулптура

ПЛЕМЕНСКИ СОЈУЗИ И КРАЛСТВА

Илирите биле поделени на многу племиња, кои никогаш не успеале целосно да се обединат. Најпознати биле Ардиајците, Таулантите, Делматите и Партините. Според старите писатели, илирско племе биле и Дарданците. На чело на племињата стоеле старешини, кои сакале да останат независни и само понекогаш се обединувале во сојузи. На чело на сојузите стоел заеднички владетел – крал.

Најстарото кралство на Илирите било основано на јадранскиот брег. На чело на оваа силна држава стоел кралот Грабос. Познат илирски владетел бил и



Монета на илирскиот крал Монунај, искована во ковницата на градот Епидамнос



Остатоци од градот Билис



Остатоци од градското собрание во Аполонија

Лицата на историјата



Монета на Гентиј

Кралот Гентиј се трудел на секаков начин да го заштити кралството и својот народ од Рим. За да ја зачува независноста, тој најпрвин се обидел да им биде пријател на Римјаните; но, тие ги поддржувале неговите непријатели и му заробиле дури педесет бродови, со што ги ослабеле неговите сили. Гентиј сфатил дека Рим не е сигурен сојузник, па затоа склучил сојуз со македонскиот крал Персеј. Заедно, тие се надевале дека ќе ѝ се спротивстават на Римската држава, која станувала сè посилна. Сепак, Римјаните биле премногу силни и одлично организирани. На крајот, Гентиј бил заробен и бил однесен во Рим, а неговото кралство паднало под римска власт. Борбата на Гентиј ни покажува колку било тешко помалите народи да се одбранат од поголемите и посилните држави.

Бардилис, кој успешно војувал против Македонија, а загинал на 90-годишна возраст.

Во четвртиот век пр.н.е. кралот Главкија обединил повеќе племиња и создал силна држава. Тој ги покорил богатите крајбрежни колонии Епидамнос и Аполонија. Илирското влијание сè повеќе растело, но Главкија починал, па кралството почнало да слабее.

РИМСКО-ИЛИРСКИТЕ ВОЈНИ

Најпознатото илирско кралство го основале Ардиајците. Нивниот крал Агрон успеал да обедини повеќе племиња и да создаде силна држава со престолнина во градот Скодра. Агрон успешно војувал против Римјаните и Грците. Со својата лесна и брза флота ги напаѓал грчките и римските бродови, но и населбите на копното. Неговите војници ги ограбувале полињата и добитокот од селата, а луѓето ги претворале во робови. По смртта на Агрон, престолот го презела неговата жена, кралицата Теута. Таа успеала уште повеќе да ја прошири државата, па дури и да победи една грчка воена флота.

Римјаните се плашеле дека Илирите набргу ќе станат опасност за Италија. Навистина, кога Теута освоила



Илирски војник

Знаеш ли дека...

... Илирите биле одлични бродоградители? Тие развиле различни типови на пловила – лембос, либурна, либурнска серилија и пристис, кои биле прочуени во античкиот свет.



Илирски лембос

Од делата на старите писатели



Приказ на илирски војници на тока

Двете војски се приближија една до друга и започна страшна битка. Борците трчаа едни кон други со силни извици. Но Илирите не се исплашија. Тие брзо се подредија и направија цврст квадрат за да се заштитат. Битката беше многу тешка и долго изгледаше дека никој не победува. Двете страни беа многу храбри, а многу војници беа убиени или ранети. Во еден момент изгледаше дека Илирите ќе победат, а во друг – дека Македонците се посилни...
Најпосле македонските коњаници нападнаа од страна и од зад грб, додека Филип и неговите најдобри војници продолжија да притискаат од однапред. Илирите почнаа да губат сила и беа принудени да отстапат... Филип со труба им даде знак на своите војници да престанат со прогонувањето. Тој подигна победнички споменик и ги погреба загинатите. Така конечно се постигна мир.

– Диодор од Сицилија ја раскажува битката меѓу Бардилис и Филип II

еден град во соседниот Епир, настрадале и многу римски трговци. Затоа Рим испратил голема војска. Илирите дале силен отпор, но залудно. По една година војување, Римјаните ја соборилe Теута, Илирите ги загубиле сите освоени територии и платиле воена отштета. Десет години подоцна, еден Деметриј, кој претходно ја предал Теута, почнал да ја шири власта и да ги брка римските привржаници. Римјаните повторно пратиле војска. Отпорот бил скршен за неколку недели, а Деметриј избегал во Македонија. Така завршиле двете илирски војни.

Во следните години Илирите биле верни сојузници на Рим и учествувале во две војни против Македонија. Во третата војна, македонскиот крал Персеј му ветил големо богатство на илирскиот крал Гентиј за да му се приклучи во војната против Римјаните. Ова се покажало како погрешна одлука, зашто војната била загубена, а Илирите потпаднале под римска власт.

Размисли и одговори

1. Погледни ја картата. На која територија живееле Илирите? Кои држави денес се наоѓаат на таа територија?
2. Што е гусарење? Која била целта на гусарските напади на Илирите?

Запомни

- Илирите биле населени на западниот дел од Балканот, а најпознати племиња биле Ардиајците, Таулантите, Делматите и Партините. Под влијание на грчките колонии, тие прифатиле дел од грчката култура.
- Најстарото илирско кралство било основано на јадранскиот брег, на чело со кралот Грабос. По завршувањето на Третата римско-македонска војна, поради ширењето на Рим, Илирите ја загубиле независноста и станале дел од римската држава.

IV.5. Тракијците и Одриското Кралство

ТЕРИТОРИЈА И НАСЕЛЕНИЕ

Според старите писатели, Тракијците биле меѓу најбројните народи во антиката. Тие биле поделени на многу племиња, кои живееле независно едни од други, но зборувале на ист јазик и имале слични обичаи. Најпознати биле Бесите, Одрисите и Сапајците. Тракијците биле познати како храбри војници, вешти земјоделци и ловџии и одлични занаетчии, прочуени по изработката на оружје и накит.

Во средината на I милениум пр.н.е., во Тракија се појавиле значајни градски населби. Некои од нив биле престолнини на владетели, а други – трговски населби. Во градот Севтополис се откриени остатоци од голема кралска палата, богати градски живеалишта, одбранбени бедеми и голем централен плоштад.



Тракиска фреска со приказ на лов

Речник

нимфи – суштества од грчката митологија, убави млади девојки поврзани со природните елементи.

платеници – војници кои се борат во туѓа војска за плата.

пелтаст – лесно вооружен војник, кој носел мал дрвен штит, наречен „пелта".

барбари – народи и племиња што не зборувале грчки или латински, или пак имале култура различна од грчката и римската.

Знаеш ли дека...

- Тракијците првпат се спомнуваат во „Илијадата" на Хомер? Ги предводел кралот Ресос, за кого се раскажувало дека го одгледале планинските нимфи.
- Грците и Римјаните ги нарекувале Тракијците „воинствени барбари"? Сепак, тие многу ги ценеле и често ги барале да служат како платеници во нивните војски.
- тракиските жени можеле да бидат воинки и владетелки? За разлика од многу други антички општества, тракиските жени имале влијание во општеството, учествувале во битки, дури и владееле со племиња. Оваа воинствена култура ги инспирирала Грците, кои ја преточиле тракиската традиција во познатиот мит за Амазонките.

Дознај повеќе



Тракиските жени носеле прекрасни **обетки, прстени и сјајни ѓердани од злато и сребро**. Но, старите уметници често прикажувале уште еден многу важен дел од нивниот изглед – **тетоважите**. Херодот пишува: „Кај Тракијците, тетовирањето се смета за знак на благородно потекло, додека кај обичните луѓе, тоа е знак на срам." Тракијките ги украсувале своите раце, нозе и врат со знаци и шари. Нивните тетоважи се состоеле од прави и криви линии, точки, ѕвезди и слики од животни. Овие тетоважи имале посебно значење и биле поврзани со верувања во моќни сили. За Тракијците, тие не биле само украс, туку и дел од нивната култура и традиција.

ОДНОСИ СО СОСЕДИТЕ

Тракијците биле познати по својата воинственост. Тие имале контакти со Грците, Македонците, Келтите, Персијците и Скитите; некогаш биле нивни сојузници, а некогаш и непријатели.

Грците основале многу трговски колонии на брегови-те на Тракија. Постепено, тракиските земји се вклучиле во трговската размена на грчкиот свет. Грците купувале злато, сребро, жито, дрво, восок и робови, а на Тракијците им продавале украсена керамика, маслиново масло и скапи вина.

Македонските кралеви ја ширеле својата власт и во Тракија. Тракиските племиња биле силни, но разединети, па Македонците успеале да ги поразат и освојат. Во војската на Александар III Македонски имало многу тракиски борци. Сепак, најголема закана за Тракијците биле Римјаните. По борби од неколку века, римскиот цар Клавдиј најпосле ја покорил Тракија и ја направил римска провинција. Еден од најпознатите борци против Рим бил Спартак, роб и гладијатор од Тракија, кој кренал големо востание на робовите во Италија.



Тракиски војници со карактеристични капи претставени на персиски релјеф



Тракиски пелтаст. Во едната рака држи мал штит од дрво и кожа, а во другата – жица со која го фрла копјето подалеку.



Тракиски шлем од бронза и сребро

Од делата на старите писатели

„Ако милувате веќе да зајдете в тројската војска,
в крај се Тракијците онде, што последни дошле од сите,
сред нив и царот им Рес...
Тој има прекрасни коњи, најголеми, колку сум видел,
бели ко снег; кога трчаат, тие на ветер прилегаат.
Бојната кола му е искитена в злато и сребро;
златното оружје пак му е огромно, чудо да видиш,
што си го донел тој ваму; не прилега никако тоа
смртни да мажи го носат, но бесмртни богови само."

– Хомер „Илијада"



ОДРИСКОТО КРАЛСТВО

Со текот на времето, тракиските племенски водачи почнале да се нарекуваат кралеви и да ја предаваат власта во наследство, од татко на син. Така биле создадени првите тракиски држави.

Најголема била државата на племето Одриси. Основач и прв владетел на Одриското Кралство бил Терес. Тој живеел долго, обединил многу тракиски племиња и создал голема држава од Мраморното Море на југ, до устието на реката Дунав на север. Терес ги контролирал трговијата и рударството, па неговото кралство било силно и богато.



Тракиски крал и кралица, претставени на фреска

Одриското Кралство било најсилно во времето на Ситалк, синот на Терес. По наговор од Атина, Ситалк повел 150.000 борци против македонскиот крал Пердика II. Неговите коњаници лесно навлегле во Македонија и опустошиле многу области, но не успеале да ја освојат престолнината Ајга. Бидејќи доаѓала зимата и требало да се подготвува за

Истражи

Пронајди на карта каде се наоѓала Тракија и спореди ја со денешните држави – кои денешни земји се дел од некогашната Тракија?

Истражи како изгледале тракискиот накит и оружје – обиди се да пронајдеш слики од златни предмети или мечеви што ги изработувале.

Лицата на историјата



Главата на Севтес

Севтес III бил последниот голем крал на Одриското Кралство. По смртта на Александар Велики, тој се кренал против македонската власт, но бил поразен; затоа се повлекол подалеку од морето, кон централна Тракија, каде ја зацврстил власта и го основал големиот град Севтополис. Во неговата гробница близу Казанлак во Бугарија, археолозите нашле важни и скапоцени наоди: златен венец, златен пехар за вино, сребрен и златен накит, како и една глава изработена од бронза. Археолозите мислат дека таа е портрет на кралот Севтес.

враќање дома, Ситалк решил да ја запре војната. Тој се смирил со Пердика, го оженил внукот со сестрата на македонскиот крал и се повлекол назад во Тракија.

Последниот голем одриски крал бил Котис I. Тој водел многу војни, па за да обезбеди пари, заповедал сите Тракијци да посеат за него одредена количина жито. Собраното жито било продадено во грчките колонии, а тој ги добил парите што му требале. Котис ковал сребрени и бронзени монети, а неговото име се појавува и на сребрени садови, кои му ги подарувале неговите поданици.

По смртта на Котис I, Одриското Кралство било поделено меѓу тројца наследници. Едно по едно, трите кралства биле освоени од македонскиот крал Филип II.



Погребната маска на Терес, основачот на Одриското Кралство

Размисли и одговори

1. Како независноста на тракиските племиња влијаела на нивната одбрана од надворешни непријатели?
2. Што открива одлуката на Котис I да собира жито од народот за свои цели?
3. Дали мислиш дека Тракијците можеле да ја задржат независноста ако биле пообединети?

Запомни

- Тракијците биле еден од најбројните народи во антиката, поделени на племиња како Бесите, Одрисите и Сапајците. Биле храбри војници и вешти занаетчии, а градот Севтополис бил нивен важен центар. Имале односи со повеќе народи и често биле дел од сојузи или војни.
- Одриското Кралство, основано од Терес, достигнало врв со Ситалк, а последен моќен владетел бил Котис I. По неговата смрт, кралството било освоено од Филип II.

IV.6 Времето на Александар

ДЕТСТВОТО И ОБРАЗОВАНИЕТО НА АЛЕКСАНДАР

Александар бил син на кралот Филип II и на кралицата Олимпијада. Тој растел заедно со децата на соработниците на неговиот татко. Уште од мал имал повеќе воспитувачи и учители, а кога имал четиринаесет години, учител му станал познатиот грчки филозоф Аристотел. Од него научил многу нешта за филозофијата и за природните науки. На дворецот во Пела, Александар се среќавал со луѓе од разни земји. Со нив разговарал за нивните земји и обичаите, за нивната оддалеченост и за начинот на кој војувале.

Откако наполнил шеснаесет години, Александар почнал да го придружува својот татко во војна. Кога Филип бил отсутен, тој раководел со државните работи. Така собирал искуства за животот, воените вештини и кралувањето.

Александар го наследил престолот на само дваесет години. Кога разбрале дека Македонија има млад крал, некои од покорените народи се обиделе да ја отфрлат македонската власт; но, Александар успеал да ги

Речник

камеја – вид резба во камен, минерал или школка, со испакната слика, обично портрет или сцена со фугури.

поход – патување на војска кон некоја земја за да се води војна или да се освојува.



Биста на Александар



Мозаик со приказ на лов на лавови. Се мисли дека прикажаните ликови се Александар и неговиот другар Кратер

Знаеш ли дека...

... кога се родил Александар, кралот Филип II истовремено добил три радосни вести? Првата била дека неговата војска ги победила Илирите; втората дека неговите коњи победиле на трката во Олимпија; и третата вест била дека му се родил син. Неговата среќа ја зголемиле гатачите, кои протолкувале дека никој не ќе може да го победи неговиот новороден син.

Дознај повеќе

„Гордиевиот јазол" бил еден многу сложен и заплеткан јазол, што кралот Гордиј од Фригија го врзал на една кола посветена на богот Зевс. Според едно старо пророштво, човекот што ќе успеел да го разврзе овој јазол, ќе станел владател на Азија. Многу луѓе се обидувале, но никој неуспеал. Кога Александар дошол во Фригија, го предизвикале да го разврзе јазолот. По некое време, наместо да го разврзе, Александар го извадил мечот и со еден силен удар го пресекол јазолот на два дела. Луѓето верувале дека со оваа постапка го исполнил пророштвото. Всушност, Александар покажал дека и најтешките проблеми можат да се решат со размислување надвор од вообичаените рамки.



задуши нивните востанија. Во еден поход кон север, тој успеал да ја помине и реката Дунав. Откако ја средил состојбата на Балканот, почнал да се подготвува да ја оствари замислата на неговиот татко – да тргне кон исток, против Персија.

ПОХОДОТ ВО АЗИЈА

Александар го започнал походот против огромното Персиско Кралство во 334 година пр.н.е. Тој тргнал со добро организирана и дисциплинирана војска од околу 40.000 луѓе. Персиската војска била побројна, но слабо организирана. Во првата битка, кај реката Граник во Мала Азија, Македонците извојувале голема победа. Персискиот крал Дареј III се обидел да го спречи македонското напредување, но во следната битка, кај местото Исос, доживеал уште еден пораз.

По овие две победи, Александар се упатил кон Египет. Таму го пречекале како ослободител од



Светилиштето на Нимфите во Миеза, каде Александар и другарите ги слушале предавањата на Аристотел




Александар и Дареј во битката кај Исос, детали од мозаик

Персијците и го крунисале за фараон, а египетските свештеници го прогласиле за син на богот Амон Ра. На брегот на Средоземното Море го основал градот Александрија. Потоа во освоените земји основал уште седумдесетина града што го носеле неговото име.

Од Египет, Александар се упатил кон срцето на Персија. Решавачката битка се одиграла во 331 година пр.н.е. кај местото Гавгамела. Персиската војска доживеала тежок пораз. Александар се прогласил за крал на Азија, а за престолнина го одбрал градот Бабилон. На крајот од походот, се судрил и со владетелот на западна Индија, кралот Пор.

Државата на Александар III веќе се раширила на три континенти и станала светска сила. Но, по долгите војувања во далечни земји, македонската војска била уморна. Војниците долго време биле разделени од своите семејства, тешко ја поднесувале неповолната клима и често се бунтувале. Затоа, Александар решил да се врати назад. На најдалечното место каде што стигнал, заповедал да се постави столб на кој пишувало „Овде запре



Релјеф со приказ на битката кај Исос. Во античко време, релјефите се боеле со живи бои.


Од делата на старите писатели

„Таксила бил мудар крал. Тој владеел со еден дел од Индија што бил голем колку цел Египет, со убави пасишта и плодна земја. Тој Таксила го поздравил Александар и му се обратил: „Што ќе ни се, кралу, војни и битки, ако не си дошол да ни ги земеш водата и лебот? Само за тие две нешта вреди човек да војува. А за богатствата и имотите – ако јас имам повеќе, подготвен сум да ги делам со тебе; а ако имам помалку, ќе ти заблагодарам за тоа што ќе ми го дадеш!" Александар се израдувал, му подал рака и му рекол: „Таксила, зарем мислиш дека по овие љубезни зборови ќе минеме без борба? Не! Ќе се борам и ќе се натпреварувам со тебе во добри дела! Иако си благороден, нема да ме победиш!" И така, откако добил многу подароци, но и тој подарил уште повеќе, Александар му дал на Таксила дваесет и пет илјади килограми ковани пари."



– Биографот Плутарх ја раскажува средбата на Александар со Таксила

Лицата на историјата



Аристотел

Аристотел бил прочуен атински филозоф, ученик на филозофот Платон и учител на Александар Македонски. Се родил во Стагира, сосем близу до Македонија. Неговиот татко Никомах бил лекар и пријател на македонскиот крал Аминта III. На осумнаесет години, Аристотел отишол во Атина и учел во филозофската школа на Платон, наречена „Академија". Откако Платон умрел, на барање на кралот Филип II, Аристотел дошол во Македонија за да го поучува младиот Александар. Двајцата се допишувале и разговарале за филозофијата дури и откако Александар тргнал на поход во Азија. Подоцна, Аристотел основал своја филозофска школа, наречена „Ликеј".



Империјата на Александар

Александар". Враќањето од Индија кон Бабилон се одвивало по копно и по море. Војската се движела низ тешко проодни и сурови пустински предели. Голем број од војниците настрадале од горештините и сушата.

По неколкумесечно патување, Александар со војската пристигнал во градот Суса. Среќното пристигнување било прославено со масовна свадба, во која околу десет илјади Македонци се оженile со Персијки. Самиот Александар се оженил со две персиски принцези. Свадбата била направена според персиските обичаи, а сите младоженци добиле богати подароци од кралот.



Тетрадрахма на Александар

ОДНОСОТ КОН ПОКОРЕНИТЕ НАРОДИ



Свадбата во Суса

Александар го минал животот во војни и освојувања и секогаш победувал на бојното поле. Народите што ги покорил зборувале на различни јазици, верувале во различни богови и имале поинакви обичаи од македонските. Сепак, тој никогаш не ги потценувал освоените народи и култури, туку ги почитувал нивните обичаи, а некои од нив и самиот ги прифатил. Со таквиот однос сакал да ги привлече кон себе покорените народи. Затоа некои го пречекувале како ослободител и го прогласувале за бог, како што направиле Египќаните. Понесен од идејата за создавање светска држава, тој спроведувал политика на меѓусебна толеранција на различните народи и култури.

Сепак, Александар бил мошне жесток кон оние што му давале отпор. Тој бил особено строг кон своите блиски соработници, пријатели и војсководци. Ги судел и строго

Знаеш ли дека...

- коњот на Александар се викал Букефал – „Вологлав"? Букефал се плашел од својата сенка, па бил премногу див и и никој не можел да го јава. Единствено Александар успеал да го скроти, на голема радост на татко му Филип.
- кога ќе стигнела вест дека Филип освоил некој град или победил во некоја битка, Александар тоа не го слушал со радост, туку им велел на своите врсници: „Другари, татко ми сè ќе ми земе однапред; за мене нема да остане ниту едно големо и значајно дело, да го направам со вас!"
- во земјите што ги освоил, Александар основал 72 Александрии, градови што го носеле неговото име?
- на територијата на која што се протегало кралството на Александар III денес постојат 25 држави?

ги казнувал за недисциплина, непослушност или подготвување заговори и предавства.

Александар бил најголем војсководец и освојувач во историјата. Со своите походи, тој го раширил и го прославил името на Македонија до крајот на познатиот свет. Создал огромна држава, која се протегала на три континенти – Европа, Азија и Африка. Поради неговите освојувања, Римјаните подоцна му го дале прекарот „Велики".

Неговите планови за нови походи не се остварile. Тој умрел ненадејно во 323 пр.н.е., кога имал само 33 години. Бил погребан во градот Александрија во Египет. По смртта на Александар, започнале борби за неговото наследство и за македонскиот престол. Овие борби биле причина за распаѓањето на огромната држава на Александар.



Камеја со ликот на Александар, изработена од неговиот приватен гравер Пиротел, кој бил еден од најпознатите уметници на своето време

Истражи

Погледни историска карта на империјата на Александар Македонски. На кои три континенти се простирала неговата држава? Наведи барем три денешни држави што биле дел од таа империја.

Размисли и одговори

1. Зошто Александар сакал да ги почитува обичаите на покорените народи?
2. Како учењето кај неговиот учител, филозофот Аристотел, му помогнало на Александар да стане успешен владетел?
3. Зошто некои освоени народи (како Египќаните) го пречекале Александар како ослободител и дури го прогласиле за бог?

Запомни

- Александар III Македонски бил син на кралот Филип II и станал крал на Македонија многу млад. Тој учел кај прочуениот грчки филозоф Аристотел, од кого научил многу за филозофијата и природните науки.
- По задушувањето на востанијата, повел поход против Персија и ја проширил својата империја до Индија. Создал држава на три континенти и ги почитувал културите на покорените народи.
- Поради своите големи успеси и многубројни победи, тој подоцна бил наречен Александар Велики и е запаметен како еден од најголемите освојувачи во историјата.

IV.7 Наследниците на Александар

СОЗДАВАЊЕ НА ХЕЛЕНИСТИЧКИТЕ КРАЛСТВА

Александар III не стигнал да определи наследник. Македонците решиле власта да ја делат неговиот син Александар IV и неговиот брат Филип Аридај. Но, Филип Аридај бил болен, а Александар IV бил бебе, па со државата управувале соработниците на Александар. Нив ги нарекуваме **дијадоси**, или „наследници".


Набргу започнале војни меѓу дијадосите, кои траеле цели четириесет години. Станало јасно дека тие сакаат да имаат свои сопствени кралства. Повеќето дијадоси загинале во битка, биле убиени или заробени. На крајот од војните, останале само три кралски династии. **Птолемаидите** ги држеле Египет и Кипар, а **Селевкидите** – азискиот дел на кралството на Александар. **Антигонидите**, кои владееле во Македонија, го основале кралството малку подоцна од другите династии, но успеале да се задржат сè до доаѓањето на Римјаните.



Филип III Аридај прикажан на релјеф како египетски фараон



Птолемај I, основачот на династијата на Птолемаидите



Фреска на која се прикажани македонскиот владетел Антигон Гоната и неговата мајка Фила



Лисимах, еден од најспособните дијадоси, кој сепак на крајот бил поразен и не успеал да создаде трајна држава

Знаеш ли дека...

... трите главни кралски династии се наречени според нивните основачи? Птолемаидите – според Птолемај I, Селевкидите – според Селевк I, а Антигонидите – според Антигон Едноокиот.

Дознај повеќе

Хеленистичките кралства многу често војувале едни против други. Птолемаидите и Селевкидите воделе дури седум војни во кои се бореле за разни територии во Сирија и Мала Азија. Овие војни се познати под името **„Сириски војни"**. Во III век пр.н.е., посилни биле Птолемаидите. Освен Египет, тие ги контролирале островот Кипар, делови од Палестина и Сирија, како и повеќе области и острови во Егејското и Средоземното Море. Селевкидите имале најголема територија, но често морале да се борат против надворешни непријатели и да смируваат востанија. На крајот на III век пр.н.е., селевкидскиот крал Антиох III најпосле успеал да ги победи Птолемаидите и да завладее со целата територија сè до Египет. Сепак, оваа победа не значела многу. Постојаните војни ги истоштиле двете кралства, па во II век пр.н.е. нивната моќ многу се намалила.



Реконструкција на хеленистички воен брод на кој е поставена опсадна справа

ДОАЃАЊЕТО НА РИМЈАНИТЕ

Непријателствата меѓу Македонија и Рим почнале зашто македонскиот крал Филип V се здружил со римскиот непријател Ханибал. Затоа Римјаните склучиле сојузи со сите соседи на Македонија. Филип V неколку години цврсто ги бранел своите територии, па војната завршила без победник.

Набргу Римјаните почнале нова војна против Македонија. Филип успешно се бранел, но доживеал тежок пораз кај местото Киноскефала. Тој морал да се повлече од освоените територии и да плати отштета. Сепак, Македонија останала слободна, а римската војска се повлекла од Балканот.



Сребрена тетрадрахма со ликот на Филип V, кој два пати војувал против Рим

Филип V го наследил неговиот син Персеј. Македонија почнала повторно да напредува. Персеј склучувал сојузи и го ширел влијанието во Грција; тој не сакал да војува против Римјаните, но бил подготвен да се брани. Римјаните решиле конечно да го уништат Македонското Кралство. По неколку години тешка војна, во 168 пр.н.е. Персеј бил поразен кај градот Пидна. Римјаните го укинале кралството, а Македонија била поделена на четири дела.



Триумфалната поворка на Ајмилиј Паул во чест на победата над Персеј кај Пидна

Знаеш ли дека...

- ... во I век пр.н.е. Римјаните воделе три тешки војни против Митридат VI, кралот на Понт? Тој успеал да освои голем дел од Мала Азија, па дури и да навлезе во Грција. Сепак, на крајот Римјаните успеале да го победат. Тој го загубил кралството и бил принуден да се самоубие.
- ... поради доаѓањето на Јулиј Кајсар во Египет изгорел еден дел од славната Александриска библиотека? Кајсар ја поддржал Клеопатра, која се борела за престолот против нејзиниот брат Птолемај XIII. Птолемај собрал голема војска и ги опсадил Кајсар и Клеопатра во Александрија. Токму во текот на овие борби случајно бил запален дел од прочуената библиотека. Најпосле, Кајсар победил во една битка кај реката Нил. Птолемај загинал, а Клеопатра останала да владее сама.

По дваесетина години се појавил некојси Андриск, кој тврдел дека е син на Персеј. Тој успеал да ги победи Римјаните во една битка, но набргу бил заробен. Македонија ја загубила слободата и станала првата римска провинција на Балканот.

КРАЈОТ НА СЕЛЕВКИДИТЕ И ПТОЛЕМАИДИТЕ

До I век пр.н.е., од кралството на Селевкидите не останало речиси ништо. Дел од државата бил освоен од непријатели, а некои области се одвоиле од кралството. Селевкидите владееле само со Сирија и Палестина и биле премногу слаби за да му се спротивстават на Рим. Римскиот војсководец Помпеј пристигнал во Сирија, ги тргнал последните владетели и го прогласил кралството за римска провинција.

Последни останале Птолемаидите. Нивното кралство било ослабено од немири и борби. Римјаните постојано се мешале во внатрешните работи на Египет; дури



Селевкидскиот владетел Антиох III, кој во II век пр.н.е. бил поразен од Римјаните и морал да се повлече од Мала Азија

Од делата на старите писатели

„Деметриј го нападнал Антиох со најдобрите коњаници. Се борел сјајно и ги натерал непријателите да бегаат... но, жеден за слава, се пуштил да ги брка и така ја упропастил победата. Кога се свртел, видел дека не може да се врати кај својата војска, зашто меѓу нив се испречиле слонови ... Многу непријатели удриле и на Антигон. Некој од неговите му рекол: „Одат на тебе, кралу!" А овој му одговорил: „Па, каква друга цел имаат, освен мене? Но Деметриј ќе ми донесе помош!" Во ова се надевал сè до крајот; се вртел на сите страни за да го види синот, но најпосле паднал под ударите од копја.

– Плутарх ја опишува решавачката битка меѓу дијадосите, во која загинал Антигон Едноокиот.

Лицата на историјата



Деметриј Опсадникот

Деметриј бил син на Антигон Едноокиот. Тој бил способен и смел војсководец кој вешто опсадувал и освојувал градови. Поради тоа бил наречен „Опсадникот". Сепак, често постапувал избрзано и непромислено, па имал исто толку порази, колку и победи. Бил сличен и во однесувањето: луѓето брзо го засакувале, но тој го сакал раскошот и живеел распуштено, па брзо и се тргале од него. По многу авантури и пресврти, Деметриј најпосле успеал да стане крал на Македонија. Но, бидејќи не сакал да ги врши должностите што се очекувале од еден крал, на Македонците им смачило и го избркале од земјата. На крајот, избркан од Македонија, тргнал на поход во Мала Азија, но бил заробен од Селевк I и умрел како заробеник.

и славната Клеопатра станала кралица со помош на војсководецот Јулиј Кајсар.

Во тоа време, во Рим почнала граѓанска војна. Клеопатра се обидела да го искористи тоа и се омажила за римскиот војсководец и државник, Марк Антониј. Со тоа, Египет се вмешал во меѓусебните борби на Римјаните. Клеопатра го придружувала Антониј во војната против неговиот противник Октавијан. Во 31 г. прн.е., Антониј бил поразен во поморска битка и заедно со Клеопатра избегале назад во Египет. Октавијан набргу дошол во Египет, а Антониј и Клеопатра се самоубиле.

Така згаснало последното хеленистичко кралство што го основале соборците на Александар Македонски.



Клеопатра VII, последната владетелка од династијата на Птолемаидите

Размисли и одговори

1. Зошто по смртта на Александар избувнале војни меѓу неговите соработници?
2. Како исчезнувањето на хеленистичките кралства покажува дека Рим станал најсилна сила во регионот?
3. Што мислиш, зошто се распаднала големата империја што ја создал Александар Велики?

Запомни


- По смртта на Александар III, неговите соработници – дијадосите – ја поделиле власта и формирале три хеленистички кралства: Антигониди, Селевкиди и Птолемаиди.
- Римјаните почнале да се мешаат во нивните работи и да водат војни. Македонија прва паднала под римска власт, потоа Сирија, а последен бил Египет со Клеопатра. Со нејзината смрт згаснало последното хеленистичко кралство.

IV.8 Балканските општества во стариот век

СЕКОЈДНЕВИЕТО ВО ГРЧКИОТ ПОЛИС

Средиште на животот во грчкиот полис бил плоштадот, наречен **агора**. Таму луѓето се собирале за да се договараат и да решаваат за полисот. Близу се наоѓале пазарот и занаетчиските работилници, а подалеку – приватните куќи. Тие се граделе од глина, имале еден или два ката и биле покриени со ќерамиди. Од улицата се влегувало во внатрешен двор, а околу него имало кујна, дневна соба, спални и други помошни простории.

Машките стапувале во брак на околу дваесет години, а девојките уште помлади; браковите ги договарале родителите. Во слободно време, мажите оделе на гости и уживале во гозби и разговори, а жените живееле на катот и ретко го напуштале домот. Тие се грижеле за домаќинството, готвеле, шиеле и ги воспитувале децата. Најчесто не учествувале во политичкиот живот. Само жените од Спарта работеле надвор од домот, сами си ги избирале мажите и поседувале сопствен имот.



Атинската агора

Речник

агора – плоштад во старите грчки градови, централно место за собирање на луѓето.

флота – организирана група на бродови кои пловат заедно.

трирема – брз антички брод со три реда веслачи.

кратер – голем сад што се користел за мешање вино со вода.

кавсија – посебен вид капа што ја носеле старите Македонци.

ситула – метален сад во облик на кофа.



Две жени ткаат на исправен разбој

Знаеш ли дека...

... старите Грци многу сакале да вежбаат? Но, нивните вежбалишта можеле да ги користат само слободни мажи. Вежбале голи, зашто верувале дека така ја покажуваат својата сила и убавина.

Лицата на историјата



Орфеј


Орфеј бил митски музичар и поет од Тракија, почитуван од сите антички народи на Балканот. Во митовите се раскажува дека музиката на Орфеј била толку прекрасна, што можела да ги смири дивите животни, да ги запре реките и дури да поместува карпи. Тој е познат и по патувањето во Подземниот свет, каде отишол за да ја спаси неговата сакана Евридика. Со својата магична лира, тој го омекнал срцето на Хад, богот на мртвите. Богот ѝ дозволил на Евридика да си замине, но под еден услов: Орфеј не смеел да се заврти наназад. За жал, тој се завртел за да ја погледне жена му, па Евридика исчезнала засекогаш. Со текот на вековите, Орфеј станал симбол на уметноста, љубовта и моќта на музиката во античката култура.

ГРЧКАТА КОЛОНИЗАЦИЈА

Грција немала многу плодна земја. Благородниците имале големи поседи, но многу граѓани немале земја. Некои станувале сè побогати, а други сè посиромашни; тоа предизвикало внатрешни борби. Затоа Грците почнале да се иселуваат од матичната земја и да основаат нови населби, наречени **колонии**. Ова грчко раселување по море го нарекуваме **грчка колонизација**.

Грците основале стотици колонии во целото Средоземје. Во новите краишта не оделе само сиромашни земјоделци, туку и занаетчии и трговци. Таму секој од нив добивал земја и почнувал нов живот. Некои колонии станале значајни трговски центри. Тие понекогаш го надминувале дури и матичниот град.

Со колонизацијата, грчката култура почнала да се шири во соседните, па дури и во подалечни земји.



Триерата „Олимпијада", современа реконструкција на грчки брод

СЕКОЈДНЕВИЕТО НА БАЛКАНСКИТЕ НАРОДИ

Јазиците на балканските народи престанале да се зборуваат уште кон крајот на антиката. Од античкиот македонски јазик се зачувани само околу 150 зборови, од илирскиот педесетина, а од тракискиот околу дваесет збора. Бидејќи немаме пишани извори од нив, за нивните општества знаеме само од делата на грчките писатели и од бројните материјални извори.

Македонците биле прочуени по занаетчиството. Тие изработувале богато украсени садови, како и накит од сребро и злато. Македонското дрво било особено добро за бродоградба. Македонците долго немале сопствена флота, но од македонско дрво биле изградени многу други флоти, пред сè атинската.

Богатите куќи ги краселе слики и скулптури, а на подовите имало прекрасни мозаици. Многу уметнички



„Кратерот од Дервени", ремек-дело на македонските занаетчии

Дознај повеќе



Во античка Македонија, **гозбите** не служеле само за гостите да се најадат. Тие биле и важни политички и општествени настани. На овие гозби, благородниците и војниците се собирале за да јадат печено месо, да пијат вино и да слушаат поети и свирачи. Се разговарало за војни, за сојузи и за најновите вести од кралството. Пред да почне гозбата, им се оддавала почит на боговите со дарови и жртви. Македонците верувале дека споделувањето храна создава силни врски меѓу луѓето; освен тоа, убаво подготвената гозба покажувала богатство и моќ, па затоа кралевите често организирале големи гозби за своите гости.

изработки се зачувани во престолнината Пела, како и во кралските гробници во Вергина. Богати наоди има во охридското село Требениште, во Марвинци близу Валандово и на Вардарски Рид кај Гевгелија.

Македонците ги сакале јавањето и ловот. Значаен дел од животот биле заедничките гозби и верските прослави. Момчињата се учеле на воена вештина и дисциплина. Освен читање и пишување, децата на благородниците учеле и филозофија. Семејствата биле традиционални, а многу се ценеле верноста, послушноста и почитта кон постарите.

Македонците носеле капа наречена „кавсија", а кралевите носеле врз неа и бела лента или дијадема. Тие имале и прстен-печатник и кралски жезол. Се прикажувале нагрнати со кожа од лав, по примерот на митскиот јунак Херакле.

Илирите живееле во утврдени населби. Нивните воини биле познати по борбената вештина, а многумина служеле како платеници во туѓи војски. Племињата на јадранскиот брег се занимавале и со бродоградба, трговија и гусарење, а други ги контролирале трговските патишта, па тргувале со железо, сребро и сол.

Жените биле моќни влијателни. Тие често учествувале во воени походи, па дури и во управувањето на државата. Момчињата од мали учеле борбени вештини и стрелаштво. Илирите немале посебни училишта, туку го пренесувале знаењето усно, преку раскажување и учење на заедничките традиции.

Илирите оставиле многу материјални сведоштва. Зачувани се остатоци од градови заштитени со цврсти бедеми. Во нив живееле владетелите, благородниците, трговците и крупните занаетчии. Поважни градови биле Пелион, Димале и Скодра. Еден од најголемите градови бил Билис. Тој имал ѕидови долги преку два



Фигурина на момче со македонска кавсија на главата



Илирска стомна за вода

Знаеш ли дека...


- некои од грчките колонии постојат до денес? Колонијата Никаја денес е градот Ница во Франција. Колониите Масалија и Монојкос денес се викаат Марсеј и Монако. Колонијата Неапол во Италија денес е градот Наполи. Во Хрватска, грчки колонии се Хвар (Фарос), Вис (Иса) и Трогир (Трагурион).
- во Грција, поради жешката клима, виното се пиело разредено со вода? Херодот со интерес раскажува дека Македонците и Тракијците не го разредуваат виното, туку го пијат чисто, „на барбарски начин".

километри, голем плоштад, театар за околу 7.000 гледачи, цистерна за вода и стадион.

Тракијците биле одлични земјоделци. Тие одгледувале жито, јачмен и винова лоза. Тракиското вино било прочуено како едно од најдобрите во античкиот свет. Тракијците биле познати и по обработката на метали, особено по изработката на златни и сребрени предмети, скапоцен накит и оружје.

Владетелите живееле во заштитени палати надвор од населените места. Според Херодот, богатите Тракијци не ја сакале физичката работа. Вообичаена забава им бил ловот, а особено сакале да ловат диви свињи.

Тракиските деца од мали се учеле да ловат, да јаваат и да се борат со оружје. Особено се ценеле музиката и поезијата. Сите млади учеле да свират на инструменти и да танцуваат. И во Тракија немало посебни училишта, туку племенските традиции се пренесувале усно, од генерација на генерација.



Детали од животот на Илирите, релјеф на ситула

Размисли и одговори

1. Кои докази денес ни помагаат да дознаеме за животот на старите Македонци?

Запомни

- Во грчките полиси животот бил организиран околу агората, а жените имале мала улога (освен во Спарта). Грците основале колонии и ја ширеле својата култура.
- Македонците биле вешти занаетчии и ловции, познати по металните садови, накитот и мозаиците. Ценеле верност, храброст и образование. Илирите биле борбени и трговски ориентирани, а Тракијците – земјоделци и уметници, прочуени по виното и накитот.

IV.9 Светот на античките богови

БОГОВИ И ХЕРОИ

Старите Грци верувале дека боговите имаат човечки изглед и особини и дека живеат на врвот на планината Олимп. Врховен бог на Старите Грци бил богот Зевс. Тој бил господар на молњата, на светот, на боговите и на луѓето. Многу се почитувале и богот на светлината, Аполон, божицата на мудроста, Атена, божицата на убавината, Афродита, божицата на ловот, Артемида и многу други.

Во грчката митологија се чуваат многу приказни за титаните, хероите и за полубоговите. Титаните биле стари, моќни суштества, кои владееле пред боговите. Хероите биле луѓе со неверојатна сила, кои правеле храбри подвизи и се бореле против чудовишта. Полубоговите биле деца на бог и на смртен човек, кои често имале посебни моќи.

Врховен бог на Македонците бил Диос, господарот на небото. Тој владеел заедно со Адраја, божицата на светлината. Македонците ги почитувале и богот на вегетацијата, Дијалис, божицата на убавината, Зејрена, и многу други. Го славеле и Херакле, кого го сметале за свој митски предок.

Илирите немале главно божество, туку секое племе си верувало во своите богови. Многу бил почитуван коњаникот Медаур, богот лекар. Некои племиња го славеле Биндос, богот заштитник на изворите и водите. Нему му граделе жртвеници на речните извори, а го претставувале со весло или трозабец во десната рака.

Старите писатели велат дека Тракијците ги почитувале Арес, Дионис и Артемида, но тоа не биле грчките богови.

Речник

култ – почитување на некое божество преку извршување на одредени ритуали.



Громовникот Зевс со молња во раката



Илирскиот Силван, бог на дивината, шумите и полињата



Плочка со приказ на тракиски коњаник



Македонската божица Атена Алкидемос на монета

Дознај повеќе

Олимписките игри

Во античко време, во многу светилишта се одржувале атлетски игри во слава на некое божество. Најпознати вакви игри биле Олимписките, кои се организирале секоја четврта година, а за првпат се одржале во 776 пр.н.е. Тие се одржувале во градот Олимпија на Пелопонес, каде што се наоѓал најпознатиот храм на богот Зевс. По местото на одржување, игрите го добиле и своето име. Учествувале само мажи, а за време на игрите се прекинувале сите војни. Натпреварите траеле пет дена, а победниците ги крунисувале со венец од маслинови гранчиња и ги славеле како јунаци. Денешните Олимписки игри се инспирирани од оваа традиција.



туку божества слични на нив. Тракиската Артемида била божица на плодноста, а тракискиот Дионис, наречен и Сабазиј – господар на земјата и на небото. Во Тракија се откриени илјадници плочки со слика на коњаник, кои им се посветувале на боговите како благодарност за исполнетите желби.


КУЛТОВИ И ОБИЧАИ

Македонците ги почитувале природните сили. Сонцето го прикажувале на накитот, на оружјето, на штитовите и на монетите на кралевите. Тие ги почитувале реките како божества и им принесувале жртви. Во изворите се спомнуваат разни македонски обичаи. Според еден обичај, на свадбите се печел леб, кој потоа се сечел со копје, зашто се верувало дека железното сечило ги брка лошите духови. Кога се основал нов град, неговите граници се обележувале со брашно од јачмен, како знак дека градот ќе храни многу луѓе.

И илирските култови се врзувале за природните сили. Кај северните племиња особено се почитувало сонцето, а кај јужните – змијата. Илирите граделе светилишта и им поставале

Знаеш ли дека...

- храмовите биле најважните градби во стара Грција? Еден од најубавите примери е храмот на божицата Атена, наречен „Партенон". Близу него стоел „Ерехтеонот", познат по столбовите во облик на жени. Овие храмови се наоѓале на атинската акропола. Важни светилишта биле храмот на Зевс во Олимпија и храмот на Артемида во Ефес, кој бил едно од седумте чуда на античкиот свет.
- Херакле бил најсилниот херој во грчките митови? Тој бил син на Зевс, но како казна морал да исполни дванаесет невозможни задачи, наречени „Подвизи на Херакле". Се борел со лав со кожа тврда како челик, фатил еден лут елен брз како ветер, па дури и накратко го придржил небото! Херакле бил храбар, умен и никогаш не се откажувал. Поради својата сила и херојство, по смртта се кренал на планината Олимп и станал бог.



Тетовската менада

Лицата на историјата

„Тетовската менада" е бронзена статуетка на жена, најдена на ул. „Штипска" во Тетово во 1933 година. Висока е 9 сантиметри и веројатно била дел од некој поголем сад. Менадите биле верни придружнички на Дионис, богот на виното, плодноста и театарот. Обично се претставувале облечени во долги наметки или животински кожи, со венци од бршлен на главите и долги стапови во рацете, како го слават богот играјќи разни танци и ора. Затоа и „Тетовската менада" е прикажана со кренати раце, како да танцува. Во античка Македонија, менадите се нарекувале „клодонки" или „мималонки".

жртвеници на боговите. На нив им оставале храна, животни или скапоцени предмети.

ВЕРУВАЊА ВО ЗАДГРОБЕН ЖИВОТ

Античките Македонци верувале дека починатите продолжуваат да живеат во друг свет. Војниците ги погребувале со мечеви, копја и оклопи, во случај да им затребаат и по смртта. Жените се погребувале со нивниот скапоцен златен накит. Во гробовите се оставале храна и садови, за да им се најдат на починатите на идните гозби.

Илирите, исто така, верувале во задгробен живот. Во гробовите оставале оружје, накит и други предмети што починатите ги користеле додека биле живи, зашто верувале дека ќе им се најдат по смртта. Тракијците, пак, ги погребувале своите кралеви со богати дарови, со коњи, па дури и со борни коли, кои требало да им служат во задгробниот живот.



Златна погребна кутија со мотив на македонското сонце



Погребна маска од злато, најдена во Требеништа, охридско

Размисли и одговори

1. Зошто Македонците го сметале Херакле за свој предок?
2. Според тебе, зошто луѓето толку силно верувале во задгробен живот?

Запомни

- Старите Грци верувале дека боговите живеат на Олимп и имаат човечки особини. Највисок бил Зевс.
- Македонците, Илирите и Тракијците имале свои богови, слични на грчките. Почитувале природни сили како сонцето и реките, граделе светилишта и принесувале дарови. Верувале во задгробен живот и во гробовите оставале предмети за починатите.

IV.10. Жаришта на науката и културата

КУЛТУРАТА ВО КЛАСИЧНАТА АНТИКА

Културата и уметноста на Старите Грци биле врзани со митологијата. Од најстаро време се пееле песни за подвизите на боговите и хероите. Тие се изведувале на верски свечености или на разни гозби. Песните се пренесувале усно, а подоцна почнале и да се запишуваат. Така се родила уметничката литература. Најпрвин се јавиле епската и лирската поезија, а подоцна – трагедијата, комедијата и прозата.

Во V век пр.н.е. почнале да се прикажуваат драми пред публика. Тие можеле да бидат тажни – трагедии, или, пак, весели – комедии. Најпознатите трагедии ги напишале Ајсхил, Софокле и Еврипид, а комедиите – Аристофан. Театрите се наоѓале на отворено и можеле да соберат илјадници гледачи.

Во стара Грција се појавиле и првите историски дела; Херодот, „таткото на историјата", ги опишал Грчко-персиските војни, а Тукидид – Пелопонеската војна.




Прочуеният „Фрлач на диск" на вајарот Мирон

Грчките скулптури се вбројуваат во најубавите дела на уметноста. Најпознати вајари биле Фејдија, Мирон и Поликлет. Тие правеле статуи на богови, херои и олимписки победници. Најпознати дела на Фејдија се статуата на Зевс во Олимпија и статуата на Атена на атинската акропола. Скулптурите се правеле од бронза или мермер, но Фејдија работел со посебна техника. Внатрешноста на неговите статуи била од дрво, кожата – од слонова коска, а облеката – од златна ламарина.

Речник

статуа – голема фигура направена од камен, метал, дрво или друг материјал, која прикажува човек, животно или некој предмет.

мавзолеј – голема и убава гробница што се гради за важни личности, како кралеви или херои. Во неа се чува телото на починатиот, а луѓето доаѓаат да му оддадат почит.



Театарски актери со трагички маски

Знаеш ли дека...

... театарските актери носеле големи маски со пренагласени изрази на лицето? Овие маски им помагале на гледачите јасно да ги видат нивните чувства, дури и оддалеку. А бидејќи можеле да глумат само мажи, маските им помагале да играат и женски улоги.

Дознај повеќе


Хиерон, владетелот на градот Сиракуза, имал скапоцена златна круна, но не бил сигурен дали е направена од чисто злато, или, пак, златарот бил нечесен и додал поевтини метали. Затоа, му заповедал на прочуениот математичар **Архимед** да го открие тоа, но без да ја оштети круната. Додека размислувал, Архимед решил да се искапе. Кога влегол во кадата, забележал дека водата се прелеала преку работ и сфатил дека количината на прелеаната вода е иста со волуменот на неговото тело. Тоа значело дека може да ја провери круната на ист начин: да земе парче чисто злато со ист волумен, да види колку вода ќе се прелее преку работ, а потоа да го направи истото и со круната. Ако истече иста количина вода, тогаш круната е од чисто злато. Возбуден, Архимед скокнал од кадата и истрчал на улица викајќи: **„Еурека! Еурека!"**, што значело „Најдов! Најдов!" Оттогаш изразот „Еурека!" се користи кога некој ќе добие одлична идеја.



ХЕЛЕНИСТИЧКАТА КУЛТУРА И УМЕТНОСТ

Во хеленистичко време, културата на Македонците и Грците се сплотила со културата на источните земји што ги освоил Александар. Главни центри биле градовите Александрија, Пергам, Антиохија и Ефес. Тие имале правилни, широки улици и плоштади, палати, храмови и театри, а водоводните цевки носеле вода за десетици илјади жители.

Ова време е познато по величествените градби, кои се вбројувале во светските чуда. Најпознат од нив е светилникот во Александрија, висок 120 метри, чија светлина се гледала на далечина од 60 километри. На влезот на пристаништето во Родос стоела џиновска статуа, наречена **Колосот од Родос**. Во градот Ефес се наоѓал величествен храм на божицата Артемида, а во Халикарнас – прочуената гробница на кралот Мавзол, наречена **Мавзолеј**.



Мавзолејот во Халикарнас

Знаеш ли дека...

... еден уметник се прочул по тоа што птиците се обидувале да ги јадат неговите слики? Уметникот Севксид бил толку вешт во сликањето грозје, што птиците наводно се обидувале да ги клукаат зрната!

Знаеш ли дека...

... математичарот Питагора верувал дека бројките можат да ја објаснат вселената? Тој и неговите следбеници сметале дека математиката не е само решавање проблеми, туку клуч за разбирање на сите нешта. Неговата теорема за односот на трите страни во правоаголен триаголник и денес се учи во училиштата.

РАЗВОЈОТ НА НАУКАТА И ТЕХНИКАТА

Грчките филозофи први почнале да размислуваат за растенијата и животните, за земјите и морињата, за народите, броевите и за планетите. Филозофијата го поттикнала развојот на многу науки. Познатиот филозоф Питагора бил еден од најдобрите математичари во античкиот свет. Тој прв го исковал поимот **филозоф**, кој значи „љубител на мудроста". Така ги нарекол луѓето што ја проучуваат природата на нештата и се стремат кон знаење и вистина. Филозофијата влијаела и врз развојот на медицината. Најпознатиот лекар на антиката, Хипократ од Кос, исто така се занимавал со филозофија.

Математиката, физиката, географијата и астрономијата постепено се одвоиле од филозофијата и станале самостојни науки. Во хеленистичко време, географот Ератостен ја измерил површината на Земјата, астрономот Аристарх



Просторија со свитоци во Александриската библиотека

Од делата на старите писатели

Целиот град е пресечен со улици погодни за коњаници и коли. Двете најшироки улици, кои надминуваат сто стапки во широчина, се сечат под прав агол. Во градот има прекрасни јавни простори и кралски палати, кои зафаќаат четвртина или дури третина од неговата површина... Дел од кралските градби е и Музејот. Во него има шеталиште со столбови, сала за заседанија и менза, во која заедно ручаат учените луѓе кои работат во музејот. Близу е и местото „Сема", ограден простор во кој се наоѓаат гробниците на кралевите и гробот на Александар. На влезот на големото пристаниште, на влезот, од десната страна се наоѓаат островот и светилникот Фарос, а на левата – карпестиот гребен и 'ртот Лохијада со палатата на Кралот.

– географот Страбон ја опишува Александрија





Астрономот Хипарх

Лицата на историјата

Хипарх бил еден од најголемите астрономи во хеленистичкиот свет. Тој ги проучувал ѕвездите, Месечината и Сонцето и го создал првиот ѕвезден каталог, во кој ги запишал положбите на стотици ѕвезди. Тој ја измислил **тригонометријата** – гранка на математиката што се користи во астрономијата и инженерството. Едно од неговите најголеми откритија било сознанието дека Земјината оска со текот на времето полека се поместува. Исто така, Хипарх успеал да ја пресмета оддалеченоста на Месечината од Земјата најпрецизно од сите негови современици.

претпоставил дека Земјата се врти околу Сонцето, а математичарот Архимед го пресметувал волуменот на предметите.

Хеленистичките кралеви многу вложувале во културата и во науката. Во Александрија била отворена научна установа наречена **Музеј**, во која работеле научници од целиот свет. За потребите на Музејот била основана библиотека со стотици илјади ракописи. Тоа била прочуената Александриска библиотека, во која било собрано знаењето на целиот дотогашен свет.

Истражи

Пронајди слика или реконструкција на Александрискиот светилник или на Колосот од Родос. Што мислиш, зошто овие градби се вбројуваат меѓу чудата на Стариот Свет?

Размисли и одговори

1. Замисли дека си вајар како Фејдија – кого би извајал и зошто?
2. Ако можеш да посетиш еден од седумте антички чуда, кое би го избрал/а? Зошто?
3. Во кои нешта денешната наука сè уште се потпира на знаењата од старите времиња?
4. Што можеме да научиме од тоа што античките научници ги проучувале природата и светот околу себе без технологија?
5. Како би изгледал еден ден во Музејот на Александрија ако можеш да патуваш низ времето?

Запомни

- Старите Грци создале многу уметнички и книжевни дела, поврзани со митологијата. Во хеленистичко време, македонската и грчката култура се слеале со културите од источните земји.
- Големиот светилник во Александрија и Колосот од Родос биле чуда на архитектурата. Грчките филозофи ги поставиле темелите на математиката, астрономијата и медицината. Во Александрија била основана прочуената библиотека со илјадници книги и ракописи.

ПРОВЕРИ КОЛКУ НАУЧИ

IV.1. Најстарите кралства во Европа

1. Опиши како изгледала палатата во Кнос.
2. Зошто Критската цивилизација е значајна за европската историја?
3. Како изгледале градовите-кралства на Микенците?
4. Кои литературни дела раскажуваат настани од Тројанската војна?
5. Размисли зошто Хомер не го нарекуваме историограф.
6. Според тебе, која е поверојатната причина за Тројанската војна?

IV.2. Светот на грчките полиси

1. Што значи поимот „полис"?
2. Кои биле најважните институции што управувале со Спарта?
3. Објасни ја улогата на герусијата во Спарта.
4. Зошто спартанската војска важела за најсилна во цела Грција?
5. Дали Атина може да се нарече прва демократија? Образложи.
6. Кој победил во Пелопонеската војна? Образложи.

IV.3. Македонското Кралство

1. Кога започнало обединувањето на македонските племиња?
2. Зошто првата македонска династија се нарекува Аргеади?
3. Објасни како кралот Пердика II успеал да ја зачува државата.
4. Што е македонска фаланга и зошто била важна?
5. Какви реформи спровел кралот Филип II? Каква била неговата војска?
6. Што се случило со походот против Персија по смртта на Филип II?

IV.4. Илирите и нивните кралства

1. Набројги поважните илирски племиња. Кои од нив живееле на јадранскиот брег, а кои во внатрешноста, близу до Македонците?
2. Како биле организирани илирските сојузи?
3. Каде се наоѓала престолнината на Агрон и Теута? Кој град е тоа денес?
4. Како завршиле двете илирски војни со Рим?
5. Зошто Гентиј решил да му се придружи на Персеј во борбата против Рим?

IV.5. Тракијците и Одриското Кралство

1. Каква улога имала трговијата со Грците во развојот на тракиското општество?
2. Објасни зошто бил важен градот Севтополис за Тракијците.
3. Кој бил основач на Одриското Кралство?
4. Како ја зајакнал својата власт кралот Котис I?
5. Како би постапил ти на местото на Котис I – би собирал жито од народот или не?
6. Дали мислиш дека Тракијците можеле да ја зачуваат својата независност ако биле пообединети?

IV.6 Времето на Александар

1. Кој бил учител на Александар Македонски и што го учел?
2. Објасни како воспитувањето и средината во која растел влијаеле на карактерот на Александар.
3. Во која година Александар ја започнал војната со Персија и како се вика првата битка што ја добил?
4. Како Египќаните го прифатиле Александар? Зошто го основал градот Александрија?
5. Зошто битката кај Гавгамела се смета за најважна победа на Александар?
6. Што симболизира столбот со натписот „Овде запре Александар"?
7. Како Александар се однесувал кон освоените народи и нивните обичаи?
8. Поради што Александар III Македонски го добил прекарот „Велики"?

IV.7 Наследниците на Александар

1. Зошто управувањето со државата по смртта на Александар било доверено на дијадосите?
2. Како започнале непријателствата меѓу Македонија и Рим?
3. Зошто Персеј се обидел да избегне војна со Рим и каков бил неговиот крај?
4. Каква улога имал Помпеј во судбината на Селевкидите?
5. Објасни зошто Клеопатра решила да се омажи за Марк Антониј.
6. Зошто падот на Клеопатра значи и крај на хеленистичките кралства?

IV.8 Балканските општества во стариот век

1. Каква улога имала агората во секојдневието на грчките полиси?
2. Какви последици имала грчката колонизација врз соседните народи?
3. Опиши го изгледот на еден илирски град по археолошките наоди.
4. Какви културни навики негувале Тракијците уште од детството?
5. Според тебе, што е заедничко, а што различно во секојдневниот живот на Македонците, Илирите и Тракијците?

IV.9 Светот на античките богови

1. Кој бил врховен бог кај Грците, а кој кај Македонците?
2. Каква е разликата меѓу титаните и боговите?
3. Зошто Македонците го славеле Херакле и што симболизирал за нив?
4. Како се однесувале Тракијците кон своите богови?
5. Кои биле некои од македонските обичаи поврзани со религијата?
6. Процени зошто античките народи толку силно верувале во задгробен живот.

IV.10. Жаришта на науката и културата

1. Како изгледал еден старогрчки театар? Кој можел да присуствува на претставите?
2. Кои се Херодот и Тукидид и по што се познати?
3. Објасни како филозофијата влијаела врз развојот на науката.
4. Кои антички научници направиле значајни откритија и што откриле?
5. Зошто е важна Александриската библиотека за историјата на науката?

СТАРИОТ РИМ



Вовед

Рим е еден од најзначајните антички центри кој од мал град-држава се развил во моќна империја што ја обединила Европа, делови од Азија и Африка. Преку својата организација, право и културни достигнувања, Рим го поставил темелот на современата цивилизација. Римското право, инженерството и архитектурата сè уште се пример за човечкиот напредок. Од Римската Република до Царството, историјата на Рим е исполнета со драматични настани, големи освојувања и падови, кои оставиле траен печат врз европската и светската историја. Разбирањето на Римската цивилизација е клуч за разбирање на денешниот свет.



СОДРЖИНИ

- V.1. Стариот Рим
- V.2. Римското Царство
- V.3. Римското општество
- V.4. Секојдневниот живот во Рим
- V.5. Римската култура и уметност
- V.6. Религијата во римско време
- V.7. Појавата на христијанството
- Провери колку научи

На крајот од оваа тема ќе можеш:

- ✓ да го објаснуваш создавањето и ширењето на римската држава, државното уредување и управувањето со државата во стариот век;
- ✓ да ги објаснуваш војните на Рим за територијално ширење на Балканот, во Африка, Европа и Азија;
- ✓ да ги споредуваш и објаснуваш општественото уредување, стопанскиот и секојдневниот живот на Стариот Рим;
- ✓ да ги опишуваш културните, научни и технолошки достигнувања на старите Римјани и да го препознаваш нивното влијание во современото општество;
- ✓ да го објаснуваш влијанието на Римската империја врз животот на луѓето во римските провинции Илирикум, Македонија и Тракија;
- ✓ да ги објаснуваш и споредуваш верувањата и религијата на Римјаните;
- ✓ да го објаснуваш настанувањето и ширењето на христијанството и неговото влијание врз животот на луѓето;

...и ќе развиеш почитување за културното наследство на Римската империја како дел од светското културно наследство.



V.1. Стариот Рим


ПОЧЕТОЦИТЕ НА СТАРИОТ РИМ

Апенинскиот Полуостров имал блага клима и почва погодна за земјоделство и сточарство, па затоа во антиката бил дом на многу племиња. Најпознати биле Латините, Оските и Умбрите. На југ се наоѓале бројни грчки колонии, а северно од Латините живееле Етрурци. Тие имале моќни утврдени градови, свое писмо и развиена култура.

Градот Рим бил основан во 753 година пр.н.е. на брегот на реката Тибар, на границата меѓу Латините и Етрурците. Затоа градот уште од почетокот бил изложен на силно етрурско влијание. Според изворите, со Рим во најстаро време владееле седум крала. Тие ја имале највисоката власт, но управувале заедно со благородниците. Прв крал бил Ромул, основачот на Рим. Во негово време биле основани главните државни органи. Последните тројца кралеви биле Етрурци. Во нивно време биле преземени првите големи градежни зафати – изградбата на голем храм на ридот Капитолиј, како и на првиот одводен систем. Но, последниот крал владеел горделиво и самоволно, па затоа во 509 година пр.н.е. Римјаните го соборилe од власт и го протерале. Кралството било заменето со Република.

РИМСКАТА РЕПУБЛИКА

Највисок државен орган станало Народното собрание, во кое влегувале сите римски граѓани. Граѓаните гласале закони, објавувале војна, склучувале мир и ги избирале државните службеници, наречени



Зградата во која заседавал римскиот Сенат

Речник

магистрати – државни службеници во Рим, кои ги избирало Народното собрание.

консули – најважните магистрати во времето на Републиката; секоја година се избирале по двајца.

легија – голема група војници во римската војска.



Биста на Брут, основачот на римската Република



„Лапис нигер", најстариот римски натпис откриен досега



Јулиј Кајсар

Лицата на историјата

Јулиј Кајсар бил еден од најголемите и најславни војсководци во антиката. Во историјата останал запаметен по многуте воени успеси. По десет години војување, тој успеал да ја освои и покори цела Галија (ден. Франција), потфат што го опишал и во книга. Кајсар бил првиот римски заповедник што ја преминал реката Рајна, и првиот што навлегол во Британија.

Во 45 година пр.н.е., Кајсар победил во граѓанската војна и станал најмоќниот човек во Рим. Вовел нови закони, им дал земја на војниците и дури го создал календарот што сè уште го користиме. Луѓето го сакале, но некои сенатори се плашеле дека има премногу моќ и дека сака да стане крал. На 15 март 44 година пр.н.е., ден познат како „мартовски Иди", група сенатори, меѓу нив и неговиот пријател Брут, го убиле со ножеви во Сенатот.

Кајсар бил и одличен говорник и писател. Зачувани се неговите дела Белешки за Галската војна и Белешки за Граѓанската војна. Тие се важни извори за проучувањето на овој период.



Римскиот форум, политичкиот и економскиот центар на градот

Речник

Сенат – најмоќното тело во Рим, составено од поранешни магистрати и најбогатите луѓе во државата.

провинција – територијална единица создадена на местото на покорената држава; со провинциите управувале управници, испратени од Рим.

магистрати. Најважни магистрати биле двајцата консули, кои се избирале секоја година. Тие ја имале највисоката цивилна и воена власт. Поранешните магистрати и најмоќните поединци во државата биле членови на **Сенатот**. Тој бил задолжен за секојдневната управа и за донесувањето на најважните одлуки.

Сите граѓани кои можеле да носат оружје и имале доволно имот служеле во војската. Војската била поделена во одреди, кои се нарекувале **легии**. Во времето на римската република, една легија броела приближно 4200 легионери. Римјаните главно се потпирале на бројните и добро извежбани пешаци, а коњаниците биле помалубројни.

Римјаните морале да имаат силна и многубројна војска, зашто постојано војувале со своите соседи. Во првите векови од основањето, Рим забележал многу важни победи – најпрвин над Латините, потоа над етрурските градови во соседството, а најпосле и над Самнитите, против кои воделе три војни. Последниот предизвик во Италија дошол од грчкиот град Тарент, кој го повикал на помош епирскиот крал Пир. Иако неколку пати биле поразени, на крајот Римјаните успеале да победат, по што завладеале со цела Италија.

ШИРЕЊЕТО НА РИМСКАТА ДРЖАВА

Рим не ги покорувал поразените непријатели од Италија, туку со нив склучувал договори за сојуз и им барал војници за римската војска. Така Римјаните собрале огромна војска и биле подготвени да се судрат со големите сили во Средоземјето.

Најголем противник на Рим бил градот Картагина на брегот на денешен Тунис. Римјаните воделе три војни против Картагина, познати под името **Пунски војни**. Најтешка била Втората пунска војна, во која Картагинците ги предводел храбриот војсководец Ханибал. Тој влегол во Италија и успеал да ги победи Римјаните во повеќе битки. Но, и покрај тоа, Рим ја продолжил војната. Најпосле, римскиот заповедник Скипион ја нападнал Африка и во една битка кај местото Зама го победил Ханибал. Така Римјаните станале господари на западното Средоземје.

По поразот во Втората пунска војна, Картагина веќе не претставувала никаква закана за Рим, но сè уште била значајна трговска сила. Затоа Римјаните одлучиле да го уништат градот. По тригодишна опсада, во 146 година пр.н.е., тие ја освоиле Картагина и целосно ја разурнале.

Веќе видовме дека во исто време Римјаните почнале да освојуваат и на исток; до крајот на II век пр.н.е., римската држава се простирала на три континенти. Територииите што биле освоени во III и II век пр.н.е.



Репродукција на Победничкиот столб на Дуилиј, со клунови од освоените картагински бродови



Картагинскиот војсководец Ханибал, најстрашниот непријател на Рим



Територијата на Републиката во средината на I век пр.н.е.

Дознај повеќе



Римската волчица ги дои Ромул и Рем

Според една легенда, по падот на Троја, тројанскиот херој Ајнеја се населил во областа Латиј и се оженил со ќерката на тамошниот крал. Неговиот син Асканиј го основал градот Алба Лонга, најважниот град на Латините. Многу години подоцна, таму завладеал Амулиј, кој му го земал престолот на брат му Нумитор. Ќерката на Нумитор морала да стане свештеничка и не смеела да се омажи. Сепак, таа родила близнаци – **Ромул и Рем**, чиј татко бил богот Марс. Амулиј наредил децата да се убијат, но слугите се сожалиле и ја ставиле лулката во реката Тибар. Лулката сепак некако стигнала до брегот. Тогаш се појавила една волчица, која ги надоила бебињата, а потоа ги нашол и ги спасил некој овчар. Кога пораснале, браќата го му го вратиле престолот на нивниот дедо Нумитор. Тие решиле да основаат нов град, близу местото каде ги спасила волчицата. Но, при основањето на градот, браќата се скарале и Ромул го убил Рем. Ромул сам го основал Рим на 21 април 753 г. пр.н.е.

биле прогласени за провинции. Природните богатства на провинциите сега му припаѓале на Рим, а населението морало да плаќа даноци. Највисоката воена и цивилна власт била во рацете на провинцискиот управник, кој се испраќал од Рим. Повеќето управници ги интересирало само искористувањето на провинциите и личното збогатување. Во времето на Републиката, Римјаните не правеле многу за да го подобрат животот на жителите во провинциите. Римската власт предизвикувала големо незадоволство, а понекогаш дури и востанија.

КРИЗАТА НА РЕПУБЛИКАТА

Многубројните успеси и големите освојувања ѝ донеле неприлики на Римската Република. Нејзините државни органи биле основани кога Рим бил мал град-држава; тие веќе не биле соодветни за да се управува една огромна држава. Стопанството почнало да слабее, а започнала и војна со сојузниците од Италија, кои барале да имаат еднакви права со Римјаните. Последниот век од Републиката минал во постојани потреси и внатрешни борби.

Ова го искористиле неколку амбициозни војсководци кои се бореле за власта во Рим. Најуспешен од нив бил Јулиј Кајсар, кој ги победил соперниците и станал доживотен диктатор на Рим. Но, набргу и тој бил убиен од неговите политички противници.

Запомни

- **Рим бил основан во 753 г. пр.н.е., а во 509 г. пр.н.е. од кралство преминал во Република, во која граѓаните гласале закони и избирале службеници. Со силна војска организирана во легии, Рим победил во трите пунски војни и станал најмоќната сила во Средоземјето. Освоените територии биле претворени во провинции, но поради лошо управување настанале внатрешни кризи. Јулиј Кајсар станал диктатор, но бил убиен поради политичко незадоволство.**

V.2. Римското Царство

РАЃАЊЕТО НА РИМСКОТО ЦАРСТВО

По убиството на Јулиј Кајсар започнале нови војни. Победник во нив бил внукот на Кајсар, Октавијан Август. Август владеел од 27 година пр.н.е. до 14 година н.е. Тој не ги укинал републиканските институции и не зел некоја нова титула, туку се прикажувал како прв човек во државата, во која сè уште важеле законите и државните органи на Републиката. Затоа, уредувањето што го осмислил го нарекуваме **принкипат**, односно владеење на **принкепсот**, првиот човек во државата. Принкипатот како начин на владеење се одржал речиси триста години.



Октавијан Август, првиот римски цар

ПОДЕМИ И ПАДОВИ НА ЦАРСТВОТО

Август бил најголемиот освојувач во историјата на Рим. Во негово време биле освоени Египет, Балканскиот Полуостров и многу други земји. Неговите наследници се задоволиле само со тоа да ги бранат државните граници, кои го следеле текот на реките Рајна, Дунав и Еуфрат. Исклучок биле царевите Клавдиј и Трајан. Клавдиј успеал да покори голем дел од Британија, а Трајан ја освоил Дакија, како и делови од Месопотамија. Во времето на Трајан, Царството го доживеало најголемото територијално проширување.

Првите два века на Царството биле време на мир, стабилност и напредок. Ова важело и за провинциите, со кои сега се управувало подобро одошто во времето на Републиката. Во секоја провинција имало



Релјеф од Триумфалната порта на Клавдиј, во чест на освојувањето на Британија

Лицата на историјата



Аврелијан

Во III век н.е. Царството го зафатила голема криза и се чинело дека ќе се распадне. Дел од териториите се отцепиле, а дел биле преплавени од барбари. За среќа, во 270 година на власт дошол **Аврелијан**, најспособниот војсководец на неговото време. Тој прво ги поразил племињата што го нападнале Балканот и границите, потоа ги вратил источните провинции, а на крајот, ги поразил и одметниците од Галија и целосно го обединил Царството. За овие успеси бил наречен „Обновител на светот". Аврелијан сурово ги казнувал службениците што ја злоупотребувале својата функција. Некои од нив се уплашиле дека ќе бидат фатени, па сковале заговор и го убиле во 275 година.

големи градови, а развиениот градски живот бил темел на римската држава.

Но, во III век н.е. Царството го зафатила голема криза. Зачестиле напади на барбарските племиња, а градовите имале внатрешни проблеми. Границите попуштиле, па во повеќе провинции навлегле барбарски племиња, а некои територии се одвоиле од Царството.



Детал од столбот на Трајан со приказ на битка меѓу Римјаните и Дакијците



Римската империја во II век н.е.

Знаеш ли дека...

- ... од времето на Август, Рим добил постојана и професионална војска? Легионерите добивале плата и служеле во војската дваесет години. По завршувањето на воениот рок, тие добивале земја, или пак поголем износ на пари.
- ... во времето на принкипатот, царот и Сенатот си ја поделиле управата со провинциите? Оние со кои управувал царот се нарекувале царски провинции, а оние со кои управувал Сенатот – сенатски. Сите римски легии биле распоредени во царските провинции, па така царот имал целосна контрола врз римската војска.



Дознај повеќе

Римјаните постојано војувале со **племињата** на нивните граници. Овие племиња најпрвин ги ограбувале провинциите и се повлекувале, но, подоцна, притиснати од други племиња од истокот, почнале трајно да се населуваат во провинциите. Ова било многу опасно за државата, која губела население и средства. Таа тешко можела да се справи со напливот од воинствени доселеници. До средината на V век н.е., сите провинции на западното Царство минале во рацете на германски племиња. Во Британија се населиле Англо-саксонците, во Франција – Франките, во Шпанија – Визиготите, а во Африка – Вандалите. Од ваквата судбина не била поштедена ниту Италија. Десетина години по соборувањето на последниот цар, во Италија навлегле Остроготите, кои основале свое кралство.



ДОМИНАТ

Работите почнале да се подобруваат дури кон крајот на III век н.е., кога на власт дошол Диоклецијан. Тој направил темелни реформи со кои целосно ја преуредил државата. Владетелот сега се сметал за неприкосновен господар над сите поданици и бил почитуван како божество. Затоа овој систем го нарекуваме **доминат**, од латинскиот збор **доминус**, „господар".



Палатата на Диоклецијан близу Салона, денешен Сплит

Откако Диоклецијан се повлекол, веднаш почнале нови борби за власт. Тие завршиле со победа на Константин I, кој станал единствен владетел на Царството. Константин ги продолжил реформите и го доизградил доминатот како систем на владеење. Огромно значење имала неговата одлука да изгради нов град на местото на грчката колонија Византиј. Градот го нарекол Константинопол, а го основал во 330 година н.е. Со време, градот толку пораснал и се развил, што во V век станал престолнина на Источното Царство.

Од делата на старите писатели

„Хуните во храната не знаат ни за печено, ни за зачини. Никогаш не користат плуг; не живеат ниту во куќи, ниту во колиби. Вечно талкаат по шумите и планините, постојано го менуваат живеалиштето, или подобро да се каже – немаат живеалиште. Од детството се свикнати на секакви непогоди: студ, глад и жед. Во тоа селење, нивните стада одат по нив и ги влечат колите во кои се нивните семејства."

– Римскиот историчар Амијан Марцелин ги опишува Хуните

Знаеш ли дека...

- ... римскиот цар Нерон повеќе се интересирал за поезијата и уметноста, одошто за државата? Често приредувал поетски читања, а и самиот учествувал на поетски натпревари. Римјаните сметале дека ваквото однесување не е достојно за еден владетел. Кога во Рим избил големиот пожар, се раширил глас дека, наместо да помогне во гаснењето, Нерон пеел песна за падот на Троја.
- ... до времето на Диоклецијан, управувањето со државата станало толку тешко, што тој земал дури тројца совладетели? Овој начин на владеење го нарекуваме „четиривластие" или „тетрархија". По Диоклецијан, новите владетели брзу почнале да војуваат меѓу себе, па така пропаднал обидот државата да ја управуваат четири владетели.

ПАДОТ НА ЗАПАДНОТО РИМСКО ЦАРСТВО

Неприликите во државата станале толку големи, што еден владетел веќе не бил доволен за да управува со целото Царство. Последен владетел кој владеел со целата држава бил Теодосиј I. На крајот од животот, тој им ја поделил управата на своите синови. Во тоа време зачестиле нападите на разни племиња, а некои од нив успевале да се населат на територијата на Царството. Нападите биле посилни и побројни во западниот дел; таму Царството ги загубило сите провинции, освен Италија. Најпосле, во 476 година барбарскиот војсководец Одоакар го соборил последниот цар Ромул Августул. Ова вообичаено се зема како крај на Западното Римско Царство. За разлика од него, Источното Царство продолжило да постои уште илјада години.



Златна монета на Теодосиј I, последниот цар кој владеел со целата држава

Размисли и одговори

1. Како успеале Римјаните да го одржат мирот и стабилноста два века во толку голема држава?

Запомни

- Римското Царство било основано од Октавијан Август, кој владеел како прв човек (принкепс), задржувајќи ги институциите од Републиката.
- Во времето на Август и Трајан, Царството се проширило најмногу. Првите два века донеле стабилност, но во III век настапила голема криза.
- Диоклецијан вовел нов начин на владеење – доминат, каде царот бил апсолутен господар.
- Константин I го основал Константинопол, кој станал престолнина на Источното Царство. Западното Царство паднало во 476 година, но Источното опстанало уште илјада години.

V.3. Римското општество

ОПШТЕСТВЕНИТЕ СЛОЕВИ

Во римската држава, граѓаните биле поделени на **патрикии** и **плебејци**. Патрикиите ја претставувале старата аристократија од кралскиот период. Кога била основана Републиката, тие ги приграбиле сите политички и верски функции. Останатите граѓани ги сочинувале плебејците.

Првите векови од Републиката биле исполнети со борби меѓу двата слоја. Побогатите плебејци се стремеле да добијат пристап до највисоките политички функции, а посиромашните сакале да им се подобри имотната положба и да се заштитат нивните права. Политичката борба завршила на почетокот на III век пр.н.е. Плебејците добиле пристап до сите верски и политички служби, но економското прашање што ги засегало посиромашните не се решило до крајот на Републиката.

Како што се ширела државата, се јавила поделба на луѓе што имале граѓански права, и луѓе што се сметале за туѓинци. Против ваквата поделба најмногу се бунтувале сојузниците од Италија, кои му објавиле војна на Рим. По завршувањето на војната, тие добиле римско граѓанско право. Сите други слободни жители на државата го добиле ова право дури во 212 година н.е.

Во времето на Царството се јавила и поделба на **честити** и **понизни**. Во честитите влегувале благородниците од Рим и провинциите, царските службеници и воените заповедници. Тие имале разни



Две робинки во семејство на патриции ја служат господарката

Речник

патрикии – членови на старата римска аристократија; во еден период, тие ги контролирале сите политички и верски функции во Републиката.



Монета на италските востаници, кои барале римско граѓанско право. Прикажан е италскиот бик како ја прободува римската волчица.



Царот Каракала, кој во 212 г. им дал граѓанско право на сите слободни жители на Царството

Лицата на историјата



Марк Крас

Марк Крас бил еден од најмоќните и најбогати луѓе во доцната Република. Неговото богатство се проценувало на 229 тони сребро! Голем дел од богатството го стекнал така што евтино купувал имоти на убиени и прогонети политички противници, па ги обновувал и потоа ги продавал по високи цени. Велел дека е богат само оној што може сам да подготви и да издржува неколку римски легии. Се прославил кога сурово го задушил востанието на Спартак, при што распнал дури 6.000 заробени робови. Но, подоцна среќата го напуштила, па бил поразен и убиен во војната против Партите. Според традицијата, Партите му истуриле во устата топено злато, како казна за неговата неизмерна алчност.

економски и правни поволности што им биле ускратени на понизните. Ваквата поделба се задржала до крајот на Царството.

РОПСТВОТО ВО РИМ

Во Рим имало робови уште од најстаро време, но нивниот број многу се зголемил по големите освојувачки војни. Тие имале тежок живот и се користеле за најтешките и најопасните работи. Немале никакви права и зависеле од милоста на нивните господари. Еден римски писател дури тврдел дека е поевтино робовите да се истоштат до смрт и да се заменат, одошто да се води грижа за нив. Затоа тие често кревале востанија. Најпознато било востанието на Спартак во I век пр.н.е., кое било одвај задушено. Во времето на Царството состојбата малку се подобрила, а робовите добиле и мала законска заштита. Но, нивната положба и понатаму била тешка.

Подобро минувале оние што живееле и работеле во домаќинствата, а особено се ценеле



Окови со кои ги оковувале римските робови



Двајца робови служат вино на гозба

Знаеш ли дека...

... незадоволни од својата положба, плебејците неколкупати го напуштале Рим и се заканувале дека ќе си основаат свој град? Уплашени од ова, патрикиите морале да направат повеќе отстапки, за да ги убедат плебејците да се вратат во Рим.

Дознај повеќе

Уште од најраната историја на Рим, многу бил важен односот меѓу **патроните** и **клиентите**. Римјанинот кој барал помош и заштита од некој богат и моќен поединец се нарекувал клиент. Клиентите морале секојдневно да ги посетуваат своите патрони, да ги следат кога овие шетале низ градот, да ги слушаат нивните наредби и во собранието да гласаат за нив и за нивните најблиски. Во најрано време, тие дури морале и да војуваат во војските што ги собирале патроните. Патроните пак, биле должни да ги штитат интересите и правата на своите клиенти – ако требало, ги застапувале на суд, им давале пари и им помагале ако се наоѓале во некаква неприлика. Се сметало дека бројот на клиенти е одраз на моќта на патронот: колку повеќе клиенти, толку патронот бил помоќен. Овој обичај се задржал и во царско време.

учителите и лекарите. Тие често биле ослободувани од своите господари. Таквите луѓе се нарекувале **ослободеници**. Со време, се создал голем слој на ослободеници, а некои од нив успеле да стекнат и огромно богатство.

СТОПАНСКИТЕ ДЕЈНОСТИ

Земјоделството и сточарството биле основа на римското стопанство. Во различни провинции се одгледувале различни култури, во зависност од природните услови. Повеќето жители обработувале мали или средни имоти, а богатите располагале со огромни имоти кои се нарекувале **латифундии**.

Долгиот мир и одличната патна мрежа ја олеснувале трговијата меѓу провинциите. Разни стоки произведени на едниот крај, можеле да се сретнат на другиот крај на Царството. Само во Рим имало повеќе од 150 трговски еснафи. Римјаните тргувале и со далечните

Речник

ослободеници – поранешни робови, кои биле ослободени од своите господари.



Златна монета на царот Клавдиј најдена во Индија

Знаеш ли дека...

- плебејците се собирале во свое плебејско собрание, на кое избирале свои службеници? Најважни биле плебејските трибуни, задолжени да ги штитат интересите на сите плебејци. Бидејќи се сметало дека трибуните се под заштита на боговите, тие добиле голема моќ и влијание и подоцна имале важна улога во управувањето со Републиката.
- робовите на Сицилија веќе кренале две востанија неколку децении пред востанието на Спартак? За разлика од Спартак, кој сакал да побегне од Италија, робовите на Сицилија си организирале своја држава на поранешни робови. Но, како и востанието на Спартак, и овие две востанија биле крваво задушени.

Од делата на старите писатели

„Некои луѓе ги оставале своите болни и истоштени робови на островот на Асклепиј, бидејќи не сакале да плаќаат за нивното здравје. Затоа, царот Клавдиј објавил дека сите робови што биле напуштени на овој начин, ако оздрават, ќе станат слободни и нема да се вратат под власта на поранешните господари. Ако пак некој реши да го убие болниот роб, наместо да го напушти, ќе може да биде обвинет за убиство."

– Светониј опишува еден од царските закони со кои се ограничувала злоупотребата на робовите.

земји. Од Истокот се увезувале свила, зачини и егзотични стоки, а од Балтичкото Море доаѓал килибар.

Подеднакво важно било и занаетчиството. Сите поголеми градови, а најмногу Рим, биле големи производствени и занаетчиски центри. Ова важело и за големите легиски логори; всушност, многу важни градови никнале во близина на логорите на римските легии.

Речник

латифундии – огромни земјишни имоти обработувани од робови и слободни наемници.



Мозаик на кој е прикажано пренесувањето товар во пристаништето Остија. Товарот се пренесува од големиот морски брод, на помал речен брод кој потоа ќе плови по реката Тибар до Рим



Надгробен релјеф на римски ослободеник, кој е прикажан како вала волна

Размисли и одговори

1. Дали денес има луѓе кои немаат еднакви можности како другите? Што може да се направи за тоа?

Запомни

- Во римското општество постоеле големи разлики – патрикиите биле богатите и моќните, а плебејците обични луѓе кои подоцна добиле политички права.
- Имало и робови, кои немале никакви права. Најпознатото робовско востание го водел Спартак.
- Основа на стопанството било земјоделството, но важни биле и трговијата и занаетчиството. Развиената патна мрежа го поврзувала целото Царство.

V.4. Секојдневниот живот во Рим

КУЛТУРАТА НА ЖИВЕЕЊЕ

Животот на благородниците многу се разликувал од оној на обичните граѓани. Тие живееле во големи и пространи вили, кои се наоѓале во градовите или надвор од нив. Кога биле во Рим, денот го минувале на форумот, во Сенатот или во судниците. Во слободно време приредувале раскошни гозби и воделе расправи за разни теми од политиката, од литературата, или, пак, од културата воопшто.



Римска вила

Обичните граѓани живееле многу поскромно. Оние што живееле надвор од градовите, го минувале времето посветени на своите секојдневни занимања. Посиромашните жители на градовите, пред сè на Рим, живееле во **инсули** – станбени згради високи и до шест ката. На приземјето се наоѓале разни продавници и занаетчиски работилници. Бидејќи биле градени невнимателно, инсулите често се уривале; во нив избувнувале и пожари, кои можеле да зафатат голем дел од градот.



Римски инсули

Речник

инсули – високи згради со многу станови, во кои живееле посиромашните луѓе во старниот Рим.

кирикус – стадион, место во старниот Рим каде што народот се собирал да гледа трки со двоколки, да навива и да се забавува.

Од делата на старите писатели

„Политички вештиот цар не требало да ги занемари ниту актерите и другите изведувачи на сцена, ниту киркусот и аренатa. Царот разбирал дека, за да го контролира римскиот народ, најважни се снабдувањето со жито и претставите. Успехот на власта, колку што зависи од сериозните работи, исто толку зависи и од забавата. Занемарувањето на сериозните проблеми носи поголема штета, но занемарувањето на забавите носи поголема непопуларност. Подарувањето пари е помалку популарно, од претставите: подарувањето задоволува само поединечни плебејци, а претставите го прават среќно целото население."

– Фронтон ја опишува важноста од приредување претстави и игри во Рим.

Знаеш ли дека...

- Римјаните често користеле **гарум** за да го подобрат вкусот на храната? Тоа бил сос што се подготвувал од риба и билки. Внатрешноста на рибата се мешала со сол и се оставала да отстои на сонце додека не се претвори во густ и ароматичен зачин.
- Римјаните често посетувале гостилници? Гостилниците биле опремени со едноставни столчиња и маси, а покрај вино, на менито можело да се најде по некоја маслинка, леб и чорба. Всушност, Римјаните биле големи љубители на вино и често го мешале со вода, мед и зачини.



Фреска која стоела на ѕидот од гостилница

УЧИЛИШТАТА И ВОСПИТАНИЕТО

Најпрвин за образованието на децата било задолжено семејството. Ваквото образование главно значело дека треба да се совлада занаетот на таткото. Читање и пишување учеле само децата од највисоките слоеви. Подоцна, кај благородничките семејства се јавиле подучувачи – **тутори**, кои најчесто биле робови или ослободеници. Во втората половина на III век пр.н.е. се појавиле и првите приватни училишта. Цените за посетување на наставата биле мали, па повеќето граѓани можеле да си дозволат нивните деца да добијат барем најосновно образование. Иако претежнувале момчињата, во училиште оделе и многу девојчиња.

Наставата започнувала наутро. Таа била особено строга и често била проследена со физички казни. Учениците ги пишувале вежбите на дрвени таблички, а побогатите деца и на папирус. Прво учеле пишување, читање и основи на математиката, а потоа ги проучувале грчкиот и латинскиот јазик, како и класичните автори. На крајот завршувале со говорништвото. Во царско време станале многу важни правните училишта.

ИГРИТЕ И ЗАБАВАТА

Жителите на Рим често имале можност да уживаат во државни празници и прослави. Имало и многубројни прослави по повод некој воен или политички успех. Особено величествени биле прославите на големите воени победи на римската војска; овие празнувања се нарекувале **триумфи**. Во времето на Републиката, игрите и претставите ги организирале богатите, амбициозни



Релјеф на кој се прикажани учител, неговиот помошник и двајца ученици

Дознај повеќе



Во **трките со двоколки** учествувале четири тимови – Сините, Зелените, Белите и Црвените. Секој тим можел да учествува со најмногу тројца возачи во една трка. Возачите од еден тим често соработувале против останатите учесници. Тимовите имале група на навивачи и поддржувачи, а најпопуларни биле Сините и Зелените. Дури и царевите биле огнени навивачи – повеќето за Зелените, но некои и за Сините. Ривалствата меѓу навивачките групи биле многу жестоки и често завршувале со физички пресметки. Пронајдени се и многу таблички со клетви и навреди од членовите на една група, кон оние од другата. Навивачките групи опстанале и во времето на Источното Царство, па дури добиле и политичко и воено значење. Најважен политички настан поврзан со навивачките групи е востанието „Ника", во кое Сините и Зелените се здружиле против царот Јустинијан I.

политичари, а во царско време за организацијата се грижело царското семејство. Бројот на празници толку пораснал што во II век н.е. се случило во една година да има дури 135 празнични денови.

Забавата се состоела од различни активности, а многу популарни биле трките со двоколки. Овие трки се одржувале на **Киркус Максимус** – огромно здание што собирало повеќе од 150.000 гледачи. Посебно место во римските игри и забавата имале гладијаторските борби. Во најстаро време, тие биле дел од етрурските погребни обичаи. Но до средината на Републиката,



Катон со ќерката

Лицата на историјата

Според традицијата, Римјаните во времето на раната Република живееле скромно, умерено, па дури и строго. Ова важело и за посиромашните, но и за римските благородници. Има многу примери за успешни политичари и војсководци кои ја завршувале службата, па се враќале на своите имоти и продолжувале да си ја работат земјата.

Но, во III и II век пр.н.е. пристигнале нови влијанија. Римската аристократија сè повеќе се оддавала на раскош и слободно однесување. Против ова зборувал **Катон Постариот**, еден од најпознатите политичари на Републиката. Тој се борел против влијанието од Грција и хеленистичкиот исток, а особено не им верувал на грчките лекари и филозофи. Се залагал за враќање кон старата римска едноставност и скромност, за што пишувал во многу свои дела. За разлика од неговите претходници кои пишувале на грчки, Катон е првиот римски историчар кој пишувал на латински јазик.

Знаеш ли дека...

... харпастум била древна римска игра со топка, слична на денешното рагби? Целта била топката да се пренесе во спротивната половина на теренот, додека противничкиот тим се обидувал да ја одземе. Римските војници често ја играле како дел од обуката; така се запознавале со основните принципи на воената тактика и ја подобрувале физичката издржливост.

нивното првично значење било заборавено, па се прикажувале само заради забава. Гладијаторите си ги одмерувале силите во различни видови борби. Често се изведувала реконструкција на некоја позната битка од минатото; одвреме-навреме се организирале дури и поморски битки. Освен борбите меѓу гладијатори, омилени биле и борбите со ретки диви животни. Понекогаш биле организирани хајки на животни, а понекогаш животните се бореле меѓу себе. Дури и некои престапници завршувале во аренатa како жртви на дивите ѕверови.



Борба меѓу гладијатори и борба на гладијатори со диви животни

Размисли и одговори

1. Како се разликувал животот на богатите и сиромашните во Рим?
2. Дали ти би сакал да присуствуваш на гладијаторска борба? Зошто да или зошто не?

Запомни

- Во Царство општество постоела голема разлика меѓу богатите и сиромашните – едните живееле во вили, а другите во инсули. Децата се образувале дома или во училишта, каде наставата била строга. Римјаните често се забавувале со трки, претстави и гладијаторски борби, особено во Киркус Максимус. Исто така, славеле многу празници – дури 135 денови годишно.

V.5. Римската култура и уметност

РИМСКАТА КНИЖЕВНОСТ

Римската книжевност почнала да се развива под влијание на грчките и на хеленистичките писатели. Првите римски писатели дури и пишувале на грчки јазик. Како и Грците, и Римјаните ја сакале прозата, а особено поезијата. Со време, повеќе римски писатели се прославиле со својот извонреден стил и јазик, па нивните дела денес се сметаат за класици.

Римската книжевност го достигнала врвот во последниот век на Републиката и првиот век на Царството. Најпознати поети во тоа време биле Вергилиј, Хоратиј и Овидиј. Особено била популарна „Ајнеидата" на Вергилиј. Во ова епско дело, поетот ги опишал патувањата и авантурите на тројанскиот херој Ајнеја од уништувањето на Троја, па сè до неговото пристигнување во Латиј. Вергилиј го славел дамнешното минато на Римјаните, пеел за римските доблести и нагласувал дека Римјаните биле предодредени да станат господари на Средоземјето.

Од прозните видови, Римјаните особено ја сакале историографијата. Еден од најпознатите историографи бил Тит Ливиј, кој живеел во времето на Август.



Мозаик на Вергилиј, кој во раката држи свиток од Ајнеидата. Покрај него се музите на историјата и трагедијата.

Знаеш ли дека...



... Колосеумот во Рим бил најголемиот амфитеатар во антиката? Тој бил изграден од царевите Флавиј Веспазијан и неговите синови Тит и Домитијан, поради што се нарекува и „Амфитеатарот на Флавиевците". Изградено од травертин, туфа и бетон, се проценува дека ова огромно здание собирало од 50.000 до 80.000 гледачи. Фасадата била на три ката, со дорски, јонски и коринтски полустолбови, а најгоре имало и држачи за платнени натстрешници. Колосеумот имал 80 влезови кои продолжувале со ходник и скали, по кои гледачите стигнувале до своите места. Пристапот до седиштата бил толку добро осмислен, што целиот објект можел да се испразни за неколку минути. Колосеумот се користел за различни настани и спектакли – гладијаторски борби, лов на диви животни, убиства на престапници, театарски претстави итн. – сè до раниот среден век.

Лицата на историјата



Публиј Овидиј

Публиј Овидиј бил еден од најславните римски поети. Денес е најпознат по неговото епско дело со митолошка содржина наречено „Преобразби", но прво се стекнал со слава благодарение на неговата љубовна поезија. За разлика од неговите современици, тој не пишувал за славното минато на Рим, ниту пак го славел владеењето на Август. Повеќе го интересирале љубовните авантури и скандали на римската аристократија. Бидејќи и самиот бил вмешан во некој таков скандал, бил протеран лично од Август и починал во прогонство. Не знаеме каков точно бил престапот на Овидиј, но тој самиот вели дека бил протеран „поради една песна и една грешка".

Тој напишал едно огромно дело во 142 книги со наслов „Од основањето на градот". Во ова дело била прикажана римската историја од почетоците на Рим до владеењето на Август. Ливиј имал многу недостатоци како историчар, но затоа, пак, знаел извонредно да раскажува возбудливи настани и дела.

Говорништвото го доживеало најголемиот расцут во време на доцната Република. Од римските политичари се очекувало да бидат вешти и убедливи говорници; тие морале да бидат способни да зборуваат и во Сенатот, и пред насобраниот народ, и во судовите. Најголем римски говорник бил Кикерон, кој имал голем број судски и политички говори. Најпознати говори на Кикерон се говорите против Катилина и говорите против Антониј. Тој напишал и повеќе филозофски дела. Сепак, во филозофијата Римјаните уште долго време заостанувале зад Грците.



Римски говорник

Римјаните имале огромен придонес во развојот на правната наука. Почетоците на римското право се врзуваат со **Законикот на дванаесет таблици**, донесен уште во V век пр.н.е. Како што државата се развивала, се носеле и многу други закони. Римските правници ги анализирале и толкувале сите овие закони и со тоа ги поставиле темелите на правната наука. Сите римски закони биле собрани и уредени дури во VI век н.е., во времето на царот Јустинијан. Овие дела подоцна послужиле како основа за развојот на современото право.



Фрески во спална соба од римска вила

РИМСКАТА УМЕТНОСТ

И римската уметност се развивала под надворешни влијанија. Во прво

Дознај повеќе

Едни од најпрепознатливите градби во римските градови биле **јавните бањи**. Само во Рим кон крајот на I век пр.н.е. имало повеќе од 170 бањи, а до IV век н.е. – речиси илјада. Римјаните уживале да ги посетуваат бањите и оделе најмалку еднаш во денот.

Бањите се состоеле од неколку главни простории – соблекувална, топла просторија, врела просторија, ладна просторија и сауна. Температурата во просториите се регулирала со еден бронзен диск, со кој се подотворал или затворал отворот на таванот.

Просториите првично се загревале со котли на јаглен, но од I век пр.н.е. се раширила употребата на подно греење. Преку систем за вентилација, врелиот воздух од надворешните печки се внесувал под подот и потоа ги загревал ѕидовите на просторијата. Овој систем на загревање се користел и во другите јавни објекти, но и во приватните домови.



време било многу силно етрурското влијание, а подоцна претежнало грчкото. Сепак, и Римјаните имале придонес во развојот на уметноста. Една од главните особини на римската уметност е реалистичниот портрет. Римјаните не ги прикажувале ликовите идеализирано, туку онака како што навистина изгледале, со сите свои недостатоци. Реалистичниот портрет се забележува и на римските скулптури и слики, но и на приказите на римските монети.

Римјаните богато ги украсувале јавните градби и приватните домови со скулптури и слики. Под влијание на хеленистичките земји, постепено почнале да се шират и внимателно изработените мозаици, со кои се украсувале подовите. Мозаиците биле толку популарни, што со текот на времето секоја провинција си развила нејзин сопствен стил. Кај Римјаните имало и една новина: тие не ги користеле мозаиците само за да ги украсат подовите, туку ги ределе и на ѕидовите и на сводовите. Оваа техника подоцна се применувала и во изградбата на христијанските цркви.



Детал од мозаик од големата базилика во Хераклеја, Битола

РИМСКОТО ГРАДИТЕЛСТВО

Римјаните биле извонредни градители. Во нивно време, за првпат во историјата, како основен градежен материјал почнал да се користи бетонот. Римскиот бетон подобро и поцврсто ги врзувал камените блокови, а исто така се стврднувал и под вода. Поради начинот на кој се подготвувал, римскиот бетон има голема цврстина и трајност. Всушност, тој е потраен дури и од современите видови бетон. Втора важна особина на римското градителство е тоа што ги користеле лакот, сводот и куполата.



Римски аквадукт

Користењето на бетонот и на лакот им овозможило на Римјаните да градат огромни и трајни градби. Едни од најпознатите градби се римските водоводи, наречени **аквадукти**. Само за потребите на Рим биле изградени повеќе од десет аквадукти. Тие секојдневно носеле свежа вода за градот, кој во времето на Царството имал повеќе од еден милион жители. Друг вид градби карактеристични за Римјаните се триумфалните порти. Тие се состоеле од огромни столбови и еден или повеќе премини под свод. Се граделе во чест на големите воени победи. За вештината на Римјаните сведочат многу градби кои преживеале до денес. Меѓу нив, посебно место има **Пантеонот**, односно храмот посветен на сите богови. Куполата на овој храм важела за најголема во светот сè до XV век.



Римскиот Пантеон

Римјаните биле познати и по бројните поплочени патишта, по кои биле наредени крчми, станици и преноќишта. Вкупната должина на патиштата низ Царството надминувала 80.000 километри.

Размисли и одговори

1. Зошто римските поети, како Вергилиј, пишувале за минатото на Рим? Што сакале да постигнат?
2. Што можеме да дознаеме за римското општество преку нивната уметност и архитектура?

Запомни

- Римската книжевност, инспирирана од грчката, блеснала со автори како Вергилиј и Кикерон, а римското право поставило темели за денешното законодавство. Уметноста се одликувала со реализам, особено во портретите и скулптурите.
- Во архитектурата, Римјаните користеле бетон и нови техники за да изградат величествени објекти како Пантеонот и аквадуктите. Со патишта подолги од 80.000 km, го поврзале целото Царство.

V.6. Религијата во римско време

РИМСКИТЕ БОГОВИ И ВЕРУВАЊА

Римјаните верувале дека светот го населуваат разни натприродни сили и духови. Од нив особено ги почитувале духовите на предците, како и духовите-заштитници на домот и огништето. Живеалишта на боговите биле небесните височини и подземјето. Римјаните верувале дека боговите се грижат и управуваат со сите делови од човечкиот живот. За да ја задржат нивната наклоност, а да го одбегнат нивниот гнев, им се молеле и им принесувале разни жртви. Во време на најголема опасност, забележани се и примери на човечки жртви.

Римските богови и римското сфаќање за нив биле слични на грчките. Како што растело грчкото културно влијание, така и сличностите станувале сè поголеми. Најпосле, божествата речиси и не се разликувале, освен по своите имиња.

Врховен бог бил Јупитер, небесниот господар на молњите и громовите. Тој владеел заедно со сопругата Јунона, заштитничка на жените и бракот. Заедно со нив треба да се спомне и Минерва, ќерка на Јупитер и божица на мудроста. Римјаните ги славеле овие три божества заеднички и верувале дека тие се најважни за стабилноста и за напредокот на државата. Тие им укажувале почест и на Марс, богот на војната, Веста, божицата на домот и огништето, а подоцна и на Венера, божицата на љубовта.



Минерва, Јупитер и Јунона



Марс Одмаздникот, римскиот бог на војната

Знаеш ли дека...



- Јанус бил еден од најнеобичните римски богови? Тој бил бог на почетокот и крајот, на премините, на портите и на времето. Затоа се претставувал со две лица. Како бог на почетоците, го повикувале при секоја церемонија; затоа и првиот месец во годината – јануари, го добил името според него. Тој бил поврзан и со почетокот и крајот на секоја војна, па вратата од една градба што му била посветена се отворала во време на војна, а се затворала кога владеел мир во државата.
- планетите во Сончевиот Систем ги добиле имињата според римските богови? Исклучок е планетата Уран. Во XVIII век, предлагачот на името погрешно претпоставил дека и Уран е од римската митологија, иако тој, всушност, доаѓа од грчката.

Лицата на историјата



Нума Помпилиј

Според традицијата, **Нума Помпилиј** бил вториот крал на Рим. За разлика од Ромул и другите кралеви, Нума бил мирољубив и во негово време немало нови освојувачки војни. Наместо тоа, тој му се посветил на организирањето на новиот град. Донел многу закони и го уредил верскиот живот во Рим, ги основал главните свештенички здруженија, ги назначил свештениците посветени на секој бог, утврдил како правилно да се спроведуваат верските обреди, го реформирал календарот и го изградил храмот на богот Јанус. Тој тврдел дека сите овие мерки биле инспирирани од нимфата Егерија, која била негов постојан советник. Тие биле толку блиски, што кога разбрала дека Нума починал, Егерија толку многу плачела што од своите солзи се претворила во извор.

Секако, сето ова е легенда, а Нума веројатно никогаш и не постоел. Но, ваквите приказни се важни, бидејќи ни откриваат што мислеле Римјаните и како го сфаќале сопственото минато и почетоците на државата. Ромул може да се сфати како симбол за римската воена моќ и освојувањата, а Нума – за уредувањето на државата, почитувањето на законите и почитувањето на римските богови.

ИСТОЧНИТЕ КУЛТОВИ

Римјаните ги почитувале туѓите верувања и дозволувале да се обожаваат локални божества. Култот на малоазиската Кибела бил вклучен дури и во државниот пантеон. Други божества постепено се ширеле меѓу населението, често следејќи ги трговските патишта. Мошне популарен бил култот на Изида, стара египетска божица, која сега се славела како заштитничка на бракот и жената, на новороденчињата и на плодноста. Популарен бил и иранскиот Митра, кој во Рим се славел



Богот Митра прикажан како Непобедливото Сонце

Речник

пантеон – збирот на сите богови во некоја религија или митологија.



Божицата Изида

заедно со култот на Непобедливото Сонце. Митраизмот бил популарен во војската, а некои владетели го сметале Митра и за личен заштитник. Ваквите мистични верувања се ширеле поради желбата на луѓето за подлабоко духовно искуство, како и поради ветувањата за подобар живот по смртта, што тие ги нуделе.

РЕЛИГИЈАТА И ДРЖАВАТА

Римјаните верувале дека државата ќе биде безбедна и успешна сè додека ги почитуваат боговите. Затоа, пред да донесат каква било одлука, најпрвин испитувале каква е волјата на боговите, односно дали тие ја одобруваат замислата. За ова биле задолжени повеќе свештенички здруженија, кои се обидувале на различни начини да откријат каква е пораката од боговите. Еден од најчестите начини било испитувањето на внатрешните органи на животните – обичај што Римјаните го презеле од Етрурците. Сепак, се очекувало почитувањето на боговите и вршењето на верските обреди да бидат пристојни и во согласност со римските закони. Поради ова, некои туѓински култови се забранувале, а нивните верници биле прогонувани.

Во царскиот период за државната религија се грижел владетелот, кој бил и врховен свештеник. По смртта, добрите владетели биле прогласувани за богови.

Речник

свештеник – служител во храмот, кој претставувал врска меѓу луѓето и боговите и затоа имал големо влијание.



Август прикажан како врховен свештеник

Дознај повеќе



„Сатурналии" бил највеселиот и најомилен празник на Римјаните. Прославата започнувала на 17 декември: тогаш се ослободувала статуата на Сатурн која била окована во текот на целата година. Со време, празникот почнал да се празнува сè подолго, па на крајот прославите траеле седум дена. Некои цареви се обиделе да го намалат бројот на празнични денови, но народот продолжил да си празнува цела седмица.
На Сатурналиите владеела речиси карневалска атмосфера. Имало многу шегување, а граѓаните носеле слободна и неформална облека. Си разменувале подароци, најчесто восочни фигурички или, пак, керамика, а времето го минувале во јадење, пиење, веселби и разни друштвени игри.
Со сето ова раководел „првенец на Сатурналиите", чиј избор служел за исмевање на вообичаените, сериозни избори на државни службеници. Дури и робовите имале поголема слобода. Тие вечерале пред своите господари и можеле да им се обраќаат послободно, па дури и дрско! Не е ни чудо што Римјаните толку многу го сакале овој весел празник, а славниот поет Катул го прогласил за „најдобриот ден во годината."

Знаеш ли дека...

- свештеничките што ѝ служеле на божицата Веста се нарекувале „весталки"? Тие се избирале од девојчиња од благороднички семејства и служеле најмалку триесет години. За тоа време не смееле да се мажат, ниту да имаат љубовни врски. Прекршувањето на овој завет се казнувал со страшна смрт. Тие биле задолжени да го одржуваат светиот и вечен оган на Веста, што според легендите, во Рим го донел кралот Нума Помпилиј. Весталката што ќе дозволела огнот да згасне била камшикувана и тепана. Но, весталките биле моќни почитувани и имале привилегии што им биле ускратени на другите Римјани. Затоа, дури и по изминувањето на триесетте години, многу од нив одбирале да ја продолжат свештеничката служба.
- имињата на месеците се истите што ги користеле Римјаните? Некои од нив се според имиња на божества, а некои – според нивното место во календарот. Јули и август, кои претходно имале други имиња, биле преименувани во чест на Јулиј Кајсар и Октавијан Август.

Всушност, царевите уште во текот на својот живот имале сопствен царски култ во провинциите. Тој се славел заедно со култот на божицата Рома. Почитувањето на царскиот култ истовремено значело и прифаќање на царската, односно римската власт. Оние, пак, што одбивале да го почитуваат царскиот култ се казнувале и се прогонувале.

Истражи

Направи список со неколку римски богови (на пример: Јупитер, Минерва, Марс, Венера) и истражи како се викале нивните грчки еквиваленти. Напиши по една реченица за секој. Најди кои симболи или животни ги претставувале. Нацртај еден од тие богови со неговите симболи.

Размисли и одговори

1. **Зошто Римјаните дозволувале почитување на туѓи богови, но сепак воведувале царски култ?**
2. **Како религијата ѝ помагала на Римската држава да го одржува редот и власта?**

Запомни

- **Римјаните почитувале многу богови и духови, особено оние поврзани со домот и предците. Главни божества биле Јупитер, Јунона и Минерва, заштитници на државата.**
- **Многу римски богови биле слични на грчките, но со други имиња. Прифаќале и туѓи култови, како Кибела, Изида и Митра.**
- **Религијата била поврзана со слобода на исповедање на верата – царот бил врховен свештеник и имал свој култ.**

V.7. Појавата на христијанството

ИСУС ХРИСТОС

Бидејќи долго живееле под јаремот на освојувачи, кај Хебреите се развило учење дека Бог ќе испрати Спасител кој ќе им помогне да ја вратат слободата. Една таква личност бил Исус од местото Назарет, роден во времето на царот Август. Заедно со најблиските следбеници, наречени **апостоли**, тој патувал низ областите Јудеја и Галилеја и проповедал дека Бог ќе го воспостави своето царство и ќе донесе правда. За време на своите патувања Исус го поучувал народот на добрина, смиреност и меѓусебна љубов, но се раскажува дека правел и чуда. Неговата популарност претставувала закана и за Хебреите и за римските власти. Поради тоа, во времето на царот Тибериј, Исус бил распнат – а според неговите ученици, по три дена воскреснал.



Мозаик со приказ на Исус, црква Св. Пракседа, Рим

ШИРЕЊЕ НА ХРИСТИЈАНСТВОТО

Христијанството започнало како движење во рамките на хебрејската религија, но брзо се раширило и меѓу другото население. До II век веќе имало поголеми христијански заедници во сите поважни градови од Царството. Најголемиот број верници доаѓале од пониските слоеви, но имало и влијателни поединци кои ѝ припаѓале на римската аристократија. Ширењето на христијанството одело лесно поради организацијата на Царството. Тоа било големо и имало одлична патна мрежа која ги поврзувала

Речник

катакомби – подземни простории или ходници каде што во старо време се погребувале луѓе.

аџилак – патување на верниците до свето место.

Знаеш ли дека...

... Јулијан (361–363), наречен „Отпадникот", бил последниот цар кој се обидел да го спречи ширењето на христијанството и да го обнови почитувањето на старите богови? Тој повторно ги отворил храмовите што биле затворени и обновил многу што во меѓувреме пропаѓале. Не организирал нови прогони на христијаните, туку укинал разни привилегии што верниците и црквата ги добиле низ годините. Сепак, неговите мерки постепено станувале сè построги. На крајот, неговите реформи не успеале, зашто по само година и пол на власт, Јулијан загинал во поход против Персија.



Дознај повеќе

Катакомбите се долги подземни ходници, во кои христијаните ги погребувале своите починати верници. Во времето на големите прогони – кога собирањето и извршувањето обреди по приватните куќи станало опасно – катакомбите почнале да се користат и како скривалишта и места за богослужби. Христијаните ги украсувале ѕидовите од катакомбите со едноставни цртежи и симболи, како риба, јагне, пастир, сидро, за да ја покажат својата вера без да бидат откриени од Римјаните. Овие слики изгледале како секојдневни сцени, но за верниците тие ги пренесувале христијанските пораки и идеи. По признавањето на христијанството за рамноправна религија, катакомбите станале место за аџилак.





Исус и апостолите

најоддалечените места во државата. Долгиот мир им овозможувал на луѓето безбедно да патуваат.

Користењето на грчкиот и на латинскиот јазик низ целото Царство овозможило пораката полесно да стигне до различните народи. Учењата на Исус најпрвин се пренесувале усно. Набргу се појавиле и пишани дела, во кои се толкувале и образложувале христијанските верувања и се давале практични совети. Голема важност имале посланијата на св. апостол Павле, како и четирите евангелија во кои биле опишани животот и делата на Исус.



Крстилницата во Стоби

Знаеш ли дека...

... двата најважни христијански празници се Божиќ, денот кога се родил Исус, и Велигден, кога тој воскреснал? Православните христијани го слават Божиќ на седми јануари, а Велигден секоја година се слави на различен датум, но секогаш во недела.

... за време на неговите мисионерски патувања, Апостолот Павле четиripати ја посетил провинцијата Македонија? Во текот на овие патувања ги основал првите христијански заедници во Филипи, Тесалоника и Бероја.

Тие послужиле како основа за **Новиот завет**, кој заедно со **Стариот завет** ја сочинува светата книга на христијаните – **Библијата**.

ХРИСТИЈАНСКИТЕ ПРОГОНИ

Во почетокот, Римјаните не им посветувале многу внимание на христијаните. Нив ги сметале за уште една хебрејска секта, па ги презирале и ги исмевале нивните верувања и обреди. Христијаните повремено биле напаѓани и гонети – на пример, во времето на царот Нерон, кој ги обвинил дека подметнале голем пожар во Рим. Но, во првите два века ваквите примери биле исклучок. Прогоните на христијаните зачестиле во III век, а го достигнале врвот во времето на царот Диоклецијан и неговиот наследник Галериј. Во нивно време пострадале голем број христијани; таквите луѓе ги нарекуваме **маченици**.

Треба да запомниме дека прогоните не се случувале поради нетрпение кон христијанската религија. Римјаните не ги интересирало во што веруваат христијаните. Но бидејќи верувале само во еден Бог,

Речник

секта – група луѓе кои веруваат и се однесуваат поинаку од поголемата верска заедница.

воскресение – враќање во живот по смртта.

евангелија – книги што ја раскажуваат животната приказна и поуките на Исус Христос.



Златна монета на Галериј

Лицата на историјата



Св. Павле

Апостолот Павле за прв пат го среќаваме во „Делата на светите апостоли", и тоа како прогонувач на христијаните. Тој бил ревносен припадник на хебрејската вера; но еднаш, додека патувал за Дамаск, наводно го заслепила небесна светлина и го чул гласот на Христос, кој го прашал зошто го гони. По ова, тој се покрстил. Бидејќи имал римско граѓанско право, патувал насекаде и го проповедал Евангелието од Арабија, до Шпанија, и меѓу Хебреите, и меѓу паганите. Во текот на неговата мисионерска дејност, апостол Павле основал многу црковни заедници и составил бројни посланија што се вклучени во Новиот завет. Според преданието, бил погубен со отсекување на главата во Рим, за време на владеењето на Нерон.

Од делата на старите писатели

„Христијаните не треба да се гонат, но ако некој ги пријави и ги обвини, тогаш треба да се казнат. Ако некој одрекува дека е христијанин, и тоа јавно го докаже со тоа што ќе принесе жртви на нашите богови, макар и да бил сомнителен во минатото, треба да му се прости затоа што се покајал. При обвинувањето не треба да се земаат предвид анонимните дојави, зашто тие се најлош пример и не се соодветни на духот на нашево време."

– Упатства на царот Трајан до провинциските управник Плиниј, како да се однесува при обвиненијата против христијаните.

христијаните одбивале да им укажат почест на државните божества и да учествуваат во царскиот култ. Како што спомнавме, одбивањето се сметало за предавство казниво со смрт. Сепак, до IV век веќе станало јасно дека христијанството не може да се искорени со насилство. Затоа, во 313 година Константин I и Ликиниј го објавиле **Миланскиот едикт**. Со овој документ на христијаните им се гарантирала слобода на вероисповед и враќање на целиот имот што им го одзеле во прогоните. Веќе во 380 година, царот Теодосиј I го прогласил христијанството за државна религија.



Приказ на битката на Милвиските мост. Наводно, пред оваа битка Константин видел на небото знак во облик на крст.

Размисли и одговори

1. Дали мислиш дека е важно секој да има слобода да верува во што сака? Зошто?
2. Замисли дека си ученик во време кога христијаните биле гонети. Како би се чувствувал ако слушнеш за некој што бил казнет затоа што верува различно?

Запомни

- Христијанството започнало со учењата на Исус Христос за љубов, правда и Божјо царство. Според верувањето, тој бил распнат и воскреснал по три дена.
- Верата брзо се проширила низ Римското Царство благодарение на мирот, патиштата и заедничките јазици.
- Христијаните биле гонети затоа што не го почитувале царскиот култ. Во 313 г. со Миланскиот едикт добиле слобода на вера, а во 380 г. христијанството станало државна религија.

ПРОВЕРИ КОЛКУ НАУЧИ

V.1. Стариот Рим

1. Кои биле меѓу најважните и најпознати народи што живееле на Апенинскиот полуостров?
2. Зошто положбата на градот Рим била погодна за негов развој?
3. Кој бил основач на Рим и кои органи биле основани во негово време?
4. Како етрурските кралеви влијаеле врз изгледот и културата на раниот Рим?
5. Како функционирала Римската република? Кои биле главните органи на власт?
6. Што било значајно за улогата на конзулите и Сенатот во Рим?
7. Како изгледала римската војска во времето на Републиката?
8. Опиши како Рим ја покорил цела Италија. Кои народи ги поразил?
9. Спореди ги Ханибал и Скипион како војсководци. По што се разликувале?

V.2. Римското Царство

1. Кој победил во борбите по смртта на Јулиј Кајсар?
2. Зошто уредувањето на Октавијан Август се нарекува принкипат?
3. Кои територии ги освоил Август и како тие го зајакнале Царството?
4. По што се истакнале царевите Клавдиј и Трајан?
5. Објасни како изгледало Римското Царство во времето на Трајан.
6. Зошто првите два века на Царството се сметаат за време на стабилност?
7. Што е доминат и по што се разликува од принкипатот?
8. Зошто Диоклецијан спровел темелни реформи во државата?
9. Каква улога одиграл Константин I во понатамошниот развој на Царството?

V.3. Римското општество

1. Кои биле двете главни општествени групи во раната римска држава?
2. Зошто плебејците воделе борба против патрициите?
3. Што било постигнато со политичката борба на плебејците во III век пр.н.е.?
4. Спореди ја положбата на плебејците и патрикиите во Републиката.
5. Како се развила поделбата меѓу граѓани и туѓинци кога се проширила римската држава?
6. Кои граѓани биле нарекувани „честити" во времето на Царството и зошто?
7. Каква била положбата на робовите во Рим?
8. Кои биле главните стопански дејности во римската држава и зошто?
9. Претстави како би изгледал еден ден од животот на римски занаетчија или трговец.

V.4. Секојдневниот живот во Рим

1. Како се разликувал начинот на живеење на благородниците од оној на обичните граѓани во Рим?
2. Објасни зошто инсулите често предизвикувале несреќи во градот.
3. Какво било образованието на римските деца во најраните фази?

4. Спореди го училиштето во Рим со училиштето денес. По што се разликуваат?
5. Кој предмет бил особено важен за учениците што сакале да станат јавни говорници?
6. Како се нарекувале прославите на големите воени победи во Рим?
7. Објасни како се променил бројот и начинот на организирање на празниците од Републиката до Царството.
8. Кои биле најпопуларните видови игри и забави во Рим?
9. Каква била улогата на гладијаторските борби во римското општество?

V.5. Римската култура и уметност

1. Кој бил најпознатиот римски еп и кој бил неговиот автор?
2. Објасни што е „Ајнеидата" и зошто била важна за Римјаните.
3. Зошто римските поети често се инспирирале од грчките митови и литература?
4. Кој римски историограф напишал дело во 142 книги? Каков бил неговиот стил?
5. Објасни зошто говорништвото било важно во Римската Република.
6. Кој е најстариот римски законик, кога бил донесен и зошто е значаен?
7. Замисли дека си уметник во римска провинција. Каков мозаик би направил и каде би го поставил?
8. Објасни како функционирале римските аквадукти и каква била нивната улога.
9. Зошто Пантеонот се смета за едно од највеличествените римски достигнувања во архитектурата?

V.6. Религијата во римско време

1. Објасни зошто Римјаните принесувале жртви на боговите.
2. Како се менувале римските богови под влијание на грчката култура?
3. Кој бил врховниот бог во римскиот пантеон и кои две божества владееле заедно со него?
4. Зошто Јупитер, Јунона и Минерва се сметале за заштитници на државата?
5. Кои туѓински култови биле прифатени и проширени во римската држава?
6. Опиши го култот на Изида и зошто бил популарен во Рим.
7. Кои биле причините за популарноста на мистичните верувања, како митраизмот?
8. Замисли дека си римски војник. Зошто би го прифатил култот на Митра?
9. Каква била поврзаноста меѓу религијата и државната политика во Рим?
10. Зошто некои туѓински култови биле забранети во Рим?

V.7. Појавата на христијанството

1. Кој бил Исус Христос и од каде потекнувал?
2. Објасни зошто пораката на Исус се сметала за надеж меѓу дел од населението во царството.
3. Според христијаните, што се случило по распнувањето на Исус?
4. Како се проширило христијанството низ Римското Царство?
5. Зошто грчкиот и латинскиот јазик биле важни за ширењето на верата?
6. Што се посланијата на апостол Павле и каква е нивната важност?
7. Објасни како настанал Новиот завет.
8. Зошто христијаните биле прогонувани од римските власти?
9. Што претставува Миланскиот едикт и кое е неговото значење за христијанството?

ГЕОГРАФИЈА ТЕМА VI

ОРИЕНТАЦИЈА ВО ГЕОГРАФСКИОТ ПРОСТОР



Вовед

Луѓето отсекогаш имале потреба да ја определат својата положба во просторот за да се движат безбедно и да ги достигнат своите цели. Со текот на времето, научиле да користат различни ориентири – природни и создадени од човекот – за да се снајдат во околината.

Дали е тоа планина, река, културно-историски споменик или спортски објект, способноста за ориентација е клучна за разбирање на просторот околу нас. Сонцето, ѕвездата Северница, мовта на дрвјата, компасот и картите се дел од алатките што ги користиме за прецизно да ја определиме географската положба на некој објект или место.

Во современиот свет, ориентацијата не е само вештина за преживување, туку и основа за патување, истражување и откривање нови места.





СОДРЖИНИ

- VI.1. Земјата на глобус и географска карта
- VI.2. Размер и видови размер
- VI.3. Видови географски карти
- VI.4. Географска/картографска мрежа, изохипси и картографски знаци
- VI.5. Географска ширина и географска должина
- VI.6. Ориентација во просторот
- VI.7. Земјина ротација и Земјина револуција
- VI.8. Месно време, часовни зони и датумска граница
- Провери колку научи

На крајот од оваа тема ќе можеш:

- ✓ да користиш глобус, географска карта, напоредници, меридијани, изохипси и картографски знаци во конкретни ситуации;
- ✓ да определуваш географска ширина и географска должина на одредено место и да користиш размер за пресметување на растојание во природата со помош на географска карта;
- ✓ да објаснуваш за начини на ориентација во просторот и да применуваш некои од нив во практика;
- ✓ да објаснуваш за месно/локално време, зонско време, светско време, часовни зони и да определуваш зонско време на места/градови кои припаѓаат во различна часовна зона.



VI.1. Земјата на глобус и географска карта

ЗЕМЈАТА НА ГЛОБУС

Глобусот, како наставно помагало, со неговата форма, изглед и положбата на оската е најверен модел за претставување и проучување на Земјата во училишни услови. Од глобусот се дознава обликот на Земјата, распоредот на големите копнени и водни површини и наклонот на Земјината оска. На глобусот е претставена целата Земјина површина, воопштено и со помалку информации, посебно кај малите држави во светот.

Во наставата по географија се користат два вида глобуси: **индукционен** и **географски глобус**. На индукциониот глобус не се прикажани природните елементи на Земјата, како што се копното и водите. Тој служи за вежбање, бидејќи на него може да се пишува како на училишна табла. На географскиот глобус се прикажани континентите и океаните, односно најкрупните форми на Земјата. Бидејќи глобусот е недоволно практичен за носење и чување, но и сиромашен со информации за Земјината површина, за поширока примена се изработуваат и користат повеќе видови **географски карти**.

ГЕОГРАФСКА КАРТА

Географска карта е намалена или воопштена слика на целата Земјина површина или некој нејзин дел.

Речник

географски глобус – модел на планетата Земја што се врти.

географска карта – цртеж на Земјината површина, на одделни нејзини делови, континенти или држави.

оска – замислена права околу која се врти некое тело.

хемисфера – полутопка.



Географски глобус



Индукционен глобус


Дознај повеќе

Кои се елементите на глобусот?

Оска: Глобусот секогаш стои на оска, замислена линија што поминува низ Северниот Пол, Јужниот Пол и центарот на Земјата.

Полови и екватор: Северниот и Јужниот Пол се најсеверната и најјужната точка на глобусот. Екваторот е замислена кружна линија што го обиколува глобусот на средина помеѓу половите, делејќи го на северна и јужна полутопка.

Картографска мрежа: од паралели (напоредници) и меридијани. Линиите паралелни на екваторот се нарекуваат напоредници, а тие што нормално го сечат се нарекуваат меридијани.





Развлечена Земјина површина од глобус на карта



Разлика помеѓу содржините и информациите за Европа, претставена на глобус и карта: глобусот е најточната претстава на обликот на нашата планета, а картата е претстава на Земјата на рамна површина. На глобусот се прикажува целиот свет, а на картата може да се прикаже или целиот свет или само некој негов дел.

претставен на рамна површина. Таа е специјално нацртана слика со смислено одбрани бои и математички правила на изработка со цел да дадат реална претстава за прикажаниот простор. **Боите** се наменети за јасно и недвосмислено претставување на природните елементи на Земјата, како што се: низините, планините, океаните, езерата, реките итн. Освен нив, картите содржат **имиња**, **нумерички** (бројчани) **податоци** и други знаци. Сето тоа ѝ помага на картата да биде корисна за учење, бидејќи покажува каде се наоѓаат природните елементи и како луѓето го користат просторот во кој живеат. Географската карта е целина од повеќе делови и елементи: **рамка**, **размер**, **содржина**, **легенда**, **картографска мрежа** и други. Географските карти се изработуваат

Речник

елипсоид – геометриско тело што настанува со ротирање на елипса околу сопствената оска.

екватор – замислена кружна линија што минува на еднакво растојание од половите на Земјината топка и ја дели на две полутопки.

легенда – список со знаци и нивно објаснување.

атлас – збирка географски или друг вид карти.



Елементи на карта



Географска карта од XVIII век, на која се прикажани хемисфери, континенти и океани

Знаеш ли дека...

... Земјата има неправилна топчеста, односно елипсоидна форма? На најсеверната и на најужната точка (кај половите) таа е сплесната, а во средината е издолжена и најширока кај екваторот.



во електронска и печатена форма, на хартија или на платно.

Покрај географските карти, за наставата во училиштата се користат и други видови карти за други цели. Збирката од повеќе географски карти што како целина ја претставуваат целата Земјина површина се вика **атлас**.



Географски атлас

Истражи

1. Спореди ја површината на Република Северна Македонија на глобус и на географска карта. Забележуваш ли разлики? Наведи и објасни некоја од најбитните разлики.

Размисли и одговори

1. Сврти го глобусот и најди го местото што сакаш да го посетиш. Како најлесно ќе стигнеш дотаму?
2. Географските карти се изработуваат во различни проекции. Кои континенти на училишните карти се најреално претставени, а каде има изместени димензии? Зошто?
3. Најголемиот остров на светот, Гренланд, зафаќа петпати помала површина од континентот Европа. Што мислиш, зошто на географските карти на светот, Гренланд е претставен со слична површина како Европа?
4. Зошто на географските карти копнените површини се претставени со различни бои?
5. Со каков симбол ќе го означиш здравствениот дом ако треба да нацрташ карта на населено место?

Запомни

- Глобусот како нагледно средство најверодостојно ја прикажува Земјата.
- Постојат два типа глобус: географски и индукционен.
- Географска карта е намалена или воопштена слика на Земјата.
- Секоја карта има повеќе елементи: наслов, размер, содржина, легенда, картографска мрежа и други.
- Збирка од повеќе карти се вика атлас.

VI.2. Размер и видови размер

ПОИМ ЗА РАЗМЕР

Размерот е еден од математичките елементи, според којшто картите како специјални цртежи (слики) се разликуваат од произволно изработените, уметнички цртежи и слики. Размерот го дава сообносот помеѓу природната и претставената (насликаната) површина на прикажаниот простор. Размерот е одговорен за верноста на картата чијашто намалена Земјина површина мора да соодветствува со природната величина на прикажаниот простор. Тој е одговорен за реално претставување со запазен распоред на елементите во просторот. Размерот е однос меѓу растојанијата на картата и истите растојанија во природата. Тој покажува колку пати една должина или површина во природата е намалена на картата.

ВИДОВИ РАЗМЕР

Размерот на карта може да биде означен со **број** или **графички** (линиски). Со него можат да се пресметуваат природните должини на претставените патишта, реки, граници и слично. Со размерот може да се пресметуваат и претставените површини на картата: државни територии, езера, општини итн. Со помош на размерот, во домашни и училишни услови дознаваме за природните димензии на географскиот простор.

Бројниот размер на географските карти е обележан со крупни и впечатливи броеви, надвор од претставената (картирана) површина. Тој е задолжителен математички елемент на картите што го дава односот или пропорцијата помеѓу реалната и претставената димензија на Земјината површина. Првата цифра од лево е

Речник

размер – број што покажува колку пати се намалени димензиите на картата во однос на димензиите во природата.

броен размер – претставување на размерот со броеви, на пример: 1 : 100.000.

графички размер – претставување на размерот на линија со помош на размерници.



Броен размер

Дознај повеќе

Пиратските карти на скриено богатство биле изработувани во размери што вешто биле изменувани со цел таа карта да ја разбира само тој што ја направил. Случајните пронаоѓачи на овие карти треба да вложат дополнителен труд да го разберат размерот на картата пред да појдат во потрага по богатството.




единица и го означува растојанието на карта, а вториот број покажува колку пати тоа растојание (должина) е намалено во однос на неговата димензија во природата. На пример, размерот 1 : 1.000.000, значи дека 1 cm на карта претставува 1.000.000 cm во природата, односно 10.000 m што е еднакво на 10 km.

Графичкиот размер е хоризонтална линија поделена на повеќе еднакви делови. Броевите над или под линијата го покажуваат растојанието во природата, што значи дека секој дел од линијата одговара на определена должина во природата. Поточно, еден сантиметар на линијата одговара на еден или повеќе километри во природата. Тој служи за брзо и полесно пресметување на пократки растојанија на картите без да се вршат математички пресметки што се неопходни при користењето на бројниот размер.

НАЧИН НА ПРИМЕНА НА ГРАФИЧКИОТ РАЗМЕР

Графичкиот размер се применува така што со помош на линијар или шестар се мери должината меѓу две места на картата и тоа растојание се пренесува на графичкиот размер десно од нулата. Бројката која се поклопува со пренесената должина од картата покажува колкава е таа должина во природата.

Ако растојанието меѓу две места на картата е, на пример, 3 cm, и таа должина кога ќе се пренесе на графичкиот размер се поклопува со бројката 6 km, тоа значи дека реалното растојание меѓу тие две места во природата изнесува 6 километри.



Графички размери


Примена на графички размер со помош на линијар и шестар

Дознај повеќе

Размерот кај географските карти на светот е **релативен**, односно, не е насекаде еднаков. Имено, кога сферната површина на Земјата треба да се претстави на рамна површина кај географските карти, мора да дојде по понагласено растегнување на поларните области. Од тие причини, областите околу половите на Земјата на географска карта на светот се претставени поголеми во однос на нивните природни димензии.



Знаеш ли дека...

... во 2012 година е создадена најмалата карта на светот, со големина од само 22 на 11 микрометри? Размерот на оваа карта е околу 1 : 200.000.000.000. Таа е толку мала што може да се види само со многу моќен микроскоп. Илјада вакви карти може да се сместат на само едно единствено зрнце сол!



ФУНКЦИЈА И ЦЕЛИ

Размерот, броен или графички, е неопходен елемент на географските карти што им помага на картографите правилно и верно да ја нанесат Земјината површина на хартија. Нам ни помага полесно и точно да ја разбереме далечината меѓу местата и големината на просторите прикажани на картата. Со помош на размерот можеме да пресметаме колкаво е растојанието во природата помеѓу две точки на картата, без да одиме таму. Ова е многу корисно при планирање патувања, истражување, учење и ориентирање. Исто така, размерот ни покажува дали картата е направена за прикажување на помало подрачје (со голем размер) или на голема површина (со мал размер). Затоа, секоја географска карта мора да има јасно означен размер, за да можеме точно да ја користиме.



Графичкиот размер покажува дека растојание од 4 cm од картата одговара на 1 km во природата.

Истражи

Поделете се во мали групи или во парови. Со помош на размер определете колку изнесува растојанието во природата меѓу Скопје и Струмица според истото растојание измерено на карта.

Размисли и одговори

1. На карта со размер 1 : 100.000 растојанието меѓу две точки е 5 cm. Колку се оддалечени овие точки во природата?
2. На картата растојанието меѓу Штип и Радовиш е 10 cm. Во природата, по воздушна линија, тие се оддалечени 25 km. Кој е размерот на картата?

Запомни

- Земјата се прикажува на глобус и на географска карта на светот, помалку или повеќе во некоја намалена форма.
- Да се изработи карта, мора да постои определен размер.
- Во зависност од приказот, размерот, може да биде броен и графички.
- Графичкиот размер е хоризонтална линија поделена на повеќе еднакви дела.

VI.3. Видови географски карти

КРИТЕРИУМ ЗА ПОДЕЛБА НА КАРТИТЕ

Постојат повеќе видови карти, во зависност од целта со којашто е изработена и намената со која треба да им послужи на корисниците. Во основа, поделбата на сите карти може да се изврши според: **размерот, содржината и намената**.

ПОДЕЛБА НА КАРТИТЕ СПОРЕД РАЗМЕРОТ

Според големината на размерот картите се делат на: **планови, топографски и географски карти.**

Плановите имаат крупен размер, обично од 1 : 1000 до 1 : 10.000. Тие служат за детално претставување на мали површини од Земјата (градови) со многу висок степен на точност.

Топографските карти, вообичаено, се изработуваат во размер од 1 : 10.000 до 1 : 200.000. Тие служат за мошне богато и прецизно претставување на поголеми површини од Земјата (општини и помали



План на градот Ротердам, во крупен размер

Речник

план – карта со крупен размер, за детално претставување на мали површини од Земјата (градови).

топографска карта – карта за богато и прецизно претставување на определени површини од Земјата (општини и помали региони од држави).



Ротердам на карта во ситен размер

Знаеш ли дека...

... најстарата позната географска карта е стара околу 2.500 години и е создадена од стариот грчки научник Анаксимандар? Таа карта била цртана на кожа или дрво и ги прикажувала тогаш познатите делови од светот!



региони од држави). Тие се користат за ориентација во помал простор. Со нивна помош може да се определува наклонот на земјиштето, надморската висина на која било точка во просторот, а нудат и други практични придобивки.

Географските карти се изработуваат во среден размер, од 1 : 200.000 до 1 : 1.000.000 или во ситен размер од 1 : 1.000.000 до 1 : 40.000.000. Тие служат за претставување на многу големи површини од Земјата (држави, континенти или целиот свет), но со висок степен на вопштеност и помалку информации.

Речник

физичка карта – вопштена карта во среден или во ситен размер, за претставување на природните елементи од површината на Земјата (планини, низини, езера, реки и друго).



Дел од топографска карта, размер 1 : 25.000



Примерок од географска карта, размер 1 : 25.000.000

ПОДЕЛБА НА КАРТИТЕ СПОРЕД СОДРЖИНАТА И НАМЕНАТА

Картите според **содржината** се поделени на: **физички**, **политички** и **стопански**. Физичките карти во прв план ги истакнуваат природните елементи на Земјината површина: брегот, релјефот и водите. Политичките карти ја истакнуваат политичката поделба на светот на држави, региони од држави, општини и атари на населени места. Стопанските карти ги прикажуваат изградените објекти и стопанските карактеристики на прикажаниот простор: земјоделството, индустријата, сообраќајот, туризмот итн.



Физичка карта на Европа



Политичка карта на Европа



Стопанска карта на Европа за енергетски извори и објекти

Знаеш ли дека...



... топографските карти изработени во размер од 1 : 25.000 до 1 : 50.000, во минатото имале примарно значење во воени услови? Тие се користеле за прецизно читање на релјефот и правилно поставување на стратегијата за напад или за одбрана.

Содржината и намената честопати се поклопуваат, така што според намената може да се издвојат: **училишни**, **сообраќајни**, **поморски**, **туристички, исторски, климатски** и други. Картите што обично се користат во училиште на часови по географија се нарекуваат физичко-географски карти. Тие на претставената површина нудат подеднаков преглед на природните и стопанските елементи од просторот.



Пример за климатска карта на Америка



Туристичка карта на Европа

Размисли и одговори

1. Зошто луѓето користат различни видови географски карти, наместо само една?
2. Ако се движиш низ планински ненаселени простори, каков вид карта ќе ти биде од најголема корист – топографска или политичка? Зошто?
3. Дали сите карти се еднакво точни? Што мислиш, што е поважно – големината на картата или точноста на прикажаните информации?

Запомни

- Просторот од Земјата се претставува на рамна површина со одреден размер, содржина и легенда.
- Плановите се изработени во многу крупен размер.
- Географските карти претставуваат големи површини од Земјата.
- Картите според намената се делат на: училишни, сообраќајни, поморски, туристички и др.
- Топографските карти имаат голема практично значење за ориентација и снаоѓање во просторот.

VI.4. Географска/картографска мрежа, изохипси и картографски знаци

КАРТОГРАФСКА МРЕЖА

За полесно и точно определување на **местоположбата** на сите елементи кои се прикажуваат на глобусот и картите, се изработува **мрежа** од хоризонтални и вертикални линии. Овие линии, всушност, ја градат **картографската мрежа** од **напоредници** (паралели) и **меридијани,** позната под името **географски координатен систем.**

НАПОРЕДНИЦИ

Сите точки на Земјата, освен половите, при нејзината ротација, за 24 часа прават полн круг од 360°. Замислените кругови на точките кои ротираат се паралелни и лежат напоредно едни спроти други. Овие замислени кругови се викаат **напоредници** или паралели.

Напоредниците имаат различна должина. Најдолг напоредник е **екваторот**, кој минува низ средишниот дел на Земјата и ја дели на две еднакви полутопки: северна и јужна. Екваторот како почетен напоредник се бележи со 0°. Од екваторот кон Северниот и кон Јужниот Пол, замислените напоредници се помали. Бидејќи половите се точки коишто при ротацијата на Земјата не опишуваат цели кругови, тогаш на двете Земјини полутопки можат да се повлечат по **89 паралели**. Нивниот збир вклучително и екваторот, како почетен напоредник, дава збир од **179 напоредници** во картографската мрежа кај глобусот и кај географските карти.

МЕРИДИЈАНИ

Меридијаните се замислени полукружни линии кои ги поврзуваат Северниот и Јужниот Пол. Тие се еднакви по



Напоредници



Меридијани

Речник

напоредници – паралели, замислени кружни линии на Земјината топка, паралелни со екваторот.

меридијани – замислени полукружни линии што ги сечат напоредниците и ги поврзуваат двата пола на Земјата.

картографска мрежа – мрежа од напоредници и меридијани, или географски координатен систем.

изохипса – линија што на топографска карта ги спојува местата со иста надморска висина.


еквидистанца – висинска разлика помеѓу изохипсите.

кота – точка на надморска висина означена на географска карта со бројка.

должина и минуваат низ секој степен на екваторот. Бидејќи екваторот е круг кој има 360°, значи дека постојат **360 меридијани**. Поради еднаквата должина на сите меридијани, почетниот од нив е определен со меѓународен договор. За почетен меридијан се смета оној што минува низ местото Гринич, во близина на Лондон. Овој меридијан се вика **Гринички меридијан** и се бележи со 0°.

ИЗОХИПСИ

Изохипсите се затворени криви линии што поврзуваат точки од релјефот со иста надморска висина и никогаш не се сечат. Тие најмногу се користат кај топографските карти за пластично претставување на распоредот, протегањето и наклонот на релјефните површини.



Претставување на релјефните површини со помош на изохипси

Во една група од неколку концентрично поставени изохипси, вообичаено, внатрешните, пократки изохипски прикажуваат повисоко земјиште. Надворешните, подолги изохипси, претставуваат пониско земјиште. Растојанието помеѓу две соседни изохипси ја прикажува меѓусебната висинска разлика на теренот што го претставуваат. Ако изохипсите меѓусебно се доближени, тоа покажува дека релјефот е стрмен, односно, има поголем наклон. Кога изохипсите на картата се одвоени, тоа укажува на поблаг наклон на релјефот што го претставуваат.



Изохипси на топографска карта

Во легендата на картите задолжително треба да е назначена **еквидистанцата**, односно висинската разлика помеѓу изохипсите во содржинскиот дел.

За поедноставно користење на картите, покрај изохипсите постојат и **коти,** односно точки со означена надморска висина во метри. Заедно со изохипсите, котите овозможуваат појасна претстава кај читателот на картата за релјефните карактеристики на претставената Земјина површина.


Дознај повеќе

Следејќи една **изохипса** можеме да ги најдеме сите места што имаат иста надморска висина. Таму каде што изохипсите се блиску една до друга, теренот е стрмен. Таму каде што се оддалечени една од друга, теренот е порамен.
Кај топографските карти со размер 1 : 50.000 **еквидистанцата** помеѓу изохипсите може да биде поставена на 20 метри. Секоја петта изохипса е претставена со задебелена линија и покажува промена на надморската висина за 100 метри.



КАРТОГРАФСКИ ЗНАЦИ

Освен релјефот и останатите природни елементи, во географскиот простор постојат и создадени објекти: **населби, патишта, железници, аеродроми, рудници, фабрики, хидроцентрали, верски објекти итн.** Нивното прикажување на географските карти може да заземе голем простор и да покрие некој од природните елементи на Земјата. За да се заштеди просторот на географските карти, претставувањето на стопанските и некои природни објекти е решено со помош на **картографски знаци.** Тие не заземаат голем простор во содржинскиот дел, бидејќи се ситни симболи што ја покажуваат локацијата на стопанските и некои природни објекти во природата. Значењето на тие симболи е објаснето во легендата, што ни помага полесно да ги читаме картите.



Картографски знаци

Истражи

Со помош на топографска карта, пронајди неколку места со различна надморска висина, користејќи изохипси. Препознај и запиши 5 картографски знаци што ги срекаваш на картата.

Размисли и одговори

1. Како се викаат линиите што ги поврзуваат Северниот и Јужниот Пол?
2. Какви линии се напоредниците, кружни или полукружни? А какви се меридијаните?
3. Дали можеме да видиме напоредник или меридијан во природата? Образложи.

Запомни

- За полесно и точно определување на местоположбата на секоја точка, картата и глобусот имаат картографска мрежа, која се состои од напоредници (паралели) и меридијани.
- Замислените паралелни кругови северно и јужно од екваторот се викаат напоредници, а замислените полукружни линии кои ги поврзуваат Северниот и Јужниот Пол се меридијани.
- За почетен меридијан се смета Гриничкиот меридијан.
- Изохипсите се затворени криви линии на картата кои поврзуваат точки со иста надморска висиочина.
- Во легендата, со картографските знаци се означуваат стопанските и некои природни објекти на картата.

VI.5. Географска ширина и географска должина

МЕСТОПОЛОЖБА НА ДАДЕНА ТОЧКА НА ЗЕМЈИНАТА ТОПКА

Да се определи местоположбата на дадена точка од Земјината површина, без оглед дали е во населен простор, сред океан или пустина, значи да се определат нејзините **координати**. Тоа, всушност, значи да се определи географската ширина и географската должина на дадената точка. За таа цел служи **Географскиот координатен систем** (мрежата) од напоредници и меридијани што се нанесени на глобусот и географските карти.



Координатен систем за определување географска положба

ГЕОГРАФСКА ШИРИНА

Географската ширина претставува аголно растојание на избрана точка од Земјината површина, во однос на **екваторот.** Таа може да биде северна или јужна. Точките што се наоѓаат северно од екваторот имаат северна географска ширина (СГШ), а точките што се наоѓаат јужно од екваторот имаат јужна географска ширина (ЈГШ). Географската ширина се изразува во аголни степени, минути и секунди. Точките на северната полутопка може да имаат од 0° до најмногу 90° (кај Северниот Пол) северна географска ширина. Точките на јужната полутопка може да имаат од 0° до најмногу 90° (кај Јужниот Пол) јужна географска ширина.

Речник

координати – опис на географската положба на дадена точка во природата или на географска карта.



Напоредници



Меридијани



Координатна точка

Линии од мрежата за определување координати

ГЕОГРАФСКА ДОЛЖИНА

Географската должина претставува аголно растојание на избрана точка од Земјината површина, во однос на **Гриничкиот меридијан.** Таа може да биде исклучиво источна или западна. Точките што се наоѓаат источно од Гринич имаат источна географска должина (ИГД), а точките што се наоѓаат западно од Гринич имаат западна географска должина (ЗГД).

Географската должина се изразува во аголни степени, минути и секунди. Точките источно од Гринич може да имаат од 0° до најмногу 180° источна географска должина, а точките западно од Гринич може да имаат од 0° до најмногу 180° западна географска должина. Ако екваторот е круг што ја дели Земјата на северна и јужна полутопка (хемисфера), тогаш Гриничкиот меридијан е полукруг што ја дели Земјата на западна и источна полутопка.


Речник

географска ширина – аголно растојание на која било точка во однос на екваторот.

географска должина – аголно растојание на која било точка во однос на Гриничкиот меридијан.

екватор – замислена кружна линија што ја дели Земјината топка на две полутопки.

Гринич – населено место во близина на Лондон, каде што се наоѓа Кралската опсерваторија за астрономски истражувања.



Определени координати на дадена точка

Знаеш ли дека...

... половите имаат најголема географска ширина (Северен Пол 90° СГШ и Јужен Пол 90° ЈГШ) и немаат дефинирана географска должина? Северниот Пол е единствената точка на Земјата од каде што во кој било правец се оди во јужен правец. Кај Јужниот Пол е обратно. Оттаму во кој било правец се оди кон север!

Значи, географските координати на дадена точка од Земјината површина се наоѓаат на местото каде што се вкрстува напоредникот и меридијанот на истата точка. Географските координати ја означуваат положбата на дадената точка, изразувајќи го нејзиното аголно растојание, како од екваторот, така и од Гриничкиот меридијан.

Географската должина, заедно со географската ширина, овозможува прецизно да се определи местоположбата на која било точка на Земјата. Таа е од големо значење за ориентирање, навигација и користење на географските карти. Денес, со помош на сателити и GPS-уреди (или GPS-апликации на нашите мобилни телефони), координатите се определуваат брзо и точно, што е особено важно за патување, мапирање и истражување.



Гринички меридијан

Знаеш ли дека...

... до 1884 година за почетен меридијан се сметал Парискиот меридијан? Затоа, во старите карти географската должина на Париз е 0 степени и сите останати должини се приспособени на овој меридијан. Одлуката кој меридијан ќе биде земен за почетен се сметала како битка за политичка моќ меѓу Франција и Велика Британија. Денес, во Париз, може да се посети Парискатa опсерваторија и да се види каде точно поминувал Парискиот меридијан.



Парискиот меридијан минува низ опсерваторијата во Париз

Размисли и одговори

1. Може ли две места да имаат иста географска ширина?
2. Може ли две места да имаат иста географска ширина и географска должина?
3. Ако екваторот ја дели планетата Земја на северна и јужна полутопка, на кои полутопки ја дели Гриничкиот меридијан?
4. Може ли надморската висина да има негативна вредност?

Запомни

- Географската ширина покажува колку едно место е оддалечено на север или на југ од екваторот.
- Географската должина покажува колку тоа место е оддалечено на исток или на запад од почетниот меридијан.
- Во картографската мрежа има 360 меридијани и 179 напоредници.
- Географската ширина може да биде северна или јужна, додека географската должина може да биде источна или западна.

VI.6. Ориентација во просторот

Под поимот ориентација се подразбира сознание за положбата каде се наоѓаме во даден момент во просторот. Географската ориентација се состои од определување и покажување на страните на светот од точката на стоиштето. Тоа може да се постигне со помош на **средства за ориентација**. Тие можат да бидат технички направи, како што е компасот, потоа аналогниот рачен часовник или, пак, некои природни и изградени објекти што се наоѓаат во просторот.

КОМПАС

Страните на светот најточно се одредуваат со **компас**. Тој се состои од кутија на која со букви се означени меѓународните скратеници на главните и на споредните страни на светот: N – север, S – југ, E – исток и W – запад. Во средина се наоѓа магнетна игла, која лесно ротира кога компасот е во хоризонтална положба.



Ориентација во природа со помош на компас

Речник

ориентација – определување на местоположбата на дадена точка.

компас – направа со магнетна игла со чија помош се определуваат страните на светот и служи за ориентација во просторот.



Компас

Знаеш ли дека...

... првиот компас бил измислен во древна Кина пред повеќе од 2.000 години? Компасот бил направен од магнетизиран камен во облик на лажичка што се вртел на метална плоча. Тој не служел за патување, туку за гатање и избор на среќна насока! Дури подоцна почнал да се користи за ориентација при патувања.



Едната половина од иглата е обоена со црвена боја и ја покажува северната страна, а другата половина на иглата покажува југ. За точно одредување на страните на светот, во близина на компасот не треба да има метални предмети бидејќи тие ја привлекуваат **магнетната игла** на компасот.


ОРИЕНТАЦИЈА СО ПОМОШ НА СОНЦЕТО И РАЧЕН ЧАСОВНИК

Многу често, луѓето се ориентираат според **Сонцето.** Сенките што ги проектираат објектите на Земјата ја менуваат должината и правецот во текот на денот. Сенките на предметите се најкратки напладне и го покажуваат правецот север. Ова правило важи кај нас и не е универзално за целиот свет бидејќи зависи од месецот во годината и од географската ширина на местото каде што се врши ориентацијата. Со помош на Сонцето и рачен аналоген часовник може да се определи јужната страна. Имено, кога малата стрелка е насочена спрема Сонцето, тогаш симетралата од аголот помеѓу неа и бројот 12 го покажува правецот југ.

Речник

мов – зелена растителна покривка која живее на влажни површини.

годови – концентрични прстени на површината на пресечено стебло од некое дрво.



Ориентирање со помош на Сонцето и рачен часовник



Определување на страните на светот со помош на рачен часовник

Знаеш ли дека...

... снегот и мразот на планините и ридовите се показатели за страните на светот? Снегот подолго се задржува на северните (осојни) падини, а побрзо се топи на јужните (присојни) падини. Јужните падини во летниот период имаат воочливо посиромашна вегетација од северните падини. Траги од влага и епифитска вегетација (мовови) врз стари и запуштени градби е забележлива на нивните северни ѕидови.



ОРИЕНТАЦИЈА СО ПОМОШ НА SВЕЗДАТА СЕВЕРНИЦА

Навечер, при ведро небо, најдобар показател при ориентацијата во просторот е ѕвездата **Северница**. Таа се наоѓа над **Северниот Пол** и го покажува правецот **север**. Северницата е најсјајна ѕвезда и се наоѓа во созвездието Мала Мечка или Мала Кола.



Ориентација во природата со помош на ѕвездата Северница

ОРИЕНТАЦИЈА СО ПОМОШ НА ПРИРОДНИ И ИЗГРАДЕНИ ОБЈЕКТИ ВО ПРОСТОРОТ

Во густа шума, можеме да се ориентираме според **мовта** и според **годовите** (**прстените**) на дрвјата. Мовта најчесто расте на северната страна на дрвјата бидејќи не е осончена. Годовите на дрвјата, на јужната страна од пресечените стебла се повеќе одвоени едни од други, а на северната се позбиени.

Во просторот можеме да се ориентираме и со помош на **религиозни објекти** (цркви, џамии и сл.). Така, кај православните цркви, главниот влез е поставен на западната страна, додека олтарот е поставен на источната страна. Кај православните гробишта, споменикот е поставен на западната страна, во опозиција на изгревот на Сонцето од источна страна.



Ориентација со помош на годови кај исечено стебло

Истражи

Испитај го правилото на определување на страните на светот со помош на сопствената сенка, рачен часовник и ѕвездата Северница. Дали забележуваш некоја отстапка?

Истражи како можеш да се ориентираш во природата и на други начини, на пример со помош на трагите од животните, потоците, ветрот, карпите и релјефните форми.

Размисли и одговори

1. Што значи да се ориентираш во просторот?
2. Како можеме да се ориентираме во природата кога е ден, а како кога е ноќ?
3. Какви направи можеме да користиме за ориентација во просторот?

Запомни

- Под поимот ориентација се подразбира сознание за местоположбата во просторот.
- Страните на светот наједноставно се определуваат со помош на компас.
- Во природата можеме да ги користиме природните знаци за да се ориентираме. За ова може да ни помогне положбата на Сонцето во текот на денот, ѕвездата Северница во текот на ноќта, мововите и годовите на дрвјата, итн.

VI.7. Земјина ротација и Земјина револуција

ЗЕМЈАТА ПОСТОЈАНО СЕ ДВИЖИ

Земјата е во состојба на постојано движење. Таа ротира околу својата оска, се движи околу Сонцето, и заедно со Сонцето и другите планети се движи околу центарот на **галактиката**. Во минатото, посебно во средниот век, постоело мислење дека Земјата е неподвижна, а останатите небесни тела се движат околу неа. Оваа погрешна теза (мислење) била производ на сетилен привид кај набљудувачот. Привидот дека Земјата е неподвижна се јавува поради фактот што сите предмети околу набљудувачот, заедно со Земјата се движат со еднаква брзина.



Земјина ротација и Земјина револуција

ЗЕМЈИНА РОТАЦИЈА И ПОСЛЕДИЦИ

Движењето на Земјата околу својата замислена оска од запад кон исток се нарекува **Земјина ротација**. За време на ротацијата, Земјата опишува цел круг околу својата оска во период од 24 часа или едно денонокие.

Сите точки на Земјата не ротираат со еднаква брзина. Најголема ротациска брзина постигнуваат точките на екваторот, бидејќи тој е најдолг круг опишан околу Земјата. Точките поблиски до половите за исто време опишуваат пократки кругови, што значи ротираат побавно.

Поради ротацијата, секоја точка од Земјината површина, само еднаш, во текот на денонокието е во положба да се наоѓа спроти Сонцето. Тоа се случува напладне, кога велиме Сонцето е највисоко, односно во **зенитот** над таа точка.

Речник


галактика – ѕвездена групација од стотици милијарди ѕвезди.

орбита – патека по која се движат небесните тела или вештачките летала.

Земјина ротација – вртење, кружење на Земјата околу својата оска.



Правец и ротациски брзини на Земјата



Дневно привидно движење на Сонцето

Како научни докази за ротацијата на Земјата се сметаат: привидното дневно движење на Сонцето околу Земјата во правецот исток-запад, елипсоидната форма на Земјата, скршнувањето на постојаните ветрови – пасатите и други. Како главна последица од Земјината ротација се јавува смената на денот и ноќта во период од 24 часа.


Речник

Земјина револуција – движењето на Земјата околу Сонцето.

зенит – кога Сонцето е највисоко на небото над една точка.

ЗЕМЈИНА РЕВОЛУЦИЈА И ПОСЛЕДИЦИ

Движењето на Земјата околу Сонцето се вика **Земјина револуција**. Земјата во временски период од 365 дена и приближно 6 часа, се завртува еднаш околу Сонцето по елиптична патека, наречена **орбита.** Таа е долга 940 милиони километри. Оската на Земјата спрема рамнината што ја зафаќа орбитата е наведната за агол од 66 степени и 33 минути (66^0 33'). Просечната брзина на Земјата за време на револуцијата изнесува приблизно 30 km/s.



Земјина револуција и главни последици

Постојат повеќе научни докази за Земјината револуција. Еден од нив е привидното годишно движење на ѕвездите на небото. Имено, кај набљудувачите на ѕвезди се создава привид дека тие ја менуваат положбата во текот на годината и опишуваат кружни движења на небото. Земјината оска е наведната, па поради тоа во текот на годината различни делови од Земјата добиваат различна сончева светлина. Тоа доведува до последици од Земјината револуција: **смена на годишните времиња** и **неедnакво трање на денот и ноќта** на двете полутопки.

СМЕНА НА ГОДИШНИТЕ ВРЕМИЊА

Помеѓу **20 и 21 март**, настапува **пролетната рамнодневица**. Тогаш Земјата зазема таква положба што двете нејзини полутопки се еднакво осветлени и загреани од страна на Сонцето. Денот и ноќта траат по 12 часа. На северната полутопка започнува пролетта, а на јужната полутопка започнува есента.

Помеѓу **20** и **22 јуни**, настапува **летната долгодневица**. Земјата зазема таква положба што северната полутопка е повеќе осветлена и загреана за разлика од јужната полутопка. На северната

Знаеш ли дека...

... летната долгодневица има корени во древните култури кои ја славеле моќта на Сонцето и плодноста на земјата? Луѓето верувале дека на овој ден Сонцето има најголема моќ и дека е идеално време за ритуали на прочистување, плодност и обновување на енергијата. И денес, луѓето ширум светот го слават овој посебен ден со песни, танци и огнови, чествувајќи ги природата и светлината. Летната долгодневица е симбол на животната сила и обновата.

Дознај повеќе

Традиционално, за почетен датум на пролетта на северната полутопка на Земјата се зема **21 март**. Но, астрономскиот почеток на пролетта не е определен со фиксен датум и час секоја година! Тоа е поради нерамномерната брзина на Земјата кога се движи околу Сонцето и разликата помеѓу **календарската година** (365 или 366 дена) и **астрономската година** (365 дена, 5 часа, 48 минути и 46 секунди). Така, пролетта во различни години може да започне на 19, 20 или 21 март. Слично е и со останатите годишни времиња.

полутопка започнува лето и денот е значително подолг од ноќта. На јужната полутопка започнува зимата, каде што ноќта е подолга од денот.

Помеѓу **22 и 23 септември**, настапува **есенската рамнодневица**. Тогаш Земјата зазема таква положба што вторпат во годината, двете нејзини полутопки се еднакво осветлени и загреани од страна на Сонцето. Денот и ноќта траат по 12 часа. На северната полутопка започнува есента, а на јужната полутопка започнува пролетта.

Помеѓу **21 и 22 декември**, настапува **зимската краткодневица**. Земјата зазема таква положба што јужната полутопка е повеќе осветлена и загреана за разлика од северната полутопка. На северната полутопка започнува зимата и денот е значително пократок од ноќта. На јужната полутопка започнува летото, каде што ноќта е пократка од денот.

Денот и ноќта на половите се менуваат на 6 месеци. Практично, од есенската до пролетната рамнодневица, Северниот Пол се наоѓа во сенка, односно има ноќ, а од пролетната до есенската рамнодневица, постојано е осветлен и има ден. На Јужниот Пол состојбата е обратна.

Истражи

Истражувај, дознај и објасни зошто месецот февруари трае 28, односно некогаш 29 дена.

Размисли и одговори

1. Зошто велиме дека движењето на Сонцето околу Земјата е привидно?
2. Зошто не може да се докажат Земјините движења со помош на сетилното спознание?
3. Објасни како доаѓа до смена на годишните времиња.

Запомни

- Земјата постојано се движи околу својата оска, околу Сонцето и заедно со Сонцето, околу центарот на галактиката.
- Земјините движења се тешко забележливи за човечките сетила и истите научно се докажуваат.
- Ротацијата е дневно движење на Земјата околу својата оска што предизвикува смена на денот и ноќта.
- Револуцијата е движење на Земјата околу Сонцето што доведува до смена на годишните времиња и различно траење на денот и ноќта.

VI.8. Месно време, часовни зони и датумска граница

ОСНОВНИ МЕРНИ ЕДИНИЦИ ЗА СМЕТАЊЕ НА ВРЕМЕТО

Земјината ротација е искористена за мерење на времето на Земјата. Како основни **мерни единици** за сметање на времето се: секунда, минута, час, ден, недела (седмица), месец и година. За **ден** се смета временскиот период потребен за една Земјина ротација, односно времето за коешто Земјата опишува цел круг околу својата оска. Денот е поделен на 24 часа, односно на 1440 минути, односно на 86.400 секунди. За **година** се смета времето потребно за една Земјина револуција. За мерење на времето во минатото се користеле направи како што се сончевиот и песочниот часовник. Денес се употребуваат мошне прецизни аналогни, кварцни и атомски часовници.



Сончев часовник | Песочен часовник | Аналоген часовник | Дигитален часовник

МЕСНО ВРЕМЕ

Времето може да биде **месно** (локално), **зонско** и **светско**. Секое место на Земјината површина има свое месно (локално) време. Кога Сонцето ќе ја достигне најголемата височина над местото на набљудување, тоа значи дека се изедначува во иста линија со меридијанот на набљудувачот. Тогаш, според локалното време е **пладне**, односно 12 часот. Поради ротирањето на Земјата од запад кон исток, пладнето веќе одминало кај точките што лежат источно од набљудувачот, а точките што лежат западно од набљудувачот се стремат кон пладне. Сите точки по должината на еден меридијан имаат исто месно, односно локално време.

ЗОНСКО ВРЕМЕ И ЧАСОВНИ ЗОНИ

Бидејќи е непрактично сите населени места на Земјата да се ориентираат според нивното месно време, воведено е **зонското време**. Тоа е времето на секоја од дваесет и четирите часовни зони на Земјата. Земјата


Речник

месно време – времето во некое место; секое место на Земјината површина има свое месно време.

светско време – локалното време на Гриничкиот меридијан.

часовни зони – 24 појаси на Земјата со меридијански правец на протегање, каде што секој појас зафаќа по 15 степени географска должина и сите места во рамките на појасот имаат исто зонско време.

зонско време – времето на секоја од дваесет и четирите часовни зони на Земјата.



Сонцето во зенитот на меридијанот (пладне по локално време)

Дознај повеќе

Светското време се бележи со **UTC**. Доколку се наоѓаме во зона каде што часовникот ни покажува пет часа подоцна од светското време, таа зона ја бележиме со UTC+5. Доколку покажува 7 часа порано, бележиме UTC-7. Зоните UTC+12 и UTC-12 го означуваат местото каде што денот почнува и завршува и се наоѓаат на спротивната страна на планетата, гледано од Гринич.

е поделена на **24 часовни зони** затоа што за време од 24 часа таа опишува еден круг околу својата оска. Ако полниот круг математички има 360 степени, тогаш за еден час секоја точка на Земјата поминува 15 степени од кругот. Затоа секоја часовна зона опфаќа по 15 меридијански или должински степени. Почетната (нулта) часовна зона се простира до 7° и 30' источно и западно од Гринич и се нарекува **западноевропска часовна зона**. Источно од неа се наоѓа **средноевропската часовна зона** каде што се наоѓа територијата на Република Северна Македонија. Тоа значи кога во Лондон е 12 часот напладне, тогаш во Скопје е 13 часот попладне. Источно од средноевропската се наоѓа **источноевропската часовна зона**. Таму, на пример во Софија, во исто време стрелките на часовникот покажуваат 14 часот попладне.



Часовни зони на Земјата

Знаеш ли дека...

... Русија е поделена на дури 11 часовни зони? Границите на часовните зони често не ги следат предвидените меридијани и се поместуваат зависно од државните граници. Помалите држави што се на граница меѓу две часовни зони, најчесто одбираат една, со цел во целата држава да има исто време.

Знаеш ли дека...

... потребата за поставување датумска граница потекнува уште од XVI век? Имено, експедицијата на Магелан, патувајќи околу светот во правец од исток кон запад, и покрај педантното водење на дневникот, при пристигнувањето во Шпанија „изгубила" еден ден. Тие превиделе дека поради Земјината ротација и нивното преминување низ сите часовни зони на Земјата требало во дневникот да додадат еден ден повеќе!



СВЕТСКО ВРЕМЕ И ДАТУМСКА ГРАНИЦА

Покрај зонското време, познато е т.н. **светско време** што се однесува на локалното време на Гриничкиот меридијан. Според тоа, новиот ден на Земјата започнува кога на Гриничкиот меридијан е полноќ. Воочливо е дека при премин од една во друга часовна зона, часовникот се поместува за еден час понапред или поназад. Тоа значи дека меридијанот што се наоѓа на 180 степени источно, односно западно од Гринич треба да биде **датумска граница** чиешто локално време се разликува од локалното време на Гринич за 12 часа. Затоа позната практика во поморскиот сообраќај е доколку се патува од запад кон исток, поради Земјината ротација, при преминот на датумската граница се препишува истиот датум. Но, доколку се патува од исток кон запад, тогаш се прескокнува еден ден понапред.

Речник

датумска граница – линијата од спротивната страна на Гриничкиот меридијан, каде што се менува датумот.



Датумска граница на Земјата

Размисли и одговори

1. Имаш по еден пријател на секој континент. Кој од нив живее на место со приближно исто време како во твоето место?
2. Во Скопје е еден час подоцна од Лондон каде што се наоѓа Гринич. Како ќе ја означиш часовната зона во која што се наоѓа Скопје?
3. Џакарта, главниот град на Индонезија, се наоѓа во зоната UTC+7. Колку е часот таму во моментов?
4. Буенос Аирес, главниот град на Аргентина, се наоѓа во зоната UTC-3. Колку е часот таму во моментов?

Запомни

- Основни мерни единици за сметање на времето се: секунда, минута, час, ден, недела (седмица), месец и година.
- Времето може да биде месно (локално), зонско и светско.
- Сите точки по должината на еден меридијан имаат исто месно, односно локално време.
- На Земјата има 24 часовни зони.
- За датумска граница е определен 180. меридијан.

ПРОВЕРИ КОЛКУ НАУЧИ

VI.1. Земјата на глобус и географска карта

1. Што е глобус и кои информации можеме да ги добиеме од глобусот?
2. По што се разликува индукциониот од географскиот глобус?
3. Објасни зошто географската карта е наречена „намалена слика на Земјата".
4. Кои природни елементи може да се прикажат на една географска карта?
5. Ако имаш карта без легенда, како би знаел што значат боите и симболите?
6. Според тебе, зошто картата мора да биде изработена по математички правила?
7. Во кои случаи е подобро да се користи печатена, а во која електронска карта?
8. Што мислиш, дали во иднина глобусот ќе се користи поретко поради развојот на дигитални мапи? Образложи.

VI.2. Размер и видови размер

1. Што претставува размерот на една географска карта?
2. Како размерот ја одредува верноста на претставената површина на картата?
3. По што се разликува бројниот од графичкиот размер?
4. Објасни што значи размерот 1 : 1.000.000.
5. Пресметај: ако 1 cm на карта претставува 5 km во природата, колку километри претставуваат 4 cm?
6. Како размерот помага при планирање патување или истражување?
7. Зошто е важно секоја карта да има јасно означен размер?

VI.3. Видови географски карти

1. Која е разликата меѓу план, топографска и географска карта според размерот?
2. Какви површини се прикажуваат со плановите и во кој размер се изработуваат?
3. Зошто плановите имаат крупен размер? Објасни со примери.
4. Каква е практичната корист од топографските карти? Наведи барем две.
5. Замисли дека планираш прошетка низ општина – кој тип карта би користел и зошто?
6. Кои се трите основни типа карти според содржината? Објасни ги.
7. Замисли дека си турист во нова земја. Кој вид карта би ти бил најкорисен и зошто?

VI.4. Географска/картографска мрежа, изохипси и картографски знаци

1. Објасни што се напоредници и како се поврзани со ротацијата на Земјата.
2. Зошто екваторот е најдолгиот напоредник?
3. Колку напоредници можат да се повлечат на двете полутопки и како се добива тој број?
4. Објасни зошто Гриничкиот меридијан се смета за почетен.
5. Што се изохипси и каква информација ни даваат за релјефот?
6. Како можеш да препознаеш стрмен терен и благ терен на карта со изохипсите?
7. Каква е улогата на котите во прикажувањето на релјефот на картите?
8. Зошто се користат картографски знаци и кои се нивните предности?

VI.5. Географска ширина и географска должина

1. Што се подразбира под „местоположба" на дадена точка на Земјината површина?
2. Кои две координати се користат за да се определи точна положба на карта или глобус?
3. Како можеме да препознаеме дали некоја точка има северна или јужна географска ширина?
4. Зошто Гриничкиот меридијан е важен за мерење географска должина?
5. Под каков агол се вкрстуваат напоредниците и меридијаните за да се добие положбата на одредена точка?
6. Доколку на карта пишува 45° СГШ и 20° ИГД, што значат тие броеви?
7. Зошто денес користиме GPS-уреди наместо да ги пресметуваме координатите рачно?

VI.6. Ориентација во просторот

1. Што значи поимот „ориентација" во географска смисла?
2. Кои средства можат да се користат за ориентација во просторот?
3. Објасни како функционира компасот. Зошто е важно околу компасот да нема метални предмети?
4. Како можеш да се ориентираш во текот на денот со помош на Сонцето?
5. Која ѕвезда се користи за ноќна ориентација и каде се наоѓа?
6. На кој начин можеме да ја определиме страната на светот во густа шума, без технички направи?
7. Замисли дека се наоѓаш во шума без мобилен телефон. Како би го нашол правецот север?

VI.7. Земјина ротација и Земјина револуција

1. Што значи кога велиме дека Земјата се движи?
2. Објасни зошто точките на екваторот ротираат побрзо од оние блиску до половите.
3. Која е главната последица од Земјината ротација?
4. Наведи два научни докази дека Земјата ротира.
5. Што претставува Земјината револуција и колку трае?
6. Како наклонот на Земјината оска влијае врз годишните времиња?
7. Објасни како се менуваат должината на денот и ноќта на половите во текот на годината.
8. Спореди ги состојбите на северната и јужната полутопка за време на летната долгодневица.

VI.8. Месно време, часовни зони и датумска граница

1. Како се одредува месното (локално) време на едно место?
2. Зошто местата што лежат источно од нас будувачот веќе го имаат „поминато" пладнето?
3. Што претставува зонското време и зошто е воведено?
4. Колку меридијански степени има една часовна зона и зошто се токму толку?
5. Во која часовна зона се наоѓа Република Северна Македонија?
6. Колку е часот во Софија кога во Лондон е 12 часот? А колку е во Скопје?
7. Што е светско време и кога започнува новиот ден на Земјата?
8. Што се случува со датумот ако се патува од исток кон запад и се премине датумската граница?
9. Замисли дека патуваш со брод од Јапонија кон Калифорнија – како и зошто ќе се промени денот на календарот?

ГЕОГРАФИЈА НА МЕДИТЕРАНСКИТЕ ЗЕМЈИ



Вовед

Медитеранот е еден од најразновидните и најфасцинантните региони во светот, кој го опфаќа брегот на три континенти – Европа, Азија и Африка. Овој регион е познат по својата богата историја, културна разновидност и природни убавини. Земјите на Медитеранот имаат заедничка природна одлика – средоземноморската клима, која ги прави привлечни за живот и туризам. Топлите и долги лета, благите зими и сончевите денови се карактеристики кои ги издвојуваат овие простори. Медитеранот е и колевка на старите цивилизации, каде што се развиле првите култури и се случиле значајни историски настани. Денес, тој претставува спој на традиција и модерност, каде што древните градови се испреплетуваат со современи урбани центри. Патувајќи низ медитеранските земји, откриваме уникатна комбинација на култура, природа и историја што ја прави оваа област толку посебна.





СОДРЖИНИ

- VII.1. Географска положба и регионален преглед на Медитеранот
- VII.2. Балкански Полуостров и Источноевропски субрегион на Медитеранот
- VII.3. Апенински Полуостров и Француското медитеранско приморје
- VII.4. Пиринејски Полуостров
- VII.5. Медитеранска Африка и Азија
- VII.6. Природно-географски карактеристики на медитеранските земји
- VII.7. Клима, хидрографија, растителен и животински свет
- VII.8. Население и населби на медитеранските земји
- VII.9. Јазици, религии, храна и архитектура
- VII.10. Стопанско-географски карактеристики
- VII.11. Туристички места и културни знаменитости
- Провери колку научи

На крајот од оваа тема ќе можеш:

- ✓ да ги опишуваш географската положба, регионалниот преглед и главните градови на медитеранските земји, и да ги покажуваш на географска карта;
- ✓ да ги опишуваш природно–географските карактеристики на медитеранскиот регион: релјеф, клима, хидрографија, растителен и животински свет;
- ✓ да ги опишуваш социо-географските карактеристики на медитеранските земји: број на население, застапени јазици, религии и други културни обележја;
- ✓ да ги набројуваш стопанските дејности кои се најзастапени во медитеранскиот регион и да ги покажуваш на географска карта најголемите индустриски центри и најзначајните туристички места во регионот.



VII.1. Географска положба и регионален преглед на Медитеранот

ГЕОГРАФСКА ПОЛОЖБА

Медитеранот е регион кој ги опфаќа приморските предели од државите што непосредно излегуваат на Средоземното Море, преку неговите рабни и внатрешни мориња. Станува збор за јужноевропски држави од **Балканскиот, Апенинскиот** и **Пиринејскиот Полуостров**, како и држави од **Северна Африка** и **Југозападна Азија**. Франција е дел од регионот Западна Европа. Покрај тоа што е западноевропска земја, таа со Азурниот Брег излегува на Средоземното Море, што значи дека е дел и од Медитеранот.

Средоземјето (Медитеранот) има поволна географска положба бидејќи поврзува делови од три континенти на Стариот Свет: Европа, Африка и Азија. Низ Средоземното Море минуваат најкратките водни патишта кои ги поврзуваат овие континенти. Преку **Гибралтарскиот Проток**, широк 14 километри, регионот на запад е отворен спрема Атлантскиот Океан.

Преку протокот **Дарданели**, **Мраморното Море**, протокот **Босфор** и водите на **Црното Море**, Медитеранот има отворени врски со Источна Европа, Југозападна и Централна Азија.

Со прокопувањето на **Суецкиот Канал** во втората половина на XIX век, одвоена е копнената врска помеѓу Африка и Азија, меѓутоа отворен е скратен поморски

Речник

Медитеран – Средоземје, земјите што излегуваат на Средоземното Море.

субрегион – помал дел од некој регион.

рабни мориња – мориња покрај брегот на континентот, како дел од поголемо море или океан.



Географска положба на Медитеранот

Дознај повеќе

Медитеранот е местото каде настанале **старите цивилизации**. Тие не можеле да ја истражат целата планета, па долго време сметале дека ова е целиот свет. Многу војсководци кога тргнувале во поход да го освојат светот, всушност го освојувале Медитеранот. Така, овие земји често биле дел од големите империи кои владееле со светот. Оттаму дошло и името Медитеран, што го измислиле Римјаните. На латински јазик тоа значи „во средина на Земјата", односно го сметале Средоземното Море за централна точка на тогашниот познат свет.



Римската империја во својот најголем обем (II век н.е.)

Знаеш ли дека...

... биле потребни 10 години да се изгради **Суецкиот Канал**? Тој бил граден од 1859 до 1869 година под надлежност на францускиот дипломат Фердинанд де Лесепс. Во изградбата учествувале и 25.000 феласи (египетски селани). Со прокопувањето на каналот, поморскиот пат од Балканскиот Полуостров до Индија е пократок за 10.000 km! Денес низ Суецкиот Канал минуваат илјадници бродови годишно, пренесувајќи стоки вредни милијарди долари, што го прави едно од најзначајните морски патишта во светската трговија!



Суецки Канал

пат што европските земји ги поврзува со: Јужна, Југоисточна и Источна Азија; Источна Африка и Австралија. Каналот води низ египетска територија и ги поврзува водите на Средоземното и Црвеното Море во должина од 163 km (со дополнителна мрежа – 193 km), помеѓу градовите **Порт Саид** и **Суец.**

РЕГИОНАЛНА ПОДЕЛБА НА МЕДИТЕРАНОТ

Медитеранот не е само географски регион на население и држави што делат заедничка територија. Освен положбата, повеќето народи од Медитеранот ги поврзува заедничка историја, слични културни особености и меѓусебни економски врски. Затоа може да се рече дека Медитеранот претставува еден посебен природно-географски, историски и стопански регион што на повеќе нивоа функционира како една целина.

Со оглед на просторната расчленетост на големи полуострови, острови, длабоки внатрешни мориња и релјефна разноликост, на подрачјето на Медитеранот се издвојуваат повеќе просторни целини, односно, помали региони (субрегиони). Тие се изведени врз основа на природно-географските, социо-економските и политичко-географските карактеристики. Според нив, на Медитеранот може да се издвојуваат следните просторни целини, односно субрегиони: Балкански Полуостров,

Дознај повеќе

Шпанија е единственото кралство на Медитеранот. Иако на прв поглед изгледа дека целосно се наоѓа во Европа, доколку подобро го погледнеме мароканскиот брег на него ќе најдеме две гратчиња, Сеута и Мелиља кои ѝ припаѓаат на Шпанија. Канарските Острови во Атлантскиот Океан исто така се дел од Африка, а ѝ припаѓаат на Шпанија. И Египет се протега на два континента. Синајскиот Полуостров, до границата со Палестина и Израел, се смета за дел од Азија.



Канарски Острови

Дознај повеќе

Средоземното Море е составено од **помали мориња**: Алборанското, Балеарското, Тиренското, Јадранското, Јонското, Егејското, Левантското, Либиското, Лигурското, Црното, Мраморното и Азовското Море. Со Гибралтарскиот Проток е поврзано со Атлантскиот Океан, со Дарданелскиот Проток е поврзано со Мраморното Море, а со Суецкиот Канал – со Црвеното Море.

Апенински Полуостров, Француско медитеранско приморје, Пиринејски Полуостров, Африкански субрегион на Медитеранот, Азиски субрегион на Медитеранот и Источноевропски субрегион на Медитеранот.



Субрегиони на Медитеранот

Истражи

Изработи листа на држави со директен излез на Средоземното Море и нивните главни градови. Истражи и опиши по три нивни главни белези.

Размисли и одговори

1. Преку кои соседни земји можеш да стигнеш на медитеранскиот брег?
2. На картата пронајди ја Португалија. Зошто Португалија не е медитеранска земја?
3. Турција се простира на два континента. На кој континент се наоѓа поголемиот нејзин дел?
4. Кои земји се наоѓаат на брегот на Црното Море?


Запомни

- Медитеран е регион што ги опфаќа државите кои непосредно излегуваат на Средоземно Море;
- Средоземјето има поволна географска положба, бидејќи се наоѓа меѓу три континенти;
- Преку Средоземјето водат важни поморски патишта кон сите континени;
- На Средоземјето се издвојуваат седум медитерански субрегиони.

VII.2. Балкански Полуостров и Источноевропски субрегион на Медитеранот

ГЕОГРАФСКА ПОЛОЖБА НА БАЛКАНОТ

Балканскиот Полуостров се наоѓа во југоисточниот дел на европскиот континент во големата регија **Јужна Европа**. За природна северна граница на Балканскиот Полуостров се сметаат тековите на реките Дунав и Сава, но во политички поглед целосно влегуваат државите низ кои течат овие реки. На југозапад, југ, југоисток и исток, овој медитерански регион го заплискуваат водите на: **Јадранско**, **Јонско**, **Егејско, Мраморно** и **Црно Море**. Балканот има поволна положба затоа што излегува на неколку мориња. Тоа му овозможува лесно да се поврзува со други делови од светот преку море – особено преку Гибралтарскиот Проток и Суецкиот Канал. Преку Балканот минуваат и важни патишта кои ги поврзуваат земјите од Средна Европа со Јужна Европа и Азија.



Максимална длабочина на морињата околу Балканскиот Полуостров (метри)



Балкански и други земји со или без излез на Медитеранот



Топографија на Хрватска и разгранетост на брегот

Знаеш ли дека...

... Монако и Босна и Херцеговина (БиХ) се држави со најкратка линија на морскиот брег во Европа? Должината на брегот на БиХ е 20 km, а на Монако само 4,1 km! Со својот краток приморски појас БиХ го прекинува континуитетот на хрватскиот морски брег на два дела!



ПОЛИТИЧКО-ТЕРИТОРИЈАЛНА ПОДЕЛБА НА БАЛКАНОТ

Во овој медитерански субрегион има седум **балкански земји** (држави) кои директно излегуваат на: Јадранско, Јонско, Егејско, Мраморно и Црно Море. На Балканскиот Полуостров има и **три континентални земји** кои не излегуваат на море, но се во непосредна близина, и тоа: Србија, Северна Македонија и Косово. На **Јадранско Море** директно излегуваат: **Словенија** со главен град Љубљана, **Хрватска** (Загреб), **Босна и Херцеговина** (Сараево) и **Црна Гора** (Подгорица). На Јадранско и Јонско Море излегува **Албанија** со главен град **Тирана**. **Грција** со главен град Атина како балканска земја ја заплискуваат водите на: Јонско, Егејско и Средоземно Море. **Турција** со европскиот дел од територијата, исто така зазема мал дел од Балканскиот Полуостров, и излегува на: Егејското, Мраморното и Црното Море. На **Црно Море** како балканска земја директно излегува само **Бугарија** со главниот град Софија.

Основни карактеристики на балканските земји со излез на Медитеранот (без балканскиот дел на Турција)

Име	Површина (km²)	Главен град
Словенија	20.273	Љубљана
Хрватска	56.578	Загреб
Босна и Херцеговина	51.197	Сараево
Црна Гора	13.812	Подгорица
Албанија	28.748	Тирана
Грција	131.957	Атина
Бугарија	110.910	Софија



Дубровник, Хрватска

Основни карактеристики на балканските земји без излез на Медитеранот

Име	Површина (km²)	Главен град
Србија	77.474	Белград
Северна Македонија	25.713	Скопје
Косово	10.908	Приштина



Скопје, Северна Македонија

Знаеш ли дека...

... долж Галиполскиот Полуостров во Република Турција се наоѓа **протокот Дарданели** што ги раздвојува Европа и Азија, а ги поврзува Егејското и Мраморното Море? Протокот е долг 61 km и широк од 1,2 до 6 km. Во 2022 година над протокот е изграден модерен мост за патен сообраќај.



Мост над протокот Дарданели

ИСТОЧНОЕВРОПСКИ СУБРЕГИОН НА МЕДИТЕРАНОТ

На североисток од Балканскиот Полуостров се надовр-зуваат поголеми земји што имаат излез на Црното Море, како дел од Медитеранот. Иако нивните територии длабоко навлегуваат во регионот Источна Европа, сепак, поради излезот на водите на Црното Море го зафаќаат Медитеранот и може да се сметаат како дел од медитеранските земји. Тие се: **Романија** со главен град Букурешт, **Украина** (Киев) и **Русија** (Москва).



Одеса, Украина



Константа, Романија

Основни карактеристики на источноевропските земји што имаат излез на Црното Море

Име	Површина (km^2)	Главен град
Романија	238.397	Букурешт
Украина	603.628	Киев
Русија	17.125.191	Москва

Истражи

На картата на Европа обележи ги сите балкански земји што имаат излез на море и запиши на кои морињa излегуваат. Откриј која земја има излез на најмногу морињa!

Размисли и одговори

1. Што мислиш, зошто е важно една држава да има излез на море?
2. Како положбата на Балканскиот Полуостров влијаела врз развојот на различни култури, трговија и патишта низ историјата?
3. Кои држави на Балканот немаат излез на море?
4. Зошто држави како Романија, Украина и Русија се вбројуваат во медитерански земји, иако се дел од Источна Европа?

Запомни

- Балканскиот субрегион на Медитеранот ги опфаќа државите од Балканскиот Полуостров што непосредно излегуваат на внатрешни и рабни морињa на Средоземно Море;
- Балканскиот Полуостров има поволна географска положба бидејќи се наоѓа на крстопат од важни поморски и патни сообраќајни правци;
- На Балканскиот Полуостров има седум држави (без европскиот дел на Турција) кои непосредно излегуваат на внатрешни и рабни морињa на Средоземно Море;
- На Црно Море, како источноевропски земји излегуваат: Романија, Украина и Русија.

VII.3. Апенински Полуостров и Француското медитеранско приморје

ГЕОГРАФСКА ПОЛОЖБА НА АПЕНИНСКИОТ ПОЛУОСТРОВ И ФРАНЦУСКОТО МЕДИТЕРАНСКО ПРИМОРЈЕ

Апенинскиот Полуостров зазема централно место на Медитеранот. Географската положба е мошне поволна поради излезот на неколку мориња: Јадранско, Јонско, Средоземно, Тиренско и Лигурско. На север преку **Ломбардиската Низина**, се надоврзува Алпскиот регион и државите на Западна и Средна Европа. Опкружувањето на Апенинскиот Полуостров од три страни со водите на Средоземно Море и неговите рабни и внатрешни морија е моќен фактор за општата стопанската развиеност, а посебно на туризмот кај земјите од регијата.



Географска положба на Апенинскиот Полуостров и Француското приморје

Помеѓу Апенинскиот Полуостров на исток и Пиринејскиот Полуостров на запад, Медитеранското приморје се протега низ јужните делови на **Франција** и малата држава **Монако**, коишто излегуваат на Средоземното Море. Источниот дел од Француското приморје, спрема границата со Италија, е познат како Француска ривиера, односно **Азурен брег**. Освен нив, во овој дел од Медитеранот припаѓаат и повеќе италијански острови (**Сицилија, Сардинија** и др.) и францускиот остров **Корзика**.

ПОЛИТИЧКО-ТЕРИТОРИЈАЛНА ПОДЕЛБА НА АПЕНИНСКИОТ ПОЛУОСТРОВ И ФРАНЦУСКОТО МЕДИТЕРАНСКО КРАЈБРЕЖЈЕ

Апенинскиот Полуостров како дел од Медитеранот во политичко-територијален поглед го делат

Речник

ривиера – приморје.

Азурен Брег – средоземниот брег на југоисточниот дел на Франција до италијанската граница.



Положба на Азурниот Брег на Франција



Ница, Франција

Знаеш ли дека...

... **Монако** е втора најмала држава во Европа, после Ватикан? Вкупната површина изнесува само 2 km² населена со 39 илјади жители. Монако има излез на Медитеранот, а единствен копнен сосед е Франција. Иако е толку мала, Монако е една од најбогатите и најгламурозните држави во светот. Позната е по своите казина, луксузни хотели и пристаништа полни со јахти. Покрај тоа, Монако е домаќин на познатата трка Формула 1 – Гран при на Монако, која се одржува на улиците на градот и е една од најпрестижните во светот.



Монако

државите: **Италија** со главен град Рим, **Сан Марино** (Сан Марино) и **Ватикан** (Ватикан). Француското приморје како дел од Медитеранот, политички му припаѓа на **Франција** со главен град Париз, која регионално припаѓа во Западна Европа, но излезот на Средоземното Море ја вклучува и во друштвото на медитеранските земји. Мал дел од Азурниот Брег зафаќа и кнежевството **Монако** (Монако). Надвор од овие медитерански субрегиони, но во близина на Сицилија како најголем италијански и медитерански остров се наоѓа малата островска држава **Малта** со главен град Валета и површина од 316 km².



Ватикан – најмалата држава во Европа

Основни карактеристики на државите од Апенинскиот Полуостров и Француското медитеранско приморје

Држава	Италија	Сан Марино	Ватикан	Франција	Монако
Главен град	Рим	Сан Марино	Ватикан	Париз	Монако
Површина	301.340 km²	61,2 km²	0,44 km²	543.908 km²	2 km²

ОСНОВНИ ГЕОГРАФСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ИТАЛИЈА

Италија со површина од 301.340 km² е најголема држава на Апенинскиот Полуостров. Од три страни, Италија е опколена со водите на: **Јадранското, Јонското, Средоземното, Лигурското и Тиренското Море,** а на север спрема Алпите се граничи со: Франција, Австрија, Швајцарија и Словенија. Релјефните целини на Италија ги сочинуваат: **Алпите, Апенините и Ломбардиската Низина.** Климата е претежно **средоземноморска**, а на Алпите, планинска. Реките во Италија се кратки и се влеваат во Јадранското и Тиренското Море. Од нив најпознати се **По** и **Тибар**. Најголеми езера се: **Комо,**



Рим, главен град на Италија

Гарда и **Маџоре**. Италија има републиканско уредување. Неа ја населуваат околу 59 милиони жители, претежно припадници на католичката вероисповед. Италија е индустриски и аграрно високо развиена земја и членка на седумте најразвиени држави во светот. Најголеми италијански градови се: **Рим, Милано, Неапол, Торино** и **Палермо**.



Топографија на Италија

Истражи

Кои се најпосетени градови од Азурниот Брег на Франција?

Размисли и одговори

1. Зошто Апенинскиот полуостров има толку поволна географска положба?
2. Зошто токму на Апенинскиот Полуостров се појавила и се развила Римската империја?
3. Истражи што значи името „Азурен брег" и од каде потекнува.

Запомни

- Апенинскиот регион зазема централно место на Медитеранот. Тој има мошне поволна географска положба, поради излезот на неколку мориња: Јадранско, Јонско, Средоземно, Тиренско и Лигурско.
- Апенинскиот Полуостров политички е поделен на три држави: Италија, Ватикан и Сан Марино. Ватикан и Сан Марино немаат излез на Средоземното Море.
- Француското приморје со Азурниот Брег политички им припаѓаат на државите Франција и Монако.

VII.4. Пиринејски Полуостров

ГЕОГРАФСКА ПОЛОЖБА НА ПИРИНЕЈСКИОТ ПОЛУОСТРОВ

На крајниот југозападен дел од Европа се наоѓа **Пиринејскиот Полуостров** како субрегион на Медитеранот. Исто како Апенинскиот, така и овој субрегион има поволна географска положба поради директната отвореност кон Средоземното Море, Атлантскиот Океан и близината на Африка. **Гибралтарскиот Проток**, како „врата" на Јужна Европа го поврзува Медитеранот со останатиот дел од светот, а европскиот континент го одвојува од Африка во појас од 14 km. На север, преку **Пиринеите,** земјите од Пиринејскиот Полуостров се поврзуваат со Франција, односно, со регионот Западна Европа.

ПОЛИТИЧКО-ТЕРИТОРИЈАЛНА ПОДЕЛБА

Пиринејскиот Полуостров во политичко-територијален поглед е поделен на три независни држави и Гибралтар, како надворешна територија на Велика Британија. Независни држави се: **Шпанија** со главен град Мадрид, **Португалија** (Лисабон) и **Андора** (Андора ла Вела). Португалија и Андора немаат излез на Средоземното Море иако во поширока смисла, како дел од Пиринејскиот Полуостров, се дел од Медитеранот.

Основни карактеристики на државите од Пиринејскиот Полуостров

Држава	Шпанија	Португалија	Андора
Главен град	Мадрид	Лисабон	Андора ла Вела
Површина	505.990 km²	92.212 km²	467,6 km²

Речник

независна држава – држава членка на Организацијата на Обединетите нации.

проток – теснец, тесна водна површина која поврзува две поголеми водни површини.



Пиринејски Полуостров

Дознај повеќе

Планинскиот венец на **Пиринеите** е природна граница меѓу Франција и Шпанија. Во правец запад – исток планината е долга 430 km. Највисок врв е Ането (3404 m). Има уште 47 врвови над 3000 m.



Знаеш ли дека...



... Најпрепознатлив симбол на Гибралтар е **Гибралтарската карпа**, голема варовничка карпа висока 426 метри, во која живеат единствените диви мајмуни во Европа – **берберските макаки**? Гибралтар, карпест ʻрт кој се наоѓа на крајниот јужен дел на Пиринејскиот Полуостров, е познат по својата стратешка локација – се наоѓа на влезот во Средоземното Море и го контролира теснецот меѓу Европа и Африка. Има површина од 6,8 km², брегова линија долга 12 km и население од 38 илјади жители. Според локалната легенда, додека мајмуните се на Гибралтар, тој ќе остане под британска власт.





Барселона, Шпанија

ОСНОВНИ ГЕОГРАФСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ШПАНИЈА

Шпанија е најголема држава на Пиринејскиот Полуостров со вкупна површина од 505.990 km². Освен континенталниот дел, во рамките на Шпанија припаѓаат и **Балеарските Острови** во Средоземното Море. Поволната географска положба на Шпанија произлегува од излезот на Средоземното Море и Атлантскиот Океан. Во релјефот на Шпанија преовладуваат планини (**Кантабриски, Иберски, Пиринеи, Сиера**



Топографија на Шпанија

Дознај повеќе



Шпанија е и земја на **фламенко музика**, корида (борба со бикови), паеља (традиционално јадење со ориз) и вино. Шпанското население посветува големо внимание на семејната традиција, обичаите, фестивалните и карневалските прослави.

Невада и др.) и висорамни (**Мезета**). Најголеми низини се **Андалузија и Арагонија.**

Од климатските типови во Шпанија се застапени: **атлантска, медитеранска, умерено-континентална и планинска.** Реките во Шпанија се влеваат во Атлантикот и Средоземното Море. Најдолги реки се: **Дуро, Тахо, Миньо, Гвадијана, Гвадалкивир** и **Ебро.**

Шпанија е монархија населена со 48 милиони жители и густина од 95 ж/km². Најголеми градови се: **Мадрид, Барселона, Валенсија и Севиља**. Населението го сочинуваат **Шпанци** (87 %) и останати народи (13 %). Службен јазик е **шпанскиот**, а во употреба се уште: **каталонскиот, баскискиот** и **галицискиот**.

Шпанија припаѓа во петте индустриски најразвиени европски земји и претставува светски производител на: маслиново масло, вино, ориз, бадеми и цитрусно овошје. Како втора најпосетена земја во светот, туризмот претставува значајна гранка што учествува со 12 % во националните приходи на Шпанија.



Климатски типови на Шпанија

Размисли и одговори

1. Зошто за Гибралтарскиот Проток се вели дека е „порта кон светот"?
2. Дали Португалија е медитеранска земја? Образложи.
3. Зошто во Шпанија има многу туристи? Каква улога играат природата и положбата на Пиринејскиот Полуостров во тоа?
4. Како географската положба на полуостровот влијаела врз развојот на трговијата и морепловството во Шпанија и Португалија?

Запомни

- Пиринејскиот Полуостров го зафаќа крајниот западен дел од Медитеранот.
- Гибралтарскиот Проток го одвојува европскиот континент од Африка, а го поврзува Медитеранот со останатиот дел од светот.
- Пиринејскиот Полуостров го делат три независни држави – Шпанија, Португалија и Андора, и Гибралтар како надворешна територија на Велика Британија.
- Најголема држава на Пиринејскиот Полуостров е Шпанија, со 48 милиони жители. Главен град на Шпанија е Мадрид.

VII.5. Медитеранска Африка и Азија

ГЕОГРАФСКА ПОЛОЖБА И ТЕРИТОРИЈАЛНА ПОДЕЛБА НА МЕДИТЕРАНСКА АФРИКА

Медитеранска Афика се однесува на земјите од регионот Северна Африка коишто имаат излез на Средоземно Море. Тие се простираат во крајниот северен дел од африканскиот континент, од Атлантскиот Океан на запад до Црвено Море на исток. Иако станува збор за земји од сахарскиот дел на Африка, стопанските предности на овој медитерански субрегион го изразува излезот на Средоземјето и близината на **Гибралтарскиот Проток** и **Суецкиот Канал**.

Медитеранска Африка е поделена на пет држави, и тоа: **Мароко** со главен град Рабат, **Алжир** (Алжир), **Тунис** (Тунис), **Либија** (Триполи) и **Египет** (Каиро).

Основни карактеристики на државите од Медитеранска Африка

Држава	Површина	Главен град	Населеност на главниот град
Мароко	446.550 km²	Рабат	1,8 мил. жит.
Алжир	2.381.740 km²	Алжир	2 мил. жит.
Тунис	163.610 km²	Тунис	0,6 мил. жит.
Либија	1.759.540 km²	Триполи	1,1 мил. жит.
Египет	1.001.450 km²	Каиро	10 мил. жит.

Речник

Сахара – најголемата топла пустина во светот, сместена во северниот дел на Африка, позната по жешката клима, песочните дини и многу малку растителен свет.



Политичка поделба на медитеранска Африка и Азија



Каиро, Египет



Триполи, Либија

ГЕОГРАФСКА ПОЛОЖБА НА МЕДИТЕРАНСКА АЗИЈА

Медитеранскиот дел на Азија го претставуваат земјите од регионот Југозападна Азија што имаат директен излез на Средоземјето или неговите рабни и внатрешни мориња. Најголем простор од овој дел на Медитеранот зафаќа полуостровот **Мала Азија**, со излез спрема Црно,

Дознај повеќе

Иако **Рабат** е главен град на Мароко, **Казабланка** е најголемиот и економски најразвиениот град во државата. Тој е важен трговски, индустриски и финансиски центар, како и најголемо пристаниште во земјата. Во Казабланка се наоѓаат многу модерни згради, компании, банки и трговски центри, но и значајни културни обележја. Една од највпечатливите знаменитости е Џамијата Хасан II, која е една од најголемите во светот и има минаре високо 210 метри. Градот е познат и по тоа што го спојува традиционалното и современото, што го прави еден од најпосетуваните градови во Мароко.



Казабланка, Мароко

Мраморно, Егејско и Средоземно Море. Овде припаѓаат и прикавкаските предели спрема Црно Море и територите на државите што имаат излез на **Левантското Море**. За положбата на овој субрегион на Медитеранот може да се рече дека претставува природен мост што поврзува три континенти: Европа, Азија и Африка.

Во политичко-територијален поглед, азискиот Медитеран е поделен на 6 континентални држави: **Грузија** со главен град Тбилиси, **Турција** (Анкара), **Сирија** (Дамаск), **Либан** (Бејрут), **Израел** (Ерусалим) и **Палестина** (Рамалах) кај Појасот **Газа.** Од островските земји, во Југозападна Азија природно-географски припаѓа и државата **Кипар,** иако во политички поглед е дел од европското семејство.



Анкара, Турција

Основни карактеристики на државите од Медитеранска Азија

Држава	Површина	Главен град	Населеност на главниот град
Грузија	69.700 km²	Тбилиси	1,2 мил. жит.
Турција	783.562 km²	Анкара	5,1 мил. жит.
Сирија	185.180 km²	Дамаск	2,5 мил. жит.
Либан	10.400 km²	Бејрут	2,4 мил. жит.
Израел	20.770 km²	Ерусалим	0,9 мил. жит.
Палестина	6.220 km²	Рамалах	0,03 мил. жит.
Кипар	9.251 km²	Никозија	0,3 мил. жит.



Бејрут, Либан

Медитеранска Африка и Азија имаат исклучително значајна географска положба и играат важна улога во поврзувањето на трите континенти: Европа, Азија





Ерусалим, Израел



Дамаск, Сирија

и Африка. И покрај природните предизвици, како што се пустинските предели и недостигот од вода во внатрешноста, близината до Средоземното Море и важните морски правци како Суецкиот Канал им овозможуваат поволен развој, особено во трговијата, сообраќајот и туризмот. Истовремено, богатата историја, културната разновидност и природните ресурси го прават овој дел од Медитеранот едно од најспецифичните подрачја во светот.

Истражи

Кои медитерански држави на Африка и Азија имаат најдолга линија на брегот? Претстави ги твоите резултати во *Excel* и во *Power point*.

Размисли и одговори

1. Турција се простира на два континента. На кој континент се наоѓа поголемиот нејзин дел?
2. Зошто се вели дека Мала Азија е мост што поврзува три континенти?
3. Зошто многу древни цивилизации се развиле токму во медитеранскиот појас на Африка и Азија?
4. Што мислиш, зошто некои главни градови (како Рамалах или Никозија) имаат значително помалку жители од Анкара или Дамаск?

Запомни

- На брегот на Средоземно Море излегуваат пет африкански и шест континентални азиски држави.
- Медитеранска Африка ја сочинуваат земјите од Северна Африка со излез на Средоземно Море: Мароко, Алжир, Тунис, Либија и Египет.
- Медитеранска Азија ја сочинуваат земјите од Азија со излез на Црно, Егејско, Средоземно и Левантско Море: Грузија, Турција, Сирија, Либан, Израел и Палестина.
- Најголем простор од медитеранскиот дел на Азија зафаќа полуостровот Мала Азија.

VII.6. Природно-географски карактеристики на медитеранските земји

РАЗГРАНЕТОСТ НА БРЕГОТ

Разгранетоста на долгиот брег на Средоземното Море и неговите рабни и внатрешни мориња е претставена со голем број: полуострови, острови, заливи и протоци.

Најголеми **полуострови** во Медитеранот се: **Апенински, Балкански, Пиринејски** и **Мала Азија**. Од нив се разгрануваат помали полуострови, како: **Пелопонез, Халкидики** и **Истра** (Балкански Полуостров), **Калабрија** и **Апулија** (Апенински Полуостров) итн. Во групата помали полуострови на Медитеранот се истакнуваат: **Пељешац** (Јадранско Море), **Атика** (Егејско Море), **Тунис** (Средоземно Море), **Барка** (Средоземно Море), **Крим** (Црно Море) и други.

Помеѓу **островите** на Медитеранот, најголема површина зафаќаат: **Сицилија** (Италија), **Сардинија** (Италија), **Кипар**, **Корзика** (Франција), **Крит** (Грција), **Евија**



Речник

залив – дел од морската шир што подлабоко навлегува во копното.

планински венец – група на поврзани планини што се наредени една до друга и се простираат како синџир по должина на некој простор.



Разгранетост на грчкиот брег

Дознај повеќе

Помеѓу островите на Медитеранот постои поголема група што има вулканско потекло. Кај повеќето од нив **вулканската активност** е завршена или притаена, но некои од нив се одликуваат со активен вулканизам. Најпознати вулкански острови се: Сицилија, Стромболи, Вулкано, Милос, Санторини и други.



Вулканот Етна, Сицилија

(Грција) и **Мајорка** од групата **Балеарски Острови** (Шпанија). Од останатите поголеми острови во Медитеранот се: **Лезбос** (Грција), **Родос** (Грција), **Менорка** (Шпанија), **Крф** (Грција), **Ибица** (Шпанија), **Џерба** (Тунис), **Црес** (Хрватска) и др.

Во групата поголеми **заливи** на Медиранот се истакнуваат: **Лионскиот** (Средоземно Море), **Џеновскиот** (Лигурско Море), **Кварнер** (Јадранско Море) **Бока Которска** (Јадранско Море), **Солунски Залив** (Егејско Море), **Сидра** (Средоземно Море), **Габевски Залив** (Средоземно Море), **Коринтски Залив** (Јонско Море), **Анталиски Залив** (Средоземно Море) и други.



Од морските протоци на Медитеранот, најголемо сообраќајно значење за регионот имаат: **Гибралтарскиот,** што го поврзува Атлантскиот Океан со Средоземното Море, **Месинскиот** (Тиренско – Јонско Море), **Дарданели** (Егејско – Мраморно Море), **Босфор** (Мраморно – Црно Море) и **Керч** (Црно – Азовско Море).




Ровињ, Истра (Хрватска)

РЕЛЈЕФНИ КАРАКТЕРИСТИКИ

Крупните релјефни облици на Медитеранот се претставени со: **низини, планини, пустини** и други помали релјефни форми.

Низини

Најголемите низини на Медитеранот се наоѓаат на Пиринејскиот и на Балканскиот Полуостров. Најголеми низини на Пиринејскиот Полуостров се **Андалузија и Арагонија** во Шпанија. **Панонската Низина** со нејзините периферни делови навлегува во земјите од Медитеранот: Словенија, Хрватска, Босна и Херцеговина, Србија и Романија. **Влашката Низина** е расположена во долниот тек на реката Дунав, на територијата на Романија. На бугарска територија се истакнува **Горнотракиската Низина**, а во долината на реката По во Италија – **Ломбардиската Низина**.



Панонска Низина во Војводина, Србија

Дознај повеќе

Морското дно на Медитеранот исто така има интересен релјеф. **Длабочината Калипсо** (уште позната и како ровот Калипсо) е најдлабоката точка во Медитеранот. Се наоѓа во Јонското Море во близина на брегот на Грција. Длабок е 5267 метри. Ова значи дека на ова место можеме целосно да го потопиме највисокиот врв на Алпите, Мон Блан, кој е висок 4808 метри.

Планини и висорамнини

Планинскиот релјеф кај медитеранските земји е претставен со млади верижни и стари планини. Највисоки планински венци од европскиот дел на Медитеранот се: **Пиринеите**, **Алпите**, **Апенините** и **Динадидите.** Во медитеранскиот дел на Африка во должина од 2 500 km се протегаат високопланинските венци од системот **Атлас.** На турска територија се истакнуваат **Понтиските Планини**, **Тавор** и највисоката планина **Арарат.** Пространи висорамнини се простираат на Пиринејскиот Полуостров (**Мезета**) и Мала Азија (**Анадолска Висорамнина**).



Триглав, највисокиот врв на Јулиските Алпи, Словенија

Пустини

Посебна карактеристика кај релјефот на Медитеранот се пустините. Сите африкански земји од Медитеранот се дел од најголемата жешка пустина во светот, **Сахара.** Нејзин помал дел е **Либиската Пустина**, на територијата на Либија, а кај азискиот дел од Медитеранот се истакнува **Сириската Пустина.**



Песочни дини во пустината Сахара, Мароко

Истражи

На географска карта или Google Map понајди ги најголемите острови што политички припаѓаат на државите: Шпанија, Италија, Грција, Хрватска и Турција.

Размисли и одговори

1. На кој балкански млад планински огранок (венец) припаѓаат нашите највисоки планини Кораб и Шар Планина?
2. Италија е земја на многу планини. Кои од нив можеш да ги набројиш?
3. Кон кое море е отворена Ломбардиската Низина?
4. На картата пронајди три држави што не излегуваат на Средоземното Море, а поседуваат дел од Сахара.

Запомни

- Пиринејскиот, Апенинскиот, Балканскиот и Мала Азија се најистакнати полуострови на Медитеранот.
- Сицилија, Сардинија, Кипар, Корзика и Крит се најголеми острови на Медитеранот.
- Највисоки планински венци во медитеранските земји се: Пиринеи, Алпи, Апенини, Динариди, Атлас и др.
- Пространи низини на Медитеранот се: Андалузија, Арагонија, Панонска, Влашка и Ломбардиска Низина.
- Сахара и Сириската Пустина се дел од пустинскиот релјеф на Медитеранот.

VII.7. Клима, хидрографија, растителен и животински свет

КЛИМАТСКИ ТИПОВИ

Климата на Медитеранот е условена од повеќе природни фактори. Таа во прв план зависи од географската ширина, потоа: топлинските особености и испарувањето на водата од Средоземното Море, влијанието на пустината Сахара, влијанието на европското копно, релјефните карактеристики, растителниот свет итн. Климата на Медитеранот е комбинација од топли, јужни, влијанија од африканскиот континент и посвежи влијанија од европското копно, распределени на погоден начин во текот на годината.

Главно, тесните приморски појаси на европските и азиските предели од Медитеранот, како и приморските делови на Мароко и Алжир, се одликуваат со типична **медитеранска клима**. Нејзини особености се топли и суви лета, но благи и врнежливи зими. Просечната температура во најстудениот месец од годината вообичаено е позитивна. Врнежите од снег се ретка и краткотрајна појава или сосема отсуствуваат (Мароко).

Внатрешните делови на Либија, Тунис и Египет се одликуваат со **жешка пустинска клима**. Нејзини особености се: висока дневна температура (> 40 °C во топлите месеци), ниска вечерна температура и ниско годишно количество врнежи.

Во внатрешноста на Медитеранот во земјите без излез на море или во појасите со поголема надморска висина се зголемува **континенталниот** карактер на климата со умерено топли лета и умерено студени зими.



Речник

континентално – што се наоѓа подлабоко во внатрешноста на континент, на копно.



Летувачи на плажа во Ситонија, Грција



Оаза во жешка пустина



Барселона, Шпанија

ХИДРОГРАФИЈА

Реките заземаат најголем дел од водното богатство на Медитеранот. Најголеми реки што директно се влеваат во Средоземно Море се: **Нил, Ебро** и **Рона**.

Во Јадранско Море од Апенински Полуостров поголема е реката **По**, а од Балканскиот Полуостров реките: **Крка**, **Неретва**, **Бојана** и **Дрим**. Во Сливот на Егејското Море поголеми реки се: **Вардар**, **Струма** и **Марица** од Балканскиот Полуостров и реката **Мендерес** од Мала Азија.

Во Црно Море се влеваат големите европски реки: **Дунав**, **Днепар** и **Днестар**, и **Кизил Ирмак** од Мала Азија. Во сливот на Азовско Море припаѓа реката **Дон**.

Медитеранот е богат со езера. Се среќаваат езера кои се разликуваат по својот постанок: **вулкански**, **карстни**, **тектонски**, **ледници**, **пустински**, **лагунски** и **речни**.

Од **тектонските езера** значајно е **Мртвото Море**. Се наоѓа во азискиот дел на Медитеранот. Тоа е најниската точка на копнената површина на Земјата. Познато е по многу солената вода во која што човек не може да потоне. Други позначајни тектонски езера се **Охридското** и **Преспанското Езеро** кои што се наоѓаат на Балканскиот Полуостров.

Ледничките езера се наоѓаат на Алпите. Најпознати се **Комо**, **Гарда**, **Маџоре**, **Бледско Езеро** и други.

Од **карстните езера** најголемо е **Скадарското Езеро**, на Балканскиот Полуостров на граница помеѓу Црна Гора и Албанија. Познати се и **Плитвичките Езера** кои што се наоѓаат на Динаридите.

Вулканските езера се најзастапени во Италија: **Албано**, **Болсена**, **Вико**, **Немн**, **Аверно** и други.

Пустинските езера се наоѓаат во медитеранска Африка. Најголемо е езерото **Шот ел Џерид** во Тунис. Помеѓу карактеристичните приморски лагуни, најпозната е **Венецијанската Лагуна** во Италија.

Речник

карстно езеро – природно езеро што се формира кога водата ќе се собере во вдлабнатини создадени од растворање на варовничките карпи.

лагуна – мало и плитко крајбрежно езеро.

делта – многу разгрането устие на река.



Делтата на Нил



Реката Вардар се влева во Егејското Море

Дознај повеќе

Реката Нил, која се влева во Средоземното Море, е не само најдолгата река на светот, туку и основа на животот за милиони луѓе уште од древни времиња. Таа тече низ пустина, но околу неа расте зелен појас што овозможува земјоделство, риболов и населби. Благодарение на Нил, древниот Египет станал една од првите големи цивилизации во историјата.

РАСТИТЕЛЕН И ЖИВОТИНСКИ СВЕТ

Во медитеранската клима често има долги **суши** во летниот период. Тогаш има многу помалку достапна вода за живиот свет, па неговото преживување е потешко.

Кај животните, некои видови се приспособиле на ноќен начин на живот за да ги избегнат дневните жештини. Други копаат засолништа под земја или живеат во пештери. Има и преселни животни – особено птици – кои се селат за да живеат во поволни климатски услови.

Типична растителна заедница на Медитеранот се **макиите** – заедница од зимзелени грмушести и шумски растенија, приспособени за живот во суви услови. Главни видови се: **принарот**, **ловориката**, **зелениката**, **црниката** и други. Од повисоките дрвја, чести се **чемпресите**, а **маслиновите дрвја** се вистински симбол на Медитеранот. Тие добро успеваат дури и кога земјата не е многу



Вегетацијата во Медитеранскиот регион

Речник

макија – заедница од зимзелени грмушки и ниски шуми, распространета во топли и суви крајбрежни области покрај Средоземното Море.

агруми – овошја со кора и киселкаст вкус, како портокал, лимон, мандарина и цитрон.



Медитеранска макија, Сардинија



Чемпреси

Дознај повеќе

Еден од ретките видови **диви мачки** што живее на Медитеранот е **иберискиот рис**. Тој е загрозен вид и се смета дека има останато само неколку стотици единки. Неговата омилена храна се зајаците, па неговиот опстанок често зависи од тоа дали има доволно зајаци во медитеранските шуми. Иберискиот рис е одличен ловец и многу вешт во криење, поради што го нарекуваат Духот на Медитеранот. Научниците кои се обидуваат да го заштитат, тешко го пронаоѓаат. Тој има интересни кружни шари по телото, кои се различни кај секој поединечен рис – слично како отпечатокот од прст кај човекот.



плодна и се многу отпорни на суша. Поради тоа, Медитеранот е познат како едно од најважните подрачја за производство на **маслиново масло**.

Во овој регион се одгледуваат и **лозја**, па се произведува и многу **вино**. Исто така, чести се **агрумите** (или цитрусите), како што се: **лимон**, **портокал**, **мандарина** и **цитрон**. Покрај нив, добро успеваат и смоквата и калинката.

Средоземното Море е дом на богат и разновиден **морски свет** – китови, делфини, фоки, октоподи, школки и многу видови риби. **Копнената фауна** е претставена со: гуштери, змии, желки, инсекти, пајаци, зајаци, лисици, диви мачки и други. **Светот на птиците** го чинат: орли, бувови, фламинга и многу други локални и преселнички видови.



Делфин

Истражи

Зошто човек не може да потоне во Мртвото Море? Истражи, подготви презентација и презентирај пред одделението.

Размисли и одговори

1. Што е поверојатно да се случи на местата со медитеранска клима, слана или роса?
2. А дали е поверојатно да падне град или снег?
3. Како замислуваш дека изгледа една песочна бура?
4. Јагулата живее во Охридското Езеро, а се мрести во Саргасовото Море кое е дел од Атлантскиот Океан. Пронајди на карта по кои реки и мориња таа плива за да стигне од едното на другото место.
5. Познаваш ли некое друго овошје што спаѓа во видот агруми?
6. Во течението на Вардар понекогаш можат да се забележат галеби. Од кое море доаѓаат?
7. Можеш ли да кажеш зошто овие галеби имаат потреба да летаат кон север?

Запомни

- Климата на медитеранските земји е условена од самото Средоземно Море, близината на Сахара и европското копно.
- Медитеранската клима се одликува со топло и суво лето, но блага и врнежлива зима. Во африканскиот дел летата се пожешки, а зимите посуви.
- Помеѓу најзначајните тектонски езера на Медитеранот се Мртвото Море и Охридското Езеро, а најатрактивни карстни езера се Скадарското Езеро и Плитвичките Езера.
- Живиот свет на Медитеранот се навикнал на климата за да преживее. Најтипична заедница се макиите. Растат многу маслинки, винова лоза и агруми.
- Во морето живеат китови, делфини, фоки, октоподи, школки и риби. На копното живеат истите животни како кај нас.

VII.8. Население и населби на медитеранските земји

Средоземноморските земји имаат разновидна густина и бројност на население, што зависи од природните услови, историјата и економскиот развој на секој регион. Населението на медитеранските земји е нерамномерно распоредено и постојано се менува под влијание на природни и општествени фактори. Големите градови и пристаништа играат важна улога во животот и развојот на овој регион.

БРОЈНОСТ НА НАСЕЛЕНИЕ И ПРИРОДЕН ПРИРАСТ

Вкупниот број на население на медитеранските земји изнесува над **760 милиони жители** (2024). Оваа бројка се однесува на 27 држави што директно излегуваат на Средоземно Море и неговите рабни и внатрешни мориња. Најголеми држави со излез на Медитеранот се: **Русија, Египет, Турција** и **Франција**. Најмали држави, под 1 милион жители се: **Црна Гора, Малта** и **Монако.** Сите европски медитерански држави, освен Малта, имаат негативен прираст во последните години, односно бројот на население опаѓа, додека кај азиските и африканските медитерански држави прирастот на населението е позитивен.

ГУСТИНА НА НАСЕЛЕНОСТ

Населението на Медитеранот не е рамномерно разместено. Местата покрај морскиот брег и во близина на големите реки се густо населени. Така, на пример во Египет, во делтата на Нил, живеат околу 1500

Речник

природен прираст – бројно зголемување или намалување на населението како резултат на разлика помеѓу новородените и умрените на годишно ниво.

густина на населеност – колку луѓе живеат на површина од 1 km².



Знаеш ли дека...

... Истанбул се протега на два континенти? Сместен е на Босфорскиот Проток помеѓу Мраморното и Црното Море. Едниот брег од овој град е дел од Европа, а другиот дел од Азија. Сепак, како главен град на две империи кои владееле со голем дел од Медитеранот, Византија и Отоманското Царство, тој со векови е центар на медитеранската култура. Препознатлив е по прекрасната Света Софија.



Дознај повеќе

Пристанишниот град **Александрија** со 5,2 милиони жители е втор по големина во државата Египет. Основан е од страна на Александар Македонски во 331 година пр. н.е. Во минатото бил прочуен по Александриската библиотека и Светилникот како поранешно светско чудо.



жители на еден квадратен километар, додека малку позападно, во истата држава, во Либиската Пустина, живее по еден жител на еден квадратен километар.

Најгусто се населени брегovите на сите морија и внатрешноста на: Балкански, Апенински и Пиринејски Полуостров. Најмала густина на населеност имаат пустинските делови на медитеранска Африка и централните и источните делови на полуостровот Мала Азија. Најголема густина на населеност (жители по 1 km²) имаат државите: **Монако, Малта, Либан, Израел, Италија** и **Кипар.** Најретко населени земји со излез на Медитеранот се: **Либија, Русија, Алжир, Црна Гора** и **Грузија.**



Густо населен град (Каиро, Египет)

НАЈГОЛЕМИ ГРАДОВИ И ПРИСТАНИШТА ВО РЕГИОНОТ

Со оглед на раниот цивилизациски развој, Медитеранот бил регион каде што се развивале најстари облици на урбан живот уште во предантичкиот и античкиот период. Трговијата, како традиционална стопанска дејност на старите народи околу Медитеранот придонела за формирање на големи пристанишни градови. Популациски, најголеми милионски приморски градови на Средоземјето се: **Истанбул** (Турција), **Александрија**



Берберско село во Тунис





Истанбул, Турција

(Египет), **Измир** (Турција), **Алжир** (Алжир), **Тунис** (Тунис), **Барселона** (Шпанија), **Триполи** (Либија), **Анталија** (Турција) и **Одеса** (Украина). Помали, но значајни пристанишни и туристички градови на медитеранскиот брег се: **Валенсија, Марсеј, Тулон, Џенова, Неапол, Венеција, Трст, Ријека, Сплит, Атина, Солун, Варна, Мерсин, Тел Авив** и други.

Во внатрешноста на земјите со излез на Медитеранот, исто така постојат милионски градски центри. Поголеми меѓу нив се: **Каиро, Гиза, Мадрид, Анкара, Рим, Париз, Софија, Киев** и други.



Валенсија, Шпанија



Сплит, Хрватска

Истражи

Дознај ги локациите на големите пристанишни градови на Медитеранот и направи листа на држави каде што се наоѓаат. Кое е најголемото медитеранско пристаниште?

Каков објект е катедралата Саграда Фамилија во Барселона? Дали е црква, џамија или музеј?

А, каков објект е Света Софија во Истанбул? Црква, џамија или музеј?

Размисли и одговори

1. Од кои фактори зависи природниот прираст на населението? Каква е разликата во прирастот помеѓу европските, азиските и африканските регии на Медитеранот?
2. Зошто некои области на Медитеранот се густо населени, а некои не се?
3. Наведи ги популациски најголемите држави на Медитеранот. Дали тоа отсекогаш било така?

Запомни

- Вкупниот број на населението во медитеранските земји е над 760 милиони жители;
- Најгусто населени земји на Медитеранот се: Монако, Малта, Либан, Израел, Италија и Кипар.
- Годишниот прираст на населението кај европските земји на Медитеранот е негативен, а кај азиските и африканските земји е позитивен.
- Најголеми приморски градови на Медитеранот се: Истанбул, Александрија, Измир, Алжир и Тунис. Помали пристанишни градови се: Валенсија, Марсеј, Неапол, Сплит, Атина, Солун, Варна, Мерсин итн.

VII.9. Јазици, религии, храна и архитектура

Многу векови Медитеранот бил центарот на светот каде што секој сакал да живее. Доаѓале трговци и освојувачи од различни места. Се создавале империи во кои сите народи живееле во една држава и тогаш најмногу се мешале и заеднички ја развивале културата. Денес, на Медитеранот има повеќе држави кои создаваат интересен мозаик од култури, јазици и религии.

НАРОДИ И ЈАЗИЦИ

Населението на Медитеранот се разликува според етничката, јазичната и религиозната припадност, како и според културните белези.

Народите од словенската група најмногу се населени на Балканскиот Полуостров и во источноевропскиот субрегион на Медитеранот: **Словенци, Хрвати, Црногорци, Срби, Бошњаци, Бугари, Македонци, Украинци** и **Руси.**

Романската група народи е населена на Пиринејскиот и Апенинскиот Полуостров, Франција и Романија (**Шпанци, Французи, Италијанци** и **Романци**).

Семитската и туркиската група народи се разместени во африканскиот и азискиот Медитеран. **Турците** го населуваат полуостровот Мала Азија, а од семитските народи, **Арапите** се населени во останатите земји на африканските и на азиските медитерански земји, со малцинство во Израел. Израел го населуваат **Евреите** од групата на семитски народи.

Посебни индоевропски народи кај медитеранските земји се **Албанците** и **Грците.**

Најмногу луѓе на Медитеранот зборуваат **арапски јазик.** Тоа се луѓето од сите земји од африканскиот дел, како и Палестина, Либан и Сирија од азискиот.

Речник

калдрма – стар пат или улица направена од мали камења, наредени едно до друго, честа појава во старите медитерански и балкански градови.

чаршија – мрежа на трговски улици од времето на Отоманската Империја, како пазар со многу мали дуќани.

колосеум – римски антички амфитеатар во кој се одржувале гладијаторски игри, натпревари и претстави пред илјадници гледачи.

бузуки – грчки музички инструмент сличен на мандолина, со долг врат и метални жици.



Разместеност на јазичните групи на Медитеранот

Дознај повеќе

Хебрејскиот е мајчин јазик на Евреите во Израел. Овој јазик го користат над 10 милиони луѓе и е единствен жив јазик од групата канански (семитски) јазици.

Знаеш ли дека...

... луѓето од различни арапски земји често не се разбираат целосно меѓу себе, иако зборуваат арапски јазик? Арапскиот има десетици дијалекти, кои многу се разликуваат од земја до земја – на пример, Мароканец и Либанец можат да имаат проблем да се разберат без да користат стандарден арапски јазик што се учи во училиштата. Ова покажува колку јазикот може да биде ист, но и различен во исто време!

Некои земји имаат ист службен јазик, како што е **грчкиот** – во Грција и Кипар; **италијанскиот** – во Италија и Сан Марино; **албанскиот** – во Албанија и Косово; или **францускиот јазик** – во Франција и Монако. Останатите зборуваат на свој јазик, различен од другите. Така, во Словенија се користи **словенечкиот**, во Хрватска **хрватскиот**, во Израел **хебрејскиот**, а во Бугарија **бугарскиот јазик**. Во Шпанија, пак, покрај **шпанскиот**, се зборува и на **каталонски** и на **баскиски јазик**.

РЕЛИГИИ


На Медитеранот настанале три големи религии кои денес се распространети во целиот свет. Тоа се **јудаизмот**, **христијанството** и **исламот**. Христијанството преовладува во европскиот дел, а исламот во африканскиот и азискиот дел.

Поголемиот дел од христијанските земји се римо-католички. **Римокатоличката вероисповед** е разместена на **Апенинскиот** и **Пиринејскиот Полуостров, Франција,** а кај балканските земји **во Словенија и Хрватска.**

Православната црква, најголем број верници има кај: **балканските** (Грција, Бугарија, Србија, Северна Македонија), **источноевропските** (Романија, Украина и Русија) и **Грузија** од азиските земји.

Исламот е раширен во сите африкански и азиски земји на Медитеранот, освен Израел и Грузија. Кај балканските земји, исламот е најзастапен во: Косово, Албанија и Босна и Херцеговина.

На Медитеранот **јудаизмот** е зачуван само во **Израел**.



Застапеност на религиските групи во Медитеранот

ХРАНА

Медитеранската храна, што е медицински потврдено дека е мошне поволна по човечкото здравје, е вклучена во листата на УНЕСКО за нематеријално културно наследство. Станува збор за традиционални и современи вештини во призводството, приготвувањето и консумирањето на храната, што е типична за островот **Крит** (Грција), но раширена и кај другите медитерански народи, како култура на здрав живот. Медитеранската исхрана, главно, вклучува висока потрошувачка на: **маслиново масло, мешункаст зеленчук, нерафинирани житарки, јаткасто овошје** (бадем и лешник), **цитрусно овошје** (лимон, потрокал, цитрон, мандарина), умерена потрошувачка на **морска риба** и **морски плодови, млечни производи** (сирење и јогурт), **вино** и поретка употреба на **црвено месо**.



Паеља (шпански специјалитет)

АРХИТЕКТУРА

Медитеранската архитектура е позната по естетската привлечност и способноста да предизвика чувство на релаксација и соединетост со природата. Класични примери на медитеранската архитектура се среќаваат во старите градски јадра на некои приморски градови со остатоци од антички, средновековни и претежно нововековни градби. Станува збор за утврдени градови спрема морската шир. Улиците се тесни и калдрмисани што се сечат под прав агол. Поплочениот плоштад, поставен спрема главните страни на светот, зазема централно место, а каменот е главен градежен материјал кај станбените, стопанските и верските објекти.

Кај ориенталните медитерански градови од азиските земји, карактеристични се **чаршиите** каде се сместени занаетчиските, трговските и угостителските објекти. Кај големите градови зачувани се и стари монументални објекти со големо културно и туристичко значење: **арени, палати, кули, верски храмови** итн.



Капали чаршија во Истанбул, Турција

Дознај повеќе

Римскиот Колосеум е врвен дострел на античката архитектура. Своевремено најголем антички амфитеатар, изграден во 80 година од новата ера од страна на Тит Флавиј. Јавниот објект собирал 55 илјади гледачи и служел за гладијаторски борби, борби помеѓу животни и други јавни настани.



Зачувани траги од медитеранска архитектура може да се сретнат во: **Истанбул, Атина, Рим, Дубровник, Сплит, Неапол, Солун** и други градови.

МУЗИКА

Медитеранските земји имаат богата музичка традиција, како дел од културното наследство. Уште во старата ера на подрачјето на Медитеранот се удрени темелите на античката музика. Освен модерните и популарни жанрови, кај медитеранските земји се негува традиционална шпанска, грчка, турска или арапска музика, италијанска класична музика итн. Карактеристични се етномелосите кај некои медитерански земји коишто вклучуваат традиционални инструменти, како: **бузуки, лира, китара, саз, зурла, чифте, тапан, кавал** и други.



Зурла

Истражи

Истражувај и изработи графички приказ или табела (*Excel*) за најпознати и најпосетени културни споменици во големите градови од медитеранските земји.

Размисли и одговори

1. Три од следниве јазици во Медитеранот се сродни и припаѓаат на романската група јазици: турски, шпански, грчки, италијански, арапски и француски. Кои?
2. Исламот е прилично застапен и во две земји на европскиот медитерански брег. Кои се тие?
3. Зошто мислиш дека медитеранските куќи често се градени од камен и имаат тесни, засенети улички? Каква поврзаност има тоа со климата и начинот на живеење во тие подрачја?
4. Што мислиш, зошто музиката во различни медитерански земји звучи различно, иако се дел од ист регион? Каква улога играат традиционалните инструменти во тоа?

Запомни

- Најбројни народи на Медитеранот се оние од: словенската, романската, семитската и туркиската група.
- Најраширени јазици на Медитеранот се: арапски, турски, јазиците од словенската и романската група, како и хебрејски.
- Народите на Медитеранот верски се ориентирани кон: православното и римокатоличкото христијанство, исламот и јудаизмот.
- Медитеранската храна подразбира употреба на свежи состојки и: маслиново масло, цитрусно овошје, риба, мешункаст зеленчук, вино итн.
- Медитеранската архитектура се одликува со тесни калдрмисани улички, градби од камен и објекти што создаваат чувство на поврзаност со природата и историјата.

VII.10. Стопанско-географски карактеристики

Стопанството на медитеранските земји е богато и разновидно, обликувано од природните услови, географската положба и културното наследство. Медитеранот претставува важен економски простор, во кој традиционалните дејности како земјоделството и риболовот се надополнуваат со современи индустриски гранки и динамична трговија.

ОСНОВНИ СТОПАНСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

Стопанството во земјите на Медитеранот, традиционално се потпира на: **земјоделство, риболов, трговија,** а во поново време, **индустрија** и **туризам**. Од енергетските извори во дадени земји од регионот се експлоатира **нафта** (африканскиот субрегион), **хидроенергијата, јагленот, нуклеарната енергија** (Шпанија, Франција, Бугарија), **соларната енергија** и ветерот. Од **рудното**



Речник

соларна енергија – енергија произведена со користење на сончевото зрачење.

експлоатира – да се користи нешто што постои (руди, нафта, дрво или сл.), за да се добие нешто корисно (енергија, производ или сл.).



Медитеранот е најголемиот светски производител на маслиново масло.

Знаеш ли дека...

... маслиновото гранче е традиционален симбол на мирот што се употребува од антички времиња до денес? Победниците на Олимписките игри што ги организирале хеленските градови-држави како награда добивале венец од маслинови гранчиња. Денес можеме да видиме вакви гранчиња на знамето на Кипар и знамето на Обединетите нации.



богатство на големите полуострови се експлоатира: железна, бакарна, бокситна, олово-цинкова руда и неметални суровини. Во Северна Африка и Југозападна Азија има големи наоѓалишта на фосфати и на други неметални суровини.

ЗЕМЈОДЕЛСТВО

Поволните климатски и почвени услови овозможуваат негување на различни земјоделски култури. Кај некои од нив, медитеранските земји важат за водечки светски производители. На пример, кај **јужното овошје**, Шпанија, Италија и Турција се големи светски производители. Исто така, петте најголеми светски производители на **маслиново масло** се медитерански земји: Шпанија, Италија, Турција, Тунис и Грција. **Виновата лоза** зазема големи обработливи површини на Медитеранот, така кај производството на вино, водечки земји во светот се: Италија, Франција и Шпанија. Кај житните култури, Украина зазема место помеѓу десетте најголеми производители на **пченица, пченка и јачмен**.

Најголеми медитерански и светски производители на вино (во милиони тони, 2024)

Држава	Италија	Франција	Шпанија
Количество	5.000.000	3.710.000	3.700.000

ИНДУСТРИЈА

Индустријата е важна стопанска гранка во овие земји. Најразвиени **индустриски гранки** се: текстилната, прехранбената, машинската, металната, хемиската, автомобилската, бродоградбената и др. Најголеми **индустриски центри** се: Истанбул, Измир, Милано, Торино, Бурса, Александрија, Мадрид, Барселона, Тел Авив, Алжир, Атина, Лион, Марсеј и др.



Медитеранските земји се водечки производители на вино во светот.



Поле со пченица (Украина)



Нафтено наоѓалиште во Либија

Дознај повеќе

Автомобилската индустрија кај медитеранските земји е најразвиена во Италија, Шпанија, Франција, Турција и други. Најпознати автомобилски марки се: италијанските (фиат, алфа ромео, ланча, масерати, ферари); француските (пежо, цитроен, рено); шпанскиот (сеат); и турскиот тофаш.

Знаеш ли дека...

... риболовот е една од најстарите дејности на Медитеранот? Во некои крајбрежни села луѓето сè уште користат традиционални чамци и мрежи, како нивните предци пред илјадници години. Денес, риболовот не само што обезбедува храна, туку и вработува илјадници луѓе и е важен дел од економијата на медитеранските земји.

ТРГОВИЈА

Во големите пристанишни градови на сите делови од Медитеранот, постојат модерни центри за **трговска размена.** Трговијата е стара и значајна стопанска дејност за земјите од регионот. Во меѓународната трговија медитеранските земји извезуваат: **јужно овошје, грозје, вино, маслинки, автомобили, електроапарати, текстил, нафта, тутун** и др. Најувезувана стока посебно кај помалите, увозно зависни земји се: житарките, лековите, месото, млекото, нафтата, автомобилите, апарати во домаќинството итн.



Трговија по Суецкиот Канал

Истражи

Кои медитерански држави експлоатираат нафта од сопствени извори и се познати извозници на овој енергетски извор?

Размисли и одговори

1. Зошто Медитеранот отсекогаш бил погоден за развој на трговија и размена на стоки?
2. Зошто нафтата и гасот не биле корисни во старите времиња?
3. Дали мислиш дека обновливите извори на енергија, како што се сонцето и ветерот, се важни за иднината на медитеранскиот регион? Зошто?
4. Какви предности имаат земјите што имаат пристаништа во споредба со оние што немаат?

Запомни

- Стопанството во земјите на Медитеранот се потпира на: земјоделството, индустријата, трговијата и туризмот.
- Медитеранските земји се светски производители на маслиново масло, јужно овошје, грозје и вино.
- Најголеми индустриски центри во регионот се: Истанбул, Измир, Милано, Торино, Александрија, Мадрид, Барселона, Тел Авив, Каиро и др.
- На африканскиот брег има големи наоѓалишта на нафта и гас.
- Главна предност на Медитеранот е развиената трговија поради неговата поврзаност со различни земји со разновидни богатства.

VII.11. Туристички места и културни знаменитости

ФАКТОРИ ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ

Средоземјето е еден од најпосетуваните туристички региони во светот и најпосакувана дестинација. Туризмот е важна стопанска дејност за многу медитерански земји, бидејќи носи голем број гости, многу ноќевања и финансиски приходи. Развојот на туризмот овде се должи на повеќе поволни фактори: **природни атрактивности** – како убави предели, топла клима и чисто море; **културно-историски споменици** – како тврдини, замоци и верски градби; како и **етно-социјални вредности** – како фолклор, музеи и манифестации. Дополнително, постои добра **сообраќајна поврзаност** (добри патишта) и многу **сместувачки капацитети** (хотели, кампови и апартмани). Благодарение на сето ова, на Средоземјето се развиени различни видови туризам: **рекреативен, културен, верски, градски, излетнички** итн.

Поради големината на овој туристички регион и разликите кај туристичката понуда, во него може да се издвојат неколку помали туристички региони (субрегиони). Такви се: **Пиринејски Полуостров, Азурен брег, Апенински Полуостров, Балкански Полуостров, Црноморски субрегион, Мала Азија** и **Северна Африка.**

ТУРИСТИЧКИ СУБРЕГИОНИ НА СРЕДОЗЕМЈЕТО

Пиринејски Полуостров

Шпанското приморје, Балеарските Острови и континенталните туристички центри ги посетуваат преку 80 милиони туристи годишно. Најпосетени летувалишта

Речник

дестинација – цел на патување, место каде што сакаш да стигнеш.

сместувачки капацитети – хотели, апартмани, кампови, вили, хостели и други објекти во кои туристите престојуваат додека го посетуваат некое место.

мондено – убаво, модерно и луксузно место каде што одат богати и познати луѓе.

крстосување – патување со туристички брод.



Рабат, Мароко (Северна Африка)

Знаеш ли дека...

... Азурниот Брег годишно го посетуваат преку 20 милиони домашни и странски туристи? Азурниот (син) Брег се протега долж Француското приморје од француско-италијанската граница до летувалиштето Сен Тропе. Една од најзначајните културни манифестации во оваа област е познатиот Филмски фестивал во Кан.



се: **Барселона, Валенсија, Лорет де Мар, Аликанте, Палма де Мајорка, Малага** и др. Кај внатрешните туристички центри се истакнуваат Мадрид и Гранада.

Азурен Брег

Азурниот Брег го опфаќа источниот дел од Француското медитеранско приморје, помеѓу Сен Тропе и италијанската граница. Азурниот Брег се смета за светски **монденски** туристички субрегион, каде најпознати туристички дестинации се: **Сен Тропе, Ница, Кан, Монте Карло** и **Антиб.**



Монте Карло, Монако

Апенински Полуостров

Италијанското приморје, островите (Сицилија, Сардиниј и др.), внатрешните туристички центри и државите Ватикан и Сан Марино, годишно ги посетуваат повеќе од 60 милиони туристи. Најатрактивни приморски дестинации се: **Џенова, Сан Ремо, Неапол, Римини** и **Венеција**. Кај внатрешните туристички центри, најголема посетеност имаат: **Рим, Фиренца, Милано, Болоња, Верона, Комо, Сестриере** и др.



Венеција, Италија

Балкански Полуостров

Балканскиот туристички субрегион ги зафаќа континенталните делови од државите на полуостровот: **Словенија, Хрватска, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Албанија, Грција, Бугарија, Србија, Северна Македонија и Косово,** како и островите во **Јадранското, Јонското, Егејското** и **Средоземното Море** што им припаѓаат на овие земји.

Најпосетени приморски места се: **Порторож** (Словенија), **Дубровник** (Хрватска), грчките острови и полуострови (**Крит, Санторини, Крф, Миконос, Закинтос, Халкидики**) и бугарските места (**Варна, Бургас, Созопол**). Од внатрешните места, поатрактивни се: **Блед, Плитвички Езера, Белград, Банско, Златибор, Копаоник, Охрид** и др.



Копаоник, Србија

Знаеш ли дека...

... најпосетен град на Медитеранот во 2024 година е Истанбул, со 23 милиони туристи? Градот се одликува со исклучителна положба помеѓу Европа и Азија и културно-историско наследство. Најпосетени споменици се: Аја Софија, Топкали палата, Сината џамија, кулата Галата, Капали чаршија и др.



Црноморски субрегион

Во овој дел од Медитеранот припаѓаат земјите од Источна Европа со излез на Црното Море. Најпосетени приморски места се: **Констанца** (Романија), **Одеса** (Украина) и **Сочи** (Русија).



Сочи, Русија

Мала Азија

Околу 50 милиони туристи годишно ги посетуваат туристичките места во Турција. Најпосетени градови се **Истанбул, Измир, Анкара** и летувалиштата: **Бодрум, Анталија, Кушадаси, Мармарис** и други.

Северна Африка

Во овој субрегион на Медитеранот најголема посетеност остваруваат: **Александрија, Каиро** и **Гиза** во Египет; **Тунис, Бизерта** и **Сус** во Тунис.

Освен овие, во азискиот дел на Медитеранот, значајни посети остварува и Израел во градовите **Хаифа** и **Ерусалим**.



Измир, Турција





Сус, Тунис

КУЛТУРНИ ЗНАМЕНИТОСТИ

Културно-историските споменици се материјални предмети, зачувани од минатото, што оригинално ја претставуваат културата на еден народ или простор. Како туристички највлијателни споменици на културата во медитеранските земји се: **Алхамбра** и **Алказар** во Шпанија; **Колосеум** и **Помпеја** во Италија; **Дубровник – Стар град** и **Диоклецијанова палата** (Хрватска); **Акропол** (Грција); **Аја Софија** и **Топкали палата** (Турција); **Пирамидите** во Гиза (Египет), **Ерусалим – Стар град** (Израел) и други.



Алхамбра, Шпанија





Пирамиди, Гиза (Египет)

Истражи

Каде на Азурниот Брег се одржува најпопуларната трка во Формула 1?

Во кој период градот Дубровник претставувал посебна држава? Какви дејности биле развиени во Дубровник во тоа време и кои се културните знаменитости на градот, денес?

Сиртаки, фламенко и чочек се традиционални танци во три медитерански земји. Кои?

Размисли и одговори

1. Зошто Медитеранот е една од најпосетуваните туристички региони во светот? Кои природни и културни богатства најмногу привлекуваат туристи?
2. Што мислиш, зошто Азурниот Брег се нарекува монденски регион? Кои туристи најмногу го посетуваат и зошто?
3. Кои сличности и разлики можеш да ги забележиш меѓу туристичката понуда на Пиринејскиот и Балканскиот Полуостров?
4. Кое место на Медитеранот најмногу би сакал да го посетиш? Зошто токму тоа?

Запомни

- Медитеранот е еден од најразвиените туристички региони во светот по број на посетители и приходи. Природните убавини, културно-историските споменици, богатата традиција, како и сообраќајната поврзаност и сместувачките објекти, се главни фактори за развој на туризмот.
- Медитеранот може да се подели на неколку туристички субрегиони: Пиринејски, Апенински, Балкански, Азурен брег, Црноморски, Мала Азија и Северна Африка;
- Најпосетени приморски места на Медитеранот се: Барселона, Ница, Кан, Џенова, Дубровник, Истанбул, Атина, Анталија, Александрија и други;
- Најпосетени културни споменици на Медитеранот се: Колосеум, Помпеја, Дубровник – Стар град, Акропол, Аја Софија, Пирамидите во Египет итн.

ПРОВЕРИ КОЛКУ НАУЧИ

VII.1. Географска положба и регионален преглед на Медитеранот

1. Кои три континенти се поврзуваат преку Средоземното Море?
2. Каква важност има Суецкиот Канал за поморската поврзаност на Европа со другите континенти?
3. Како Медитеранот придонесува за економската поврзаност меѓу народите што живеат на неговите брегови?
4. Кои се седумте субрегиони на Медитеранот и по што се разликуваат?

VII.2. Балкански Полуостров и Источноевропски субрегион на Медитеранот

1. Кои мориња го заплискуваат Балканскиот Полуостров?
2. Зошто се смета дека Балканот има поволна географска положба?
3. Кои се седумте балкански држави што директно излегуваат на море? А кои три балкански држави се континентални?
4. Како преку Балканот се поврзуваат Средна Европа и Азија?
5. На кои мориња излегува територијата на Грција?

VII.3. Апенински Полуостров и Француското медитеранско приморје

1. Што претставува терминот „Азурен брег" и каде се наоѓа?
2. Кои острови припаѓаат на италијанскиот и францускиот дел од Медитеранот?
3. Кои држави се наоѓаат на Апенинскиот Полуостров?
4. Како Франција, иако е западноевропска земја, припаѓа на медитеранскиот регион?
5. Според моријата и планините, опиши ги природно-географските карактеристики на Италија.

VII.4. Пиринејски Полуостров

1. Каде се наоѓа Пиринејскиот Полуостров?
2. Каква улога има Гибралтарскиот Проток во поврзувањето на Медитеранот со останатиот свет?
3. Кои држави се наоѓаат на Пиринејскиот Полуостров и кои се нивните главни градови?
4. Какви климатски типови постојат во Шпанија и како влијаат врз земјоделството?
5. По што Шпанија се издвојува како економски значајна земја во Европа и светот?

VII.5. Медитеранска Африка и Азија

1. Кои држави ѝ припаѓаат на Медитеранска Африка?
2. Каде се наоѓа Медитеранска Азија и кои држави припаѓаат таму?
3. Каква е важноста на Гибралтарскиот Проток и Суецкиот Канал за овој регион?
4. Како географската положба на Медитеранска Азија го поврзува Стариот Свет?
5. Како природните услови влијаат врз економскиот развој на овој регион?

VII.6. Природно-географски карактеристики на медитеранските земји

1. Наведи кои се трите најголеми полуострови и трите најголеми острови што се наоѓаат во Медитеранот. Кон кои држави припаѓаат?
2. Какви низини се јавуваат во медитеранските земји и каде се наоѓаат?
3. Кои се најважните планински венци во европскиот дел од Медитеранот?
4. Процени како географската разновидност на Медитеранот влијае врз неговиот туристички и економски развој.

VII.7. Клима, хидрографија, растителен и животински свет

1. Кои се основните карактеристики на типичната медитеранска клима?
2. Кои се најголеми реки од Балкански Полуостров што се влеваат во Јадранско, Егејско и Црно Море?
3. Зошто маслинките и цитрусите добро успеваат во медитеранската клима?
4. Како животните во Медитеранот се приспособиле на долги суши и високи температури?

VII.8. Население и населби на медитеранските земји

1. Идентификувај ги трите најгусто населени држави на Медитеранот.
2. Зошто населението најчесто се населува во близина на бреговите и реките?
3. Каква улога играле пристаништата во историјата на урбаниот развој на Медитеранот?

VII.9. Јазици, религии, храна и архитектура

1. Кој јазик е најзастапен на Медитеранот и каде најчесто се зборува?
2. Кои се основните карактеристики на медитеранската архитектура?
3. Објасни како историјата и природната положба влијаеле врз развојот на мешаните култури во Медитеранот.
4. Како изгледа традиционална медитеранска чаршија и каква е нејзината функција во животот на населението?

VII.10. Стопанско-географски карактеристики

1. Какво влијание има географската положба врз економијата на Медитеранот?
2. Какви извори на енергија се застапени во медитеранските земји?
3. Кои земји се водечки производители на маслиново масло и на вино во медитеранскиот регион?
4. Која е разликата меѓу стоките што медитеранските земји ги извезуваат и оние што најмногу ги увезуваат?

VII.11. Туристички места и културни знаменитости

1. Кои видови туризам се развиени на Медитеранот и поради што?
2. Идентификувај по две најпосетени туристички места на Пиринејскиот и на Апенинскиот Полуостров и образложи зошто се популарни.
3. Објасни ја улогата на историското и културното наследство во развојот на туризмот на Балканот.
4. Објасни зошто спомениците како Колосеумот, Акропол и Пирамидите се важни за културниот туризам.

ДЕМОКРАТИЈА И ЗАКОНИ



Вовед

Демократијата е еден од најважните концепти во современите општества, бидејќи обезбедува владеење на народот преку слободни и правични избори. Законот, пак, е темелот на правната држава, кој ги регулира односите меѓу граѓаните и институциите. Заедно, демократијата и законите го создаваат рамнотежниот систем што гарантира почитување на човековите права и слободи. Преку демократијата, граѓаните добиваат можност да учествуваат во креирањето на политиките и управувањето со државата, додека законите обезбедуваат правна сигурност и еднаквост за сите.





СОДРЖИНИ

- VIII.1. Демократија и демократско уредување
- VIII.2. Видови демократија
- VIII.3. Демократски избори
- VIII.4. Поделба на власта
- VIII.5. Владеење на правото
- VIII.6. Принципи на добро владеење
- Провери колку научи

На крајот од оваа тема ќе можеш:

- ✓ да објаснуваш што значи демократија и демократско уредување;
- ✓ да ја објаснуваш улогата на законодавната, извршната и судската власт;
- ✓ да ги наведуваш елементите на владеење на правото и принципите на добро владеење;
- ✓ да препознаваш повреда и злоупотреба на овие принципи;

...и ќе развиеш свесност за потребата од владеење на правото и развивање правна држава.



VIII.1. Демократија и демократско уредување

Луѓето отсекогаш живееле во заедници, бидејќи само така можеле полесно да се справат со предизвиците на природата, да се заштитат од опасности и да си помагаат меѓусебно. Со текот на времето, тие почнале да создаваат правила за однесување во заедницата, за да има ред и сите да се чувствуваат безбедно.

Од овие правила на живеење настанале различни облици на општествено уредување. Некои заедници биле водени од најсилните или најмудрите членови, додека други формирале системи во кои сите членови учествувале во одлуките. Денес, еден од најраспространетите начини на управување со општеството е демократијата – владеење на народот.

ОПШТЕСТВО И ОПШТЕСТВЕНО УРЕДУВАЊЕ

Во минатото, за да се заштитат од најразлични непогоди (напад од животни, полесно да дојдат до храна, да се грижат едни за други во тешки ситуации) луѓето се здружувале во групи за полесно да преживеат. Така тие го создале општеството. **Општество** е група луѓе кои живеат во заедница на одредена територија.

Во општеството се појавила потреба луѓето да ги поделат улогите кој што ќе прави, кој што ќе биде, за подобро функционирање на групата. Ги поделиле улогите и се истакнале лидерите – оние кои ќе го управуваат општеството. Така уредено, општеството почнало подобро да функционира. Според тоа кој го води општеството, се разликуваат различни видови општествени уредувања. **Општествено уредување е облик на управување со државата.**

На почетокот, лидерите биле најсилните ловци и воини. Подоцна, како што цивилизацијата растела и се развивала, се појавиле кралствата, на чело на кои биле кралевите кои биле наследувани најчесто од

Речник

лидери – луѓе кои ја водат групата.

монаршија – владеење на еден човек, монарх (крал, цар, фараон, шах, султан и сл.).

аристократија – владеење на благородниците.

демократија – владеење на народот.

полис – град-држава.

цитадела - тврдина, упориште.



Акрополот во Атина – древна цитадела сместена на највисоката точка над градот

Дознај повеќе...

Истражувај и научи како функционирала **државата во Стариот Рим**. Потоа направи споредба помеѓу уредувањето во Античка Атина, Стариот Рим и демократијата во нашата држава.

нивните најстари синови. Некаде тоа биле фараоните, чие владеење било слично со она на кралевите, односно еден човек управувал со државата, а таквото општествено уредување било наречено **монархија**.

АТИНСКА ДЕМОКРАТИЈА

Долго време било така, сè додека во старогрчките градови-држави, поточно во Атина, власта не преминала во рацете на сите граѓани. Таквото, владеење на народот се нарекува демократија. Терминот доаѓа од спојување на двата старогрчки збора – **демос** (народ) и **кратос** (владеење). Кога во една држава општественото уредување е демократија, велиме дека таа држава има **демократско уредување**.

Но во тој период под граѓани се подразбирало – слободни мажи способни да носат оружје. Од ова можеме да заклучиме дека на жените и на робовите им било одземено правото на глас, а со тоа и донесувањето на одлуки во ваквото уредување. Исто така, луѓе кои не биле родени во **полисот** немале право на глас.

На секои десетина дена пет до шест илјади слободни граѓани, од вкупно триесетина илјади граѓани, се собирале на едно ритче блиску до Акропол каде што дискутирале за најразлични проблеми – финансиски, воени, религиозни и сл.

Ова општествено уредување траело околу двесте години (од 594 пр.н.е. до 322 пр.н.е.), по што Атина паднала под власт на хеленистичките кралства. Демократско уредување се појавило и во Рим, односно се појавила Римската Република (од 509 пр.н.е. до 27 пр.н.е.).



Клејстен, таткото на атинската демократија



Атинскиот политичар Перикле говори пред Собранието

Знаеш ли дека...

- во еден период, гласањето во античка Атина било со викање? Имено, за да биде одлучено за нешто, гласачите викале гласно колку што мислеле дека е важно за да се одлучи. Постоеле посебни „бројачи на гласови" или подобро речено „слушачи на гласови" кои одлучувале дали е доволно гласно за да биде изгласан некој закон или за да биде донесена некоја одлука.
- во друг, пак, период во стара Атина, за да биде гласањето тајно, гласачите користеле жетони, нешто слично на монета? Имало жетони со дупка и без дупка. Жетоните без дупка биле глас „ЗА", и логично тие со дупка биле глас „ПРОТИВ". Жетоните не биле поголеми од површината на палецот за да можат лесно да бидат скриени и гласањето да е тајно.



СОВРЕМЕНА ДЕМОКРАТИЈА

Било потребно долго време за демократијата да преовлада во светот како општествено уредување. Својот замав го зазема при крајот на XIX век, а денес поголемиот дел од светот е демократски уреден.

Многу е важно да се спомене дека денешната, современа демократија се разликува од атинската демократија. Демократијата денес сè уште претставува владеење на народот. И тоа поуспешно од кога било досега – сите полнолетни граѓани имаат право на глас. Со тоа, современата демократија, досега, се покажа како најдобар модел за уредување на едно општество. Секој може и треба да учествува во креирањето на политиката на својата држава!



Слободните граѓани со право на глас директно учествувале во носењето одлуки во атинското собрание



Во демократските земји сите полнолетни граѓани имаат право на глас



Римски сенат – власта во Римската република

Работилница

Обидете се да ги спроведете во вашето одделение и двата вида гласање од атинската демократија, за донесување на некоја одлука.

Размисли и одговори

1. Што би се случило ако немаме правила во општеството?
2. Дали мислиш дека е фер што жените и робовите во Атина немале право на глас? Образложи.
3. Што можеш ти, како ученик, да направиш за да придонесеш кон демократски дух во заедницата?

Запомни

- Општество е група луѓе кои живеат во заедница на одредена територија. Кога се зголемила групата, се проширила територијата и се создала државата.
- Општествено уредување е облик на управување со државата. До моментов, најдобар облик на општествено уредување е демократијата – владеењето на народот.
- Демократијата првпат се појавила во Атина, во VI век пр.н.е., својот замав го зема при крајот на XIX век, а денес е проширена како општествено уредување во речиси сите држави.

VIII.2. Видови демократија

Од досегашните лекции веќе научи дека има различни видови демократија. Друга поделба на демократијата може да биде на непосредна демократија и претставничка демократија.

НЕПОСРЕДНА ДЕМОКРАТИЈА

Непосредна демократија е кога сите граѓани, односно гласачи, се вклучени во сите одлуки потребни за управување на државата. Овој вид демократија е можеби поправеден, но потежок за реализирање, барем во моментов. Се спроведува само во некои швајцарски кантони каде што бројката не надминува десет илјади гласачи.

Добар пример за непосредна демократија е избирањето на претседател во одделението, одлука во која учествуваат сите ученици. Секој од вас може да биде кандидиран и секој има право на глас, со што директно го дава својот придонес во демократскиот начин на избор за претседател на одделението.

ПРЕТСТАВНИЧКА ДЕМОКРАТИЈА

Претставничка демократија е кога граѓаните, гласачите, преку демократски избори избираат свои претставници. Тие претставници се поединци кои ќе ги претставуваат нивните мислења, барања, потреби и желби пред демократските институции. Исто така, ќе носат и одлуки во нивно име во врска со тоа како и во која насока ќе се води државата, или некои основни делови на истата: одлуки за градот, општината, образованието, здравството и сл. Овој вид демократија денес е позастапена во светот.

Како пример за ваквата претставничка демократија повторно ќе го земеме претседателот на одделението избран од вас. Тој или таа ве застапува во ученичкиот парламент со право на глас или пред други тела во училиштето: пред наставниците и класниот раководител, пред службата на училиштето или директорот, па и во советот на училиштето ако е тоа потребно.

ПРЕТСЕДАТЕЛСКА И ПАРЛАМЕНТАРНА ДЕМОКРАТИЈА

Претставничката демократија е поделена на претседателска демократија и парламентарна демократија.

Претседателска демократија е вид демократија каде на чело на државата и на нејзината власт стои

Речник

швајцарски кантони – засебни територии од кои е составена Швајцарија, ги има вкупно 26.

мигренции – моќ да се одлучува и дејствува.

акт – постапка, дело.

претседател – шеф на држава избран на демократски избори.

парламент – собрание.



Овалната соба во Белата куќа во Вашингтон – место од каде најчесто се обраќа претседателот на САД



Зградата на парламентот во Виена, Австрија

претседател. **Претседателот** е истовремено шеф на државата и шеф на владата. Тоа значи дека поголемиот дел од важните одлуки во државата се носат од страна на претседателот. Еден таков пример е демократијата во САД.

Во **парламентарна демократија** најголема власт има парламентот, односно во случајот на нашата држава тоа е собранието. Членовите на собранието гласаат за претставниците во владата, која е сочинета од министри, а на чело на владата се избира претседател на владата, односно **премиер**, кој индиректно ја води државата. Во парламентарната демократија, исто така, се избира и претседател на државата, но неговите ингеренции се помали отколку во претседателската демократија.

Во нашата држава улогата на претседателот е многу важна – тој ја претставува државата, тој е исто така врховен командант на армијата и има право на вето за одредени одлуки на собранието и владата. Но, улогата на премиерот во нашата држава е поголема од таа на претседателот.

РЕФЕРЕНДУМ

Иако во светот денеска најчесто применета демократија е претставничката демократија, дали преку претседателската или парламентарната демократија, сепак највисок степен на демократија е непосредната демократија. Веќе погоре е споменато дека сè уште е тешко таа редовно да се практикува, но во исклучително важни ситуации за една држава се спроведува највисокиот степен на демократијата, а тоа е **референдумот**. Референдум е излегување на гласање на

Речник

премиер – претседател (шеф) на влада.

референдум – изјаснување на сите гласачи за решавање на некое особено важно прашање.

гласачко тело – сите гласачи земени како целина. вето - право на поединец или држава да се спречи донесување на некој заклучок или одлука.

вето - право на поединец или држава да се спречи донесување на некој заклучок или одлука.



Зградата на собранието на Република Северна Македонија

Знаеш ли дека...

... самостојноста и суверенота на нашата држава е добиена преку референдум? На 8 септември 1991 година се одржа референдумот за независност, кој резултираше со прогласување на независност на Македонија од Социјалистичка Федеративна Република Југославија. На референдумот излегле 71,85% од гласачите, а од нив позитивно се изјасниле 95,26% (односно 72,16% од вкупниот број граѓани со право на глас). Затоа 8 септември се празнува како ден на независноста на Македонија и го сметаме за роденден на нашата држава. Празникот ја означува суверенота, независноста и самостојноста на Македонија и на македонскиот народ.



Постер за референдумот за осамостојување на Македонија

граѓаните за одредено, најчесто едно, исклучително важно прашање. Референдумот е успешен ако излегле на гласање поголемиот дел од гласачкото тело.

Претставничка демократија

Претседателска демократија

- Претседателот е шеф на државата и шеф на владата. Не постои функција премиер.
- Претседателот е избран од страна на граѓаните.
- Мандатот на претседателот е четири години, со можност за уште еден реизбор.
- Претседателот политички не одговара пред друг орган и тој може само кривично да одговара.

Парламентарна демократија

- Претседателот е шеф на државата, а премиерот е шеф на владата.
- Премиерот е избран од страна на парламентот, односно собранието.
- Мандатот на премиерот, односно владата, е поврзан со мандатот на собранието и е четири години. Мандатот на претседателот е пет години, со можност за уште еден реизбор.
- Парламентот собранието може да изгласа недоверба на Владата.

Истражи

Истражувај и научи во кои држави денес се владее преку претседателска, а во кои преку парламентарна демократија. Дали постојат и други видови на државно уредување во моментов?

Размисли и одговори

1. Што е подобро според тебе: сите да учествуваат директно во одлучувањето или да избереме претставници кои ќе одлучуваат во наше име? Зошто?
2. Кој е поголем лидер во нашата држава – претседателот или премиерот? Образложи.
3. Зошто е важно претседателот на одделението да ги застапува сите ученици, а не само своето мислење?

Запомни

- Современата демократија е поделена на непосредна и претставничка демократија. Непосредна демократија е кога сите гласачи се вклучени во сите одлуки потребни за управување на државата. Претставничката демократија е кога гласачите преку демократски избори избираат свои претставници.
- Претставничката демократија е поделена на претседателска и парламентарна демократија. Претседателска демократија е вид демократија каде на чело на државната власт стои претседателот. Парламентарна демократија е кога гласачите преку демократски избори избираат свои претставници.
- Референдум е процес на непосредна демократија применет во претставничка демократија.

VIII.3. Демократски избори

ГРАЃАНИН

Во државите каде што има демократско уредување граѓанинот е основната алка која го движи тоа уредување. Секој човек кој е дел од едно општество е **граѓанин** на тоа општество. Има различни поделби на граѓаните во различни општествени уредувања. Но во едно демократско уредување единствената важна поделба на граѓаните е на малолетни и полнолетни граѓани. Во нашата држава:

Малолетни граѓани се сите оние лица кои немаат полни осумнаесет години.

Полнолетни граѓани се сите оние лица кои имаат полни осумнаесет години.

Има повеќе карактеристики кои ги разграничуваат малолетните од полнолетните граѓани. Најважната разлика во едно демократско општество помеѓу малолетните граѓани и полнолетните граѓани е **правото на глас**. Со постигнување на ова право на глас, полнолетниот граѓанин веќе и официјално станува дел од демократското уредување на државата. Полнолетниот граѓанин не само што може да гласа, може да биде и гласан, односно како полнолетен граѓанин може да биде дел од демократската трка за власт.

Граѓанинот е темелот на демократското општество и активен учесник во процесите на донесување одлуки. Со своето учество на изборите и почитувањето на правата и обврските, граѓанинот придонесува за јакнење на демократијата и развој на правната држава.

Речник

граѓанин – жител, државјанин на една држава.



Гласачка кутија

Знаеш ли дека...



- Естонија е пионер во електронското гласање, овозможувајќи им на своите граѓани да гласаат преку интернет на национални избори уште од 2005 година? На парламентарните избори во 2023 година, 51,1% од гласовите биле поднесени електронски, што претставува значителен пораст во однос на претходните години.
- во Швајцарија, некои кантони експериментираат со електронско гласање, овозможувајќи им на одредени групи на гласачи, како што се државјаните кои живеат во странство, да го користат овој метод. Сепак, електронското гласање не е достапно на национално ниво.

Знаеш ли дека...

... во Северна Македонија, гласањето преку интернет не е достапно. На претседателските избори во 2024 година, дијаспората гласаше во дипломатско-конзуларните претставништва, што предизвика значителни трошоци и покрена прашања за можноста за воведување на онлајн гласање за дијаспората.

Важно е да се напомене дека, иако некои земји експериментираат со електронско гласање, многу држави сè уште се воздржуваат од негово воведување поради загриженост поврзани со безбедноста, приватноста и интегритетот на изборниот процес.

ДЕМОКРАТСКИ ИЗБОРИ

Кога група луѓе преку гласање избира нешто за што се согласил поголемиот дел од групата – велиме дека **изборот е демократски**, односно групата избрала на демократски начин. На пример: кога ти и твоите пријатели се договарате што да играте. Секој има право да даде идеја што да се игра, но поголемиот дел од групата решава што ќе се игра. Речиси секогаш има некој што не е задоволен од изборот, но на него останува само да избере дали ќе учествува во играта или не.

Како претставничка – парламентарна демократија, во нашата држава **преку демократски избори се избираат претставници на граѓаните со право на глас.** Разликуваме два вида демократски избори во нашата држава: локални и национални.

ЛОКАЛНИ ДЕМОКРАТСКИ ИЗБОРИ

Локалните избори се демократски избори преку кои гласачите избираат градоначалник и советници. Ваквите избори се спроведуваат на секои четири години. На нив граѓаните гласаат за **градоначалник** и за **советничка листа**. Бројот на советници во една општина на одредена партија на изборите е процентуално поделен според бројот на гласачите. За градоначалник е избрано лицето со поголем број гласови. Локалните избори се важни за граѓаните од една општина затоа што тука тие ги избираат своите претставници кои ќе ги претставуваат нивните интереси и потреби во општината, посебно за културата, спортот, комуналната хигиена, урбанизмот, социјалната и детската заштита, предучилишното воспитание, основното образование и други области утврдени со закон.

Речник

градоначалник – претседател на една општина или град.

општински советник – член на општински совет со право на глас.

мандатар – лице овластено да формира влада.

дијаспора – народ што се иселил во странство, но сè уште се чувствува дел од својата земја.

кантон – автономна територијална единица во состав на Швајцарија.

партија – група луѓе обединети од некакви општи интереси или цел.

пратеник – претставник, односно член на собранието, избран на парламентарни избори.



Гласање во гласачки кабини

НАЦИОНАЛНИ ДЕМОКРАТСКИ ИЗБОРИ

Националните демократски избори се **парламентарни** и **претседателски избори**. Парламентарните избори се спроведуваат на секои четири години и со нив се добиваат **пратениците**, односно членовите во собранието.

Претседателските избори се одржуваат на секои пет години и на нив се гласа за **претседател на републиката**. Може да има еден или два круга избори во зависност од добиениот број гласови. Со добиени повеќе од 50 проценти од вкупниот број регистрирани гласачи се прогласува претседател во првиот круг од изборите, а доколку има помалку се оди на втор круг од изборите.

Националните избори се поважни за нашата држава затоа што преку нив ги добиваме претставниците на **законодавната** и **извршната власт**.



Гласачки ливчиња од национални избори

Истражи

Направи истражување кога биле првите избори во нашата држава. Колку пати се имаат одржано избори? Какви видови избори имало?

Направи истражување – што се тоа предвремени избори?

Размисли и одговори...

1. Зошто полнолетните граѓани имаат право на глас, а малолетните не? Дали мислиш дека тоа е праведно?
2. Што значи да се избере нешто „демократски"? Дали си бил во ситуација кога твоето друштво донело одлука на демократски начин? Опиши.
3. Што би направил ти кога би бил градоначалник на твојата општина? Кои промени би ги вовел?

Запомни

- Во едно демократско општество најважна улога имаат полнолетните граѓани. Малолетните граѓани се важни, но тие немаат право на глас.
- Демократските избори се начин преку кој полнолетните граѓани избираат свои претставници. Тие можат да бидат локални и национални. На локалните избори граѓаните избираат градоначалник и општински советници, а на националните гласаат за претставници во собранието и претседател.

VIII.4. Поделба на власта

според Уставот на Република Северна Македонија

Устав е пишан документ во кој се наведени закони со помош на кои се управува и се уредува државата. Уставот во нашата држава е највисокиот правен акт. Во Уставот на нашата држава се запишани закони кои треба да ги почитува секој граѓанин, без исклучок.

Според член 8 од Уставот, една од „Темелни вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија е поделбата на државната власт на законодавна, извршна и судска".

ЗАКОНОДАВНА ВЛАСТ

Законодавна власт во нашата држава е **собранието**. Главната улога на собранието, според Уставот на републиката, е да донесува закони, резолуции, декларации, стратегии итн. Тоа е владејачко тело кое граѓаните на нашата држава го избираат на секои четири години по пат на демократски избори. Собранието го сочинуваат народните претставници наречени пратеници. Во собранието има 120 членови. Со собранието раководи **претседателот на собранието**, кој има двајца свои



Внатрешноста на собранието: долните седишта се за пратениците, а горните за новинари и за други гости

Скенирај го кодот и појди на виртуелна прошетка низ собранието.

Речник

Устав – основен закон на една држава.

власт – сила која управува, владее со државата.



Уставот на Република Северна Македонија

Знаеш ли дека...

... нашиот устав е од 1991 година? Истражувај и дознај повеќе за него. Нашата држава се управува и се води според него.

заменици, односно во собранието покрај претседател има и двајца заменик-претседатели на собранието.

Собранието преку гласачки процес избира премиер, министри, претседател на собранието и заменици-претседатели на собранието. Исто така, членовите на собранието избираат и народен правобранител, гувернер на народната банка, судии од Уставен суд итн.

ИЗВРШНА ВЛАСТ

Извршната власт во нашата држава е доделена на **владата** и на **претседателот на државата.**

Владата е највисока колективна извршна власт во државата. Таа е составена од **премиер** и **министри**. Премиерот е на чело на владата и раководи со неа. Министрите се поединци кои раководат со некој сектор на државата, како што е: образование и наука, здравство, спорт итн. Собранието ги избира премиерот и министрите, а тие не можат да се дел од собранието.

Претседателот е дел од извршната власт во нашата држава. Претседател се избира на демократски избори, преку тајно гласање, на секои пет години. Еден претседател може да има најмногу два последователни мандати, односно да е на власт десет години последователно. За да се кандидира некој за претседател во нашата држава треба да има најмалку полни четириесет години, да има македонско државјанство, да живеел во државата најмалку десет години во последните петнаесет години.

Претседателот, освен што ја претставува државата, исто така е и врховен командант на армијата. Претседателот треба да ги потпише одлуките на собранието за да бидат тие валидни. Тој има право и да не ги потпише, ако смета дека не се правилни за доброто на државата. Но ако одлуките се донесени со двотретинско мнозинство од бројот на пратеници, тогаш, според Уставот, тој мора да ги потпише.

СУДСКА ВЛАСТ

Судската власт ја спроведуваат судовите во нашата држава. Судовите претставуваат самостојни и

Речник

премиер – претседател на влада.

министер – член на влада, што управува со некое министерство.

народен правобранител – лице чија функција е да ги брани правата на граѓанинот наспроти јавната власт.

гувернер – управник на народна банка.

суд – самостоен и независен државен орган за спроведување на правдата.



Зградата на владата



Вила Водно е местото каде што работи претседателот за време на својот мандат

Работилница

Направете своја влада. За време на часот, вашето одделение е влада. Изберете премиер, министри, заменици. Пожелно е секој да добие место во вашата влада.

Знаеш ли дека...

... им се суди и на судиите? Судскиот совет на Република Северна Македонија е оној што ја контролира работата на судиите.

независни институции. Во нив правдата ја спроведуваат судии кои судат според Уставот и законите, како и меѓународните договори потврдени со Уставот. Основни цели и функции на судската власт се:

- непристрасно применување на правото, независно од положбата и својството на странките,
- заштита, почитување и унапредување на човековите права и слободи,
- обезбедување еднаквост, рамноправност и недискриминација по кој било основ,
- обезбедување правна сигурност врз основа на владеење на правото.



Уставен суд

Истражи

Истражувај и дознај колку и какви министерства има во нашата држава. Која е нивната улога?

Размисли и одговори

1. Што мислиш, зошто е важно власта да биде поделена на три различни делови?
2. Кој дел од власта носи закони? Зошто мислиш дека оваа улога е важна за граѓаните?
3. Кој дел од власта сметаш дека е најблизок до обичните луѓе? Зошто?

Запомни

- Устав е пишан документ во кој се наведени закони со помош на кои се управува и се уредува државата. Според ставот на нашата држава, државната власт се дели на законодавна, извршна и судска.
- Главната улога на законодавна власт – собранието е да донесува закони, резолуции, декларации, стратегии итн.
- Извршната власт во нашата држава е доделена на владата и на претседателот на државата.
- Судската власт ја спроведуваат судовите во нашата држава, а во нив правдата ја спроведуваат судии кои судат според Уставот и законите, како и меѓународните договори потврдени со Уставот.

VIII.5. Владеење на правото


ЗАКОНИ

За да живеат луѓето во едно општество во благосостојба, вовеле правила за однесување. Правилата не биле почитувани од сите членови во општеството, па лидерите морале да ги направат поконкретни и појасни. За да бидат тие правила почитувани од сите граѓани, биле преименувани и преструктуирани во **закони**. Законите имаат за цел точно и конкретно да ги регулираат постапките на луѓето.

Законикот на Ур-Наму, кој датира од околу 2050 година пр.н.е. е најстар доказ за постоењето на пишаните закони. По него следуваат Законикот на Ешуна од околу 1930 пр.н.е. и Законикот на Липит-Иштар од Исин од 1870 пр.н.е. Во оваа листа, иако не е прв, дефинитивно најважен за науката е Хамурабиевиот законик, создаден околу 1750 пр.н.е. 282 закони биле испишани на 2,5-метарска карпа, поставена на јавно место за да не може никој да каже дека не ги знаел законите. Иако експертите сметат дека бројот на луѓе кои знаеле да ги прочитаат бил мал, ова е доволен



Липитовиот законик околу 1870 пр.н.е.



Законикот на Ур-Наму

Речник

експедитивно – навремено.
глобално – за целиот свет.

Дознај повеќе...

Бабилонскиот крал Хамураби (околу 1810 пр.н.е. – 1750 пр.н.е.) сметал дека тој бил избран од боговите да му ги даде законите на неговиот народ. Во предговорот на законикот тој вели:


„... Ану и Бел ме повикаа по име мене, Хамураби, воздигнатиот принц, којшто има страв од Бога, да го донесам владеењето на правдата на земјата, да ги уништам злобните и оние кои прават лошо; за силните да не ги повредуваат слабите; за да владеам врз луѓето како Шамаш, да донесам светлина на земјата, да придонесам кон благосостојбата на човештвото..."

доказ за тоа дека државата се раководела според законите, односно се владеело со правото.

Сите овие законици потекнуваат од Месопотамија и ги претставуваат првите пишани обиди за правно регулирање на општествениот живот. Месопотамија се смета за „колевка на цивилизацијата", бидејќи таму се појавиле првите градови-држави и првите правни кодекси.

ПРАВНА ДРЖАВА

Уште многу одамна филозофот Аристотел рекол: „Посоодветно е законот да управува со државата, од кој било друг граѓанин". Со тоа тој сака да каже дека преку правото, односно, преку законите – нивно следење и почитување, државата би била многу подобро управувана од лицата кои се на власт. Граѓаните сигурно би се чувствувале посигурно ако знаат дека правдата би била еднаква за сите. Тоа би придонело и за подобар развој и за просперитет на државата. Така би се создала **правна држава** во која законите би важеле исто за сите чинители на државата.



Статуа на Аристотел

Речник

правна држава – држава во која владее правото, односно, која функционира според Уставот и законите и која гарантира заштита на човековите права и слободи.

КЛУЧНИ ЕЛЕМЕНТИ ЗА ВЛАДЕЕЊЕ НА ПРАВОТО

За една држава да се нарече правна држава, односно да можеме да речеме дека во неа има владеење на правото, пред сè треба да постои **еднаквост пред законите.** Законот во државата треба да е еднаков за секој граѓанин без разлика во која категорија припаѓа.

Секој е потребно да сноси **одговорност пред законот.** Иако тука најчесто се мисли на полнолетните граѓани,

Знаеш ли дека...



... на 10 декември 1948 година во Париз од страна на Генералното собрание на Обединетите нации е усвоена Универзалната декларација за човекови права? Декларацијата е создадена во периодот по Втората светска војна и означува прво глобално изразување на основни права на сите човечки суштества. Декларацијата се состои од 30 члена кои се вклучени во подоцнежни меѓународни договори, регионални инструменти за човекови права, национални устави и закони. Во неа се вградени Универзалната декларација за човекови права, Меѓународната конвенција за економски, социјални и културни права и Меѓународната конвенција за граѓански и политички права и неговите два факултативни протоколи. Затоа 10 декември се одбележува како меѓународен ден на човековите права.

своја одговорност пред законите имаат и малолетните граѓани. Сепак тоа се свесни човечки суштества кои прво се учат да следат правила, да знаат кои се последиците од непочитување на тие правила. Подоцна правилата се заменуваат со закони кои имаат построги последици при нивно непочитување.

Правниот систем на државата мора да е **праведен и непристрасен**. За да биде исполнет овој елемент во една држава, најважно е да важи за судството на таа држава. Праведно и непристрасно судство претставува неопходност за одржувањето на владеењето на правото.

Многу е важно правниот систем, законите и оние кои се грижат за нив да се **достапни за секого**. Ако овие елементи се спроведени од власта во една држава, тогаш може да се рече дека во таа држава владее правото.

Денеска човештвото оди чекор понапред и размислува глобално, па се создадени меѓународни правни конвенции кои треба да важат за сите граѓани на планетата Земја.



Јустиција, симбол на правдата и правичноста

Истражи

– Истражувајте, во групи или поединечно, повеќе за меѓународните конвенции за човековите права, а потоа презентирајте им на останатите ученици во класот.

– Поделени во четири групи, одберете или поделете со влечење по еден од клучните елементи за владеењето на правото. Прво разговарајте меѓу вас во групата зошто елементот што сте го одбрале или сте го извлекле е важен, односно, клучен за владеењето на правото.

Размисли и одговори...

1. Што значи „владеење на правото“? Како би изгледала една држава ако немаше закони?
2. Дали мислиш дека законите треба да важат исто и за претседателот и за обичниот граѓанин? Зошто?

Запомни

- Законите имаат за цел точно и конкретно да ги регулираат постапките на луѓето.
- Почитувајќи ги законите, водејќи се од нив и управувајќи ја државата, граѓаните создаваат правна држава.
- Клучни елементи за владеење на правото се еднаквост пред законите, одговорност пред законот, праведен и непристрасен правен систем, достапност до правда.

VIII.6. Принципи на добро владеење

За да се стигне до таа правна држава во која владее правото, најважни се граѓаните кои треба да изберат добра власт што ќе ги спроведува законите во државата. Добра власт би била онаа што би ги исполнила принципите за добро владеење. А тие се: **отчетност**, **транспарентност**, **одговорност** и **непристрасност**.

ОТЧЕТНОСТ

Давање извештај за сработеното од страна на власта пред гласачкото тело се нарекува отчетност. Отчетноста е многу важна затоа што така граѓаните можат да видат дали државата се движи во правилниот правец.

Кога претседателот од вашиот клас има состанок со ученичкиот парламент, вие очекувате да ви биде пренесено што се разговарало на тој состанок, дали се дискутирало за некои од проблемите во училиштето, дали биле донесени некакви одлуки и сл. Вие очекувате вашиот претседател да даде отчет за сработеното на ученичкиот парламент.

ТРАНСПАРЕНТНОСТ

Во едно праведно демократско општество отчетноста за сработеното се истакнува во вид на документи кои треба да се јасни и видливи за јавноста. Таквото јавно известување за сработеното од страна на власта се

Речник

индивидуа – единка, личност која е дел од општеството.

непристрасност – донесување праведни одлуки без заземање страна.

корупција – поткупливост, кога некој користи својата моќ или позиција за да добие пари или друга корист на неправеден начин.

бенефит – некаков вид добивка или корист.

девијантно однесување – непожелно, неправилно однесување.

Знаеш ли дека...

... во 2008 г. во Грузија е изградена зграда за Министерството за внатрешни работи која има ѕидови од стакло? Оваа градба стана симбол за отчетност и транспарентност на работењето на владата. Стаклените ѕидови симболизираат дека работата на владата треба да биде видлива и отворена за сите граѓани, без тајни и скриени одлуки. Оваа архитектонска идеја покажува како транспарентноста може да биде визуелно претставена и поттикнува владеење без корупција и злоупотреба на моќта.



нарекува транспарентност во владеењето. Со помош на денешната технологија, спроведувањето на транспарентноста е доста олеснето.

Добро организираниот ученички парламент има план за работа за тековната учебна година. Него го објавува на огласна табла. На огласната табла се поставуваат и извештаи од одржаните состаноци. Тогаш можеме да кажеме дека ученичкиот парламент работи транспарентно.

ОДГОВОРНОСТ

Секој треба да сноси одговорност за своите постапки. Во едно демократско општество секој треба да е свесен дека одговорноста за таа држава е на сите нас. Власта сноси одговорност за начинот како владее со државата. Почитувајќи ги отчетноста и транспарентноста во своето владеење, власта покажува дека е спремна да ја преземе одговорноста за донесените одлуки.

Ако има отчетност и транспарентност во работењето на вашиот ученички парламент, тогаш тој ја презема одговорноста за своето работење. Ако не е така, тогаш треба сериозно да размислите за кого би гласале следната година или дали треба да се преземат демократски мерки за промена на претседателот уште во тековната учебна година.

НЕПРИСТРАСНОСТ

Еден од поголемите проблеми со кои се соочува демократското општество е тоа одлуките на власта да останат непристрасни кон некој или нешто. Сепак, власта е составена од индивидуи, личности кои имаат потреби и желби кои се однесуваат на нив или на нивните блиски. Одлуките кои се носат од страна на власта можат да повлијаат на нивните животи. Вистинската демократска власт е онаа што донесува непристрасни одлуки, кои ќе донесат бенефит за целото општество.

Ако, пак, власта пристрасно влијае врз донесувањето одлуки, закони, пресуди, за да некоја нивна блиска личност има добивка од тоа, тогаш имаме појава на **непотизам** во општеството. Непотизмот е девијантна појава во општеството.



Корупцијата го руши владеењето на правото

КОРУПЦИЈА

Друга таква непожелна појава во општеството е корупцијата. Корупција е давање некому нешто за да

Знаеш ли дека...

... во 2003 од страна на Обединетите нации 9 декември е прогласен за Меѓународен ден за борба против корупцијата? Целта на овој ден е да се подигне свеста за штетните последици од корупцијата и да се поттикнат напори за нејзино спречување и борба против неа. На овој ден, во многу земји се одржуваат активности и кампањи за едукација и промовирање на транспарентност и отчетност во општеството.



Знаеш ли дека...

... во Индија има банкнота од 0 (нула) рупии, која е наменета за давање на корумпираните службеници? Оваа банкнота од 0 рупии е дел од кампања против корупцијата која започна во 2007 година. Граѓаните ги користат овие банкноти како симболичен протест кога службениците бараат мито. Наместо вистински пари, тие добиваат порака дека луѓето се свесни за своите права и не прифаќаат корупција.



Банкнота од нула рупии

добиеш нешто што не би ти следувало. Корупцијата е една од најштетните појави во едно демократско владеење. Најчести примери за корупција во демократските општества се оние каде што за материјални добра, односно давање **мито**, се носат одлуки на власта кои се спротивни од владеењето на правото. Односно: се носат закони и одлуки кои не се во корист за мнозинството граѓани, се ослободуваат оние што треба да бидат затворени и сл.

Сите граѓани имаат одговорност да се борат против девијантните појави во демократското општество. Како што рекол Мартин Лутер Кинг: „Молчењето на добрите луѓе е поопасно од бруталноста на лошите луѓе." Затоа, не смееме да молчиме кога ќе се соочиме со вакви непожелни ситуации, туку треба да ги пријавиме во надлежните институции кои се одговорни за справување со овие појави.



Мартин Лутер Кинг, борец за човекови права

Размисли и одговори...

1. Дали според тебе ученичкиот парламент работи отчетно и транспарентно?
2. Што би сторил ти ако се најдеш во ситуација некој да бара мито од тебе?
3. Што би направил ако забележиш случај на непотизам во твоето училиште?

Запомни

- Добра власт би била онаа која би ги исполнила принципите за добро владеење: отчетност, транспарентност, одговорност, непристрасност.
- Отчетност е давање извештај за сработеното од страна на власта пред гласачкото тело.
- Транспарентност е јавно известување за сработеното од страна на власта. Кога власта е отчетна и транспарентна, велиме дека е одговорна и непристрасна.
- Корупцијата и непотизмот се злото за општеството и за правната држава.

ПРОВЕРИ КОЛКУ НАУЧИ

VIII.1. Демократија и демократско уредување

1. Набројнеколкупричинизоштолуѓетосездружувалевозаедници.
2. Што е тоа општество?
3. Што значи демократија?
4. Што претставува општественото уредување?
5. Илустрирај со пример како изгледала атинската демократија.
6. Спореди монархија и демократија.
7. Дали е праведно некој да биде исклучен од гласање? Зошто?
8. Како се разликува современата демократија од атинската?
9. Предложи начин како учениците би можеле да учествуваат во донесување одлуки во училиштето.
10. Објасни со свои зборови зошто демократијата се смета за најдобро уредување денес.

VIII.2. Видови демократија

1. Кои се двата основни вида демократија?
2. Објасни што е непосредна демократија.
3. Кој е вклучен во донесувањето на одлуките потребни за управување на државата во непосредната демократија?
4. Дај пример за непосредна демократија од секојдневниот живот.
5. Објасни што е претставничка демократија.
6. Што избираат гласачите преку претставничката демократија?
7. Како е поделена претставничката демократија?
8. Спореди претседателска и парламентарна демократија.
9. Зошто мислиш дека непосредната демократија е тешко да се спроведе во големи држави?
10. Што е тоа референдум?
11. Како избраниот претседател на одделението ја претставува вашата волја?

VIII.3. Демократски избори

1. Кој е основната алка во едно демократско уредување?
2. Што значи да се биде полнолетен граѓанин?
3. Која е најважната разлика помеѓу малолетните и полнолетните граѓани во едно демократско општество?
4. Објасни зошто полнолетните граѓани имаат право на глас.
5. Што се избира на локални, а што на национални избори?
6. Опиши како изгледа гласањето на избори.
7. Зошто е важно сите граѓани да учествуваат на избори?
8. Процени какво влијание има гласот на еден граѓанин.
9. Замисли дека си кандидат за претседател на одделението. Како би ги убедил соучениците да гласаат за тебе?

10. Дали сите полнолетни лица можат да бидат кандидати на избори?
11. Објасни што значи демократски избор.

VIII.4. Поделба на власта

1. Кои се трите власти во државата?
2. Што е Устав?
3. Како е поделена власта во нашата држава според Уставот?
4. Опиши што е работа на Собранието.
5. Од кој е составена Владата ? Каква цел има таа?
6. Кој ги бира премиерот и министрите?
7. Објасни каква улога има претседателот.
8. Каква е функцијата на судовите?
9. Спореди работа на премиер и претседател.
10. Зошто е важно властите да се поделени?

VIII.5. Владеење на правото

1. Што имаат за цел законите?
2. За кого и како важат законите во една правна држава?
3. Набројте неколку древни законици.
4. Што значи владеење на правото?
5. Кои се клучни елементи за владеење на правото?
6. Објасни зошто законот треба да важи за сите.
7. Спореди правила во училиште со закони во државата.
8. Како се чувствуваат граѓаните кога знаат дека законот важи за сите еднакво?
9. Процени дали е праведно некој да има „повеќе" права од друг.
10. Зошто е важна независноста на судството?
11. Како можеш ти, како ученик, да почитуваш правила и да придонесеш кон правичност?

VIII.6. Принципи на добро владеење

1. Кои се главните принципи на добро владеење?
2. Објасни што значи „отчетност" во контекст на ученичкиот парламент.
3. Зошто е важно транспарентноста да се спроведува преку јавно објавување на документи и извештаи?
4. Што покажува власта кога постапува отчетно и транспарентно?
5. Објасни ја поврзаноста меѓу отчетноста и довербата на граѓаните во власта.
6. Разликувај непотизам и корупција преку конкретни примери.
7. „Молчењето на добрите луѓе е поопасно од бруталноста на лошите луѓе." Што сака да каже Мартин Лутер Кинг со оваа изјавата?
8. Што би се случило со едно општество ако недостасуваат транспарентност и одговорност кај власта?
9. Што значи кога велиме дека власта треба да биде одговорна за своите постапки?
10. Наведи конкретен пример од секојдневниот живот каде што си забележал транспарентност или недостаток од неа.
11. Зошто е важно учениците да се вклучуваат во откривање и спречување на девијантни појави како непотизам и корупција?

РЕЧНИК НА НОВИ И НА ПОМАЛКУ ПОЗНАТИ ЗБОРОВИ

агора – плоштад во старите грчки градови, централно место за собирање на луѓето.

агруми – овошја со кора и киселкаст вкус, како портокал, лимон, мандарина и цитрон.

Азурен Брег – средоземниот брег на југоисточниот дел на Франција до италијанската граница.

аквадукт – водовод изграден како мост по кој се носела вода до градовите.

акропола – утврден дел од градовите, најчесто изграден на возвишение или рид. Тие биле одбранбени тврдини, но и административни и верски центри на градовите. Еден пример за ваква акропола е скопското Кале.

акт – постапка, дело.

алфабет – азбука, писмо во кое има еден знак за еден глас.

ареопаг – совет на стари и мудри луѓе во Атина, кој носел важни одлуки.

аристократи – богати и влијателни луѓе кои имале највисоки функции во општеството.

аристократија – владеење на благородниците.

археолошка култура – група од слични предмети, градби и начин на живот што археолозите ги наоѓаат на одредено место. Луѓето кои ги оставиле тие траги имале заеднички обичаи, технологии и начин на живеење.

атлас – збирка географски или друг вид карти.

балсамирање – постапка со која телото на починат човек се премачкувало со посебни масла за да не се распадне.

барбари – народи и племиња што не зборувале грчки или латински, или пак имале култура различна од грчката и римската.

барбарски племиња – народи надвор од Рим, кои зборувале непознати јазици и живееле поинаку, често сметани за „диви" од Римјаните.

бенефит – некаков вид добивка или корист.

биста – скулптура што ги прикажува само главата, вратот и градите.

броен размер – претставување на размерот со броеви, на пример: 1 : 100.000.

бузуки – грчки музички инструмент сличен на мандолина, со долг врат и метални жици.

варовник – вид камен кој многу се користел во градежништвото.

вето – право на поединец или држава да се спречи донесување на некој заклучок или одлука.

власт – сила која управува, владее со државата.

воена експедиција – воен потфат во кој се испраќа војска на странска територија, со цел да се истражи, да се освои или да се даде поддршка на некои сојузници

галактика – ѕвездена групација од стотици милијарди ѕвезди.

географска должина – аголно растојание на која било точка во однос на Гриничкиот меридијан.

географска карта – цртеж на Земјината површина, на одделни нејзини делови, континенти или држави.

географска ширина – аголно растојание на која било точка во однос на екваторот.

географски глобус – модел на Земјината топка што се врти.

герусија – совет на старци што управувал со градот Спарта.

гипс – мек бел или сив минерал што се стврднува во допир со вода.

гласачко тело – сите гласачи земени како целина.

глобално – за целиот свет.

годови – концентрични прстени на површината на пресечено стебло од некое дрво.

град-држава – мала држава создадена околу еден градски центар.

градоначалник – претседател на една општина или град.

граѓанин – жител, државјанин на една држава.

графички размер – претставување на размерот на линија со помош на размерници.

Гринич – населено место во близина на Лондон, каде што се наоѓа Кралската опсерваторија за астрономски истражувања.

гувернер – управник на народна банка.

густина на населеност – колку луѓе живеат на површина од еден km^2.

датумска граница – линијата од спротивната страна на Гриничкиот меридијан, каде што се менува датумот.

девијантно однесување – непожелно, неправилно однесување.

делта – многу разгрането устие на река.

демократија – владеење на народот.

демократија – Државно уредување во кое сите граѓани учествуваат во носењето одлуки

демос – обичниот народ, односно граѓаните кои немале многу моќ или богатство.

дестинација – цел на патување, место каде што сакаш да стигнеш.

дијадохи – генерали и соработници на Александар Велики кои управувале со делови од неговата држава по неговата смрт.

дијаспора – народ што се иселил во странство, но сè уште се чувствува дел од својата земја.

династија – владеење од иста фамилија, каде власта се пренесува од татко на син.

династија – низа на владетели од исто семејство кои владеат еден по друг; во рамките на една династија, власта се пренесува по наследство, обично од татко на син, или на друг близок роднина.

доминат – власт во која царот имал апсолутна моќ и се сметал за господар.

драхма – грчка мерка за тежина, околу 4,5 грама; така се нарекувала и сребрената монета со иста тежина.

држава – организирана општествена заедница на луѓе кои живеат на одредена територија, на која има органи на власта, закони и војска.

дух – замислена, невидлива, натприродна сила.

еволуција – постепено и бавно развивање и менување на живите организми од генерација во генерација.

екватор – замислена кружна линија што минува на еднакво растојание од половите на Земјината топка и ја дели на две полутопки.

еквидистанца – висинска разлика помеѓу изохипсите.

екслиптика – привидниот пат на Сонцето на небесната сфера.

експедитивно – навремено.

експлоатира – да се користи нешто што постои (руди, нафта, дрво или сл.), за да се добие нешто корисно (енергија, производ или сл.).

елипсоид – геометриско тело што настанува со ротирање на елипса околу сопствената оска, наликува на сфера во која сите пресеци со рамнини се елипси.

енеолит – друго име за бакарното време.

епопеја – долга поетска приказна за големи јунаци, важни настани или митски случки; обично е напишана во стихови и раскажува за храбри дела, војни или патувања.

еснафи – здруженија на занаетчии и трговци кои работеле во иста дејност и си помагале меѓусебно.

залив – дел од морската шир што подлабоко навлегува во копното.

Земјина револуција – движењето на Земјата околу Сонцето.

Земјина ротација – вртење, кружење на Земјата околу својата оска.

зенит – кога Сонцето е највисоко на небото над една точка.

зигурати – степенести храмови во Месопотамија, изградени како високи кули во чест на боговите.

зонско време – времето на секоја од дваесет и четирите часовни зони на Земјата.

изохипса – линија што на географската карта ги спојува местата со иста надморска висина.

интервенција – моќ да се одлучува и дејствува.

индивидуа – единка, личност која е дел од општеството.

инсули – високи згради со многу станови, во кои живееле посиромашните луѓе во стариот Рим.

кавсија – посебен вид капа што ја носеле старите Македонци.

калдрма – стар пат или улица направена од мали камења, наредени едно до друго, честа појава во старите медитерански и балкански градови.

камеја – вид резба во камен, минерал или школка, со испакната слика, обично портрет или сцена со фигури.

кантон – автономна територијална единица во состав на Швајцарија.

карстно езеро – природно езеро што се формира кога водата ќе се собере во вдлабнатини создадени од растворање на карпите.

картографска мрежа – мрежа од напоредници и меридијани, или географски координатен систем.

клинопис – писмо со знаци во облик на клинови, користено во Месопотамија

колонизација – процес кога еден народ се преселува и создава нови населби надвор од својата татковина.

колонии – нови населби што ги основале старите народи (како Грците) на други места.

колосеум – римски антички амфитеатар во кој се одржувале гладијаторски игри, натпревари и претстави пред илјадници гледачи.

компас – направа со магнетна игла со чија помош се определуваат страните на светот, служи за ориентација во просторот.

консули – најважните магистрати во времето на Републиката; секоја година се избирале по двајца.

континентално – што се наоѓа подлабоко во внатрешноста на континент, на копно.

координата – еден од елементите за одредување на положбата на една точка на рамнина или во просторот.

корупција – поткупливост; кога некој користи својата моќ или позиција за да добие пари или друга корист на неправеден начин.

кота – точка на надморска висина означена на географска карта со бројка.

кралство – држава во која владее еден владетел – крал или кралица.

кратер – голем сад што се користел за мешање вино со вода.

кратер – голем сад што се користел за мешање вино со вода.

крстосување – патување со туристички брод.

култ – почитување на некое божество преку извршување на одредени ритуали.

лагуна – мало и плитко крајбрежно езеро.

латифундии – огромни земјишни имоти обработувани од робови и слободни наемници.

легенда – приказна за некои далечни случувања или личности, чие постоење не е докажано со сигурни историски извори.

легенда (кај географска карта) – список со знаци и нивно објаснување.

легија – голема група војници во римската војска.

лембос – брз илирски воен брод.

либурна – вид лесен и брз брод, подоцна користен и од Римјаните.

либурнска ескадрила – група воени бродови (од типот либурни) што заедно се движеле и напаѓале.

лидери – луѓе кои ја водат групата.

локалитет – место на кое се најдени материјални остатоци од минатото и на кое се вршат археолошки ископувања.

лунарен (месечев) календар – календар во кој должината на месеците зависи од месечевите мени.

магистрати – државни службеници во Рим, кои ги избирало Народното собрание.

макија – ниска шума од густи и жилави грмушки, која расте во топли и суви крајбрежни области покрај Средоземното Море.

мандатар – лице овластено да формира влада.

матријархат – општество во кое главна улога имале жените, особено мајките.

Медитеран – Средоземје, земјите што излегуваат на Средоземното Море.

меридијани – замислени кружни линии што ги сечат напоредниците и ги поврзуваат двата пола на Земјата.

месно време – времето во некое место; секое место на Земјината површина има свое месно време.

министер – член на влада, што управува со некое министерство.

мит – приказна во која се зборува за богови и за херои.

мито – пари или подароци дадени тајно и незаконски, за некој да направи нешто во нечија корист што не е чесно.

мов – зелена растителна покривка која живее на влажни површини.

монархија – владеење на еден човек, монарх (крал, цар, фараон, шах, султан исл.).

монденско – убаво, модерно и луксузно место каде што одат богати и познати луѓе.

мумија – тело на покојник, обработено со средства за зачувување на телото.

мумификација – процес на зачувување на телото по смртта, со цел да остане нетруло – како што правеле Египќаните.

напоредници – паралели, замислени кружни линии на Земјината топка, паралелни со екваторот.

народен правобранител – лице чија функција е да ги брани правата на граѓанинот наспроти јавната власт.

независна држава – држава членка на Организацијата на Обединетите нации.

неолит – друго име за младото камено време.

непристрасност – донесување одлуки кои се правилни за општеството, без двоумење дали тие би биле штетни за тебе или за твоите блиски.

нимфи – суштества од грчката митологија, убави млади девојки поврзани со природните елементи.

октодрахма – голема сребрена монета која вредела осум атински драхми.

олигархија – државно уредување во кое мал број луѓе (обично најбогатите, најмоќните или највлијателните) ја имаат целата моќ во државата.

општински советник – член на општински совет со право на глас.

орбита – патека по која се движат небесните тела или вештачките летала.

ориентација – определување на местоположбата на дадена точка.

оска – замислена права околу која се врти некое тело.

ослободеници – поранешни робови, кои биле ослободени од своите господари.

палеолит – друго име за старото камено време.

пантеон – збирот на сите богови во некоја религија или митологија.

парламент – собрание.

партија – група луѓе обединети од некакви општи интереси или цел.

патопис – запис за настан или место, направен при некое патување.

патријархат – општество во кое главна улога имале мажите, особено татковците.

патриции – богати и моќни граѓани во стариот Рим, кои имале важни политички права.

патрициј – членови на старата римска аристократија; во еден период, тие ги контролирале сите политички и верски функции во Република.

пелтаст – лесно вооружен војник, кој носел мал дрвен штит, наречен „пелта".

периоќи – слободни луѓе во Спарта кои не биле граѓани; се занимавале со трговија и занаетчиство.

план – карта со крупен размер, за детално претставување на мали површини од Земјата (градови).

планински венец – група на поврзани планини што се наредени една до друга и се простираат како синџир по должина на некој простор.

платеници – војници кои се борат во туѓа војска за плата.

плебејци – обични луѓе во Рим кои немале многу права, но со време добиле политичко влијание.

полис – град-држава.

портрет – уметничко претставување на некоја личност, најчесто на лицето или горниот дел од телото

правна држава – држава во која владее правото, односно, која функционира според Уставот и законите и која гарантира заштита на човековите права и слободи.

пратеник – претставник, односно член на собранието, избран на парламентарни избори.

премиер – претседател (шеф) на влада.

претседател – шеф на држава избран на демократски избори.

принцепс – назив што го користел царот Август и значел „прв граѓанин" или „прв човек во државата".

принципат – вид на владеење во Рим, каде што царот (принцепс) владеел како „прв меѓу еднаквите", но државата сè уште имала органи од Република.

природен прираст – бројно зголемување или намалување на населението како резултат на разлика помеѓу новородените и умрените на годишно ниво. Прирастот може да биде позитивен, негативен и стагнирачки.

пристис – голем брод со повеќе редови веслачи.

провинција – територијална единица создадена на местото на покорената држава; со провинциите управувале управници, испратени од Рим.

проток – теснец, тесна водна површина која поврзува две поголеми водни површини.

рабни мориња – мориња покрај брегот на континентот, како дел од поголемо море или океан.

размер – број што покажува колку пати се намалени димензиите на картата во однос на димензиите во природата.

религија – верувањето на човекот во бог или богови; систем од верувања и обреди за почитување на боговите.

референдум – гласање на сите гласачи за решавање на некое особено важно прашање.

реформи – промени или подобрувања што се спроведуваат во некоја држава за таа да стане поправедна и подобро организирана

ривиера – приморје.

сарис – долго копје што го користеле војниците во македонската фаланга.

саркофаг – украсена камена кутија во која се ставале телата на важни луѓе по смртта.

Сахара – најголемата пустина во светот, сместена во северниот дел на Африка, позната по жешката клима, песочните дини и многу малку растителен свет.

светско време – локалното време на Гриничкиот меридијан.

свештеник – службеник во храмот, кој претставувал врска меѓу луѓето и боговите и затоа имал големо влијание.

Сенат – најмоќното тело во Рим, составено од поранешни магистрати и најбогатите луѓе во државата.

ситула – метален сад во облик на кофа.

сместувачки капацитети – хотели, апартмани, кампови, вили, хостели и други објекти во кои туристите престојуваат додека го посетуваат некое место.

соларен (сончев) календар – календар во кој должината на месеците зависи од положбата на сонцето во однос на ѕвездите.

соларна енергија – енергија произведена со користење на сончевото зрачење.

спартијати – вистинските граѓани на Спарта, богати и храбри војници кои имале најмногу права.

стадиј – старогрчка мерка за должина, еднаква на околу 160 метри.

статуа – голема фигура направена од камен, метал, дрво или друг материјал, која прикажува човек, животно или некој предмет.

субрегион – поделба на регион на помали делови

суд – самостоен и независен државен орган за спроведување на правдата.

тетрадрахма – сребрена монета која вредела четири атински драхми.

топографска карта – карта за богато и прецизно претставување на поголеми површини од Земјата (општини и помали региони од држави).

тотем – предок, зачетник на родот или на племето; столб со приказ на предокот или заштитникот

трирема – брз антички брод со три реда веслачи.

триумф – славен влез на победникот во Рим, со парада, музика и народна прослава.

тутор – наставник или подучувач, најчесто приватен, кој ги учел децата.

Устав – основен закон на една држава.

фаланга – воена формација на македонската пешадија, каде војниците стоеле во редови со долги копја.

фараон – име (титула) на кралевите на Египет.

фауна – животински свет.

физичка карта – воопштена карта во среден или во ситен размер, за претставување на многу големи површини од Земјата (држави, континенти или целиот свет).

флора – растителен свет.

флота – организирана група на бродови кои пловат заедно.

фреска – слика што се црта на свеж, влажен малтер на ѕид или на таван.

хејлоти – робови во Спарта кои работеле на земјата и немале никакви права.

хеленизам – сплотувањето на културата на Македонија и Грција со културата на источните земји што ги освоил Александар.

хеленистички кралства – се нарекуваат кралствата што се создале со распаѓањето на империјата на Александар.

хеленистички период – времето што настапило по походот на Александар – од неговата смрт, до римското освојување на Египет.

хемисфера – полутопка.

хетајри – блиски пријатели и соработници на македонските кралеви.

хиероглифи – египетско писмо со сликовни знаци.

храм – посебна градба во која се почитуваат еден или повеќе богови со најразлични обреди.

цивилизација – развиена човечка заедница, со значителни достигања на полето на науката, културата и уметноста.

цитадела - тврдина, упориште.

чаршија – мрежа на трговски улици од времето на Отоманската Империја, како пазар со многу мали дуќани.

часовни зони – 24 појаси на Земјата со меридијански правец на протегање, каде што секој појас зафаќа по 15 степени географска должина и сите места во рамките на појасот имаат исто зонско време.

четинари – зимзелени дрвја (бор, ела, чемпрес и др.).

швајцарски кантони – засебни територии од кои е составена Швајцарија, ги има вкупно 26.